# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јули 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Трифун Костовски, Зоран Крстевски, Петар Наумовски, Љубе Бошковски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Љубчо Георгиевски Емилија Костадинова, Иван Стоиљковиќ, Есат Рахиќ, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Мендух Тачи, ме известија дека од оправдани причини се спречени да присуствуваат на седницата.

Визуелно можам да констатирам дека немаме доволен број на пратеници за кворум, да причекаме малку, затоа што треба да пристапиме кон гласање на амандмнаот.

Објавувам пауза до 10,30 часот, за да се собере кворумот.

(По паузата)

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам службите да го утврдат бројот на пратениците во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници .

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Претресот по амандманот на членот 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63 на член 10 под б) за бришење на точката 77, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоск, Сашко Кедев, Марија Којзеклсика, Ефтимманев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошковски, Ристо Пејовкси, анка Самоилова Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајновски, Ристана Лалчевска, е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 5 пратеници гласале за, 57 пратеници гласале против, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандмнот на член 10 под б) за додавање нова точка 64-а по точката 64, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за локална самоуправа, г-динот Гештаковски.

Повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе,

Пратеникот Спиро Мавровски останува доследен на своето размислување и својата концепција дека малите општини по неговото мислење би требало да продолжат врз основа на досегашните резултати. Овој амандман е за најмалата општина во РМ, тоа е Старавина, со 316 жители, а седиштето во селото Старавина е 23 жители. По еден жител на километар квадратен население.

Би сакал, концептуално, сигурно мислам дека на пратеникот Мавровски, кој ќе ги брани овие концепти да му укажам на целокупниот дел на концепт на селото Старавина, особено на Маријово и на помалите општини.

Господине Мавровски, има аргументи за малите општини од аспект на достапност и комуникации. Но, во овој период на развој на РМ и овие години малите општини направија одреден развој во делот на инфраструктурата, што е услов за подобрување на животот. Концепцијата на Владата и на одредени експерти во овој период констатираат дека на РМ овие мали општини кои имаат свои потенцијали им е потребноодредено окрупнување. Како што вели еден теоретичар маото е навистина убаво, но во овој период на РМ во територијалната административна организација на општините потребни се посилни општини, со поголема економска база, пред се, комбинирана со ниски трошоци. На овој начин сигурно може да алоцираме за финансирање на развојните проекти, особено со настојувањата на РМ за земање на дел на развојни средства кои ќе го забрзаат економскиот развој. Факт е дека на дел на инфраструктурата со грантови е направен одреден развој во инфраструктура, водоснабдување, канализација и слично. Во РМ, за она вие што зборувате , иселувањето треба да го направиме обратниот процес. Процес на враќање во создадена одредена база на селата. Не се македонските села она што беа кога се напуштаа. Оптимал према теоритичарите и вие зборувате за дел на одалеченоста, има едно правило , кое во основа е прифатливо, одредена општина би требало одалеченоста од едно до друго село или до центарот да изнесува 30 минути оддалеченост со патничко возило.

Последно што сакам да ви укажам е дека најновите испитувања од економските експерти и врз основа на оваа расправа во РМ за делот на големината на општините во РМ и за целокупната заинтересираност на стручната јавност укажуваат дека оптимална општина во РМ во делот на руралнит еобидинвуања и најмала оптимално општина е околу 6 илјади жители,од аспект пред се на трошоците и од аспект на таканаречениот економиј ан аобем и развој на Републиката. Сметам и сум убеден дека овие општини ќе имаат свој развој во делот на економските потенцијали или развој на економијата.

Благодарам, амандманот не се прифаЌа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Мавровски имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, благодарам и за објаснвуањето од г.министер.

Сепак, ќе се обидам да ги убедам пратениците дека ова што го говориме заслужува внимание. Се работи за нешто,како штокажа и министерот, за најмалата општина во РМ. Но, по многу други показатели мислам дека заслужува внимание дека може да опстои и да егзистира сама.

Амандманот кој што е поднесен говори за нешто што кажа и министерот дека тоа е рурална општина, која иако е повеќе од евидентно ги докажа своите економски и други потенцијали за нејзино опстојвуање, што понатаму ќе биде образложено. Сепак, се предлага таа да се укине и да се приклучи кон друга општина. Неразбирливо е зошто општина како Старавина, во која постојат индустриски земјоделски капацитети кои го обезбедуваат најзиниот сигурен економски опстанок и развој, што е еден од главнит екритериуми за децентрализацијата, сепак, се оди со укинување на оваа општина. Тоа претставува директно кршење на оснвоните принципи, на кои еден ваков закон треба да се темели. Жителите на оваа општина цврсто го бранат опстанокот на општина Старавина и јавно го изразија овој нивни став преку референдум, којшто беше распишан и стопосто застана на страната на останвуање на општината Старавина. Референдумот беше одржан на ден 18.01.2004 година. За разлика од другите места тука беше стопостотно подржано ова штоопштината Старавина и понатаму треба да опстои и да егзистира во сопствените граници.

Јас сега би сакал да образложам зошто е потребно задржување на статутот на општината за општина Старавина. Таа опфаќа една голема територија од некаде 330 км2. Претставува чиста еколошка средина, една од ретките во Европа, за која што и досега говоревме и ако проодлжи вака и по бројот на жители ќе остане само територија, нема да биде ни општина, нема да има ни луѓе. Производство на природна и еколошки здрава храна коај што може да ја обезбеди во секое време. Проблем е инфраструктурата и она што го говоревме до сега. Идеални услови за селскиот туризам, лов и риболов се повеќе странски гости од соседна Грција доаѓаат на тие ловишта. Мислам дека тука е големиот развој. Голем капацитет на рудни и шумски богатства. Шуми има повеќе 33 илјади хектари. Богато културно наследство, манастири, цркви, богата историја.

Маријово, поточно Старавина е вистинска културно историска македонска ризница. Прекуграничната соработка со Република Грција има доста контакти со градоначалниците со соседните грчки општини. Заради сите овие факти и општината Старавина во последните неколку години доби подршка и од странските амбасади на РМ , посебно од Американската и Германската. Сето ова се случува во период кога после 1996 година Старавина или битолскиот дел на Мариово е самостојна општина. До 1996 година во регионот на битолско Мариово во општината Старавина не е инвестиран ниту еден денар од страна на државните институции. Затоа, сликата се променува од 1996 година. Сега, овој дел на битолско Мариово е распнат меѓу две можности. Да биде предмет на развој и инвестиции, за што и вие пред малку зборувавте, во што и она што значи развој на општината Мариово како што е предвиден, треба да го очекуваме, со укинвуањето на статусот општина да се направи вистински атак врз живото на ова подрачје и дефинитивно да остане само еколошка чиста средина без население. До 1960 година постоеше општина, во која влегуваше делот на битолско Мариово. Со укинувањето на општината започна процесот на миграција и масовноиселување село-град. Така, ова битолско Мариово благодарение на ваквите процеси во регионот, со 6 илјади жители станув аместо во кое едвај живеат 500 жители. Еве, што се нарпави во рамките на делвуањето на локалната самоуправа и нејзините надлежности. Се изгради регионалнито водовод Мариово, од кој со вода за пиење се снабдуваат селата Градешница, Старавина, Будимирци и Зовиќ. Се обнови далноводот од Прилеп преку Бешиште до селата Градешница, Будимирци, Старавина и Зовиќ. Има поставено повеќе од 80 бетоснки столбови. Вакви исти се поставениво селата Орле, Маково и Рапеш. Се пробија и се тампонираа локалните патишта до селата Зовиќ и Будимирци кои дотогаш беа непроодни за патнички моторни возила. Истото е направено и до селата Брник и Груниште. Се асфалтира локалниот пат Старавина-Градешница во должина од 3:5 километри. Се асфалтира  регионалниот пат Рапет-Старавина во должина од 3 километри. Пробиен е пат до манастирот Св. Димитрија во селото Будимирци со должина повеќе од 5 км. Се асфалтирани услици во сеалта Рапеш, Маково и Орле, а исто така се направени и полски пристапни  патишта во селата Орле, Маково и Рапеш и во секое од овие села се тампонирани улици во должина од 8 км. Во сите села во општината Старавина поставено

е улично осветление. Изработен е генерален урбанистички план за населбата Старавина и изготвена е урбанистичка документација за населбата Маково. Поставен е телефонски приклучок во секое село сателитски предавател, од кое секое семејство ќе може да добие телефонски приклучок. Изградени се водопоила, поставена е прочистителна станица на резервоарот за вода во село Градешница, изграден е водовод во селото Зовиќ, изграден е водовод во селото Груниште. Со поставувањето на предавателот на Македонската телевизијаодобрен е приемот на програмите што ги имитува првиот и вторито канал. Сето ова можеби на некој ќе му изгледа чудно и смешно овие 3 км, 5 км. пат, но незнам колку од пратениците биле во можност да го посетат Мариово, да ги видат овие места, во моментот кога тоа беше направено, тоа изгледаше како да се случува некаде на друго место на некоја друга планета, затоа што селата после 1960 година, значи повеќе од 40 години, повеќетоод куќите,како штокажа и министерот, се оставениво една ситуација каде што се распаѓаат, а последните 2 , 3 години веќе гледаме изградба на нови куќи и тоа е за поздравуање. Понатаму, мислам како што функционираме во градовите и како што функционира нашето стопанство дека многу брзо ќе се зголемува бројот на овие куќи.

Покрај обидите за инфраструктурно подобрување на територијата што го опфаќа регионот на општина Старавина како еден од основните услови за ревитализација на овој крај, преку подобрување на квалитетот на животот,обезбедена е и концесија за производство на негазирана вода, со што се отвораат можности за вработување. Тоа е повеќе од јасно, што би значело една таква инвестиција за општина Старавина.

Исто така,како штокажав и минатиот пат во Македонски шуми и Кајмакчалан - Битола произведува и сече трупци на овој простор, така што одвојвуањето со новите зафаќања на фискалната политика во нашите општини мислам дека ќе биде добволно за да може да опстојува оваа општина.

Благодарение на градоначалникот и работењето на општината Старавина се направија многу активности и донесени се многу донации од повеќе странски инвеститори кои што ги дале и обезбедиле едно подобро живеење, затоа што министерот не кажа колку се средствата што тие ги имаат во општината Старавина, но во секој случај овие инвестиции , некаде едната од 30 илјади евра, другата од 15 илијади евра, можеби се

мали, меѓутоа, за една таква општина се доволни и побогати општини од општина Старавина ги немаат овие средства.

Инаку, сепак, од најголемите зафати, најзначајно е асфалтирањето на дел од регионалниот пат во 2002 година во должинаод 8 км. од селото Рапеќ до селото Градешница. Отворена можност постои со помош на амбасадата Американска, заедно со амбасадите од Скадинавските земји тој пат да биде завршен, со тоа што тие ќе го финансираат доасфалтирањето на овој регионален пат, чија должина изнесува 13 км. На оваа териоторија на општината Старавина постојат идеални услови, за отворање на мали преработувачки капацитети за дрво, отворање на мини фарми, кои што во минатото Мариово ги имало и голем број н аовци, кози, така што преработката на овошни плодови, преработувачки капацитети за месната индустрија, откуп на печурки и нивна преработка. Сето ова може да обезбеди добро опстојување за една мала општина со овие средства и нема да иманикакви проблеми и голем дел од овие луѓе би се вратиле пак.

Од страна на државните институции во последните 50-тина години направени се големи неправди и грешки кон селата од битолскито дел на Мариово. Дел од тие неправди се корегираа со Законот за териоријална поделба од 1996 година. Сега повторно Собранието на РМ и Владата при донесувањето на новито закон за териоријална поделба се на прагот да донесат законско решение, со која општина Старавина не само што ќе го изгуби својот статус, тукувистински постои опасност од замирање на живото во овој регион. Жителите на општина Старавина и сите мариовци во РМ кои ги има повеќе од 50 илјади и надвор од неа, се надеваат дека Владата и Собранието на РМ нема да ги повторат грешките од минатото и ќе и овозможат на општина Старавина да го задржи статусот на општина, за да може да живее и да се развива.

Мариовокако подрачје, општина Старавина како дел од него отсекогаш било предмет на планирање и секогаш било опфатено со развојните планови на Битола, Прилеп и Кавадарци. Меѓутоа, никогаш не му е дадено посебно значење и никогаш одделно не бил планиран неговиот развој. Во 1983 година превземена е конкретна активност, Институтот за просторно планирање од Охрид направи просторен план за развој на Мариово до 2000 година. Но, за жал, од тоа никогаш ништоне беше

реализирано. Непознати се причините зошто. Времето гонаправи своето, населенеито го напушти Мариово, а останаа само старечки семејства и поединци и молејки се на Бога ги чекаат последните моменти од овој овоземен живот.

Но, господине минситре, би сакал да ви укажам и на други работи, а тоа се ставовите на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, кои што бе аупатени сигурнои до вас како предлагач на овој закон, во којшто се инсистира на стручни и научни критериуми што ќе бидат правични, објективни, сеопфатни и транспарентни. Заедницата на единиците на локална сампуправа бара од Владата доследно почитување на утврдените критериуми и потиснување на политичките и етничките критериуми при територијалната организација.

Многу посебно во сето ова , во одреден мал број на случаи, во кои што го ставам и ова, општина Старавина, поради специфичните национални, економски, културолошки, природно географски специфики на одредени заедници, да се овозможи овие заедници да имаат статус на општини, иако не исполнуваат одредени критериуми , кои вие пред малку ги кажавте. Затоа што, вакви критериуми кај многу општини видовме досега дека се многу варијабилни . Еден од критериумите беше да има 6 илјади жители, но гледаме дека и општини кои имаат 30 илјади жители припојуваме уште нови 20 илјади, за да добиеме уште поголема општина од 50 илјади жители.

Тие критериуми цело време варираат.

Уште еднаш ќе потсетам на почитувањето на членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа, од страна на Владата. Тоа почитување значи и ова што ви го кажав референдумот од 18.01.2004 година, тоа е желбата на граѓаните кои треба да живеат во една нова општина.

Се поставува прашањето, новата општина во која вие предвидовте да се наоѓа општината Старавина, е општината Новаци.

Пред малку кажавте дека одредена општина може да постои ако далечината со моторно возило треба да се помине во време од 30 минути. Јас и минатиот пат кога зборувавме за општина Бач кажав дека за 30 минути со патничко возило да стигнете од Брод до Новаци, освен ако нема полиција и ако имате некое возило кое може да развие голема брзина и пак се сомневам дека за 30 минути, поради патиштата кои ги има, тешко

да може да стигнете, а во меѓувреме треба да поминете и низ општина Бистрица и низ општина Битола и да стигнете во општина Новаци. Мислам дека токму овие инфраструктурни проблеми кои ги имаат овие рурални средини, едноставно ќе ги натераат граѓаните и за многу поситни работи, за работи кои во моментот можеби ги завршувале многу побрзо и многу поелегантно, сега бидејќи се работи за население каде просечната старост е повеќе од 60 години, многу тешко ќе може да ги остварат оние свои реални права и за основни потврди ќе треба да губат со денови.

Јас сега, бидејќи многу добро ја почнавме дискусијата, рековме дека ќе се убедуваме со аргументи и она што значат факти, пред мене го имам Просторниот план на Република Македонија  во кој се говори точно за  Мариово. Во овој дел, бидејќи, еве доста и од колегите  знаат, она што го слушавме во соцреализмот дека е тоа што нашата држава е многу богата, а испадна на крајот дека немаме ништо. Но, да видиме дали е така и дали правилно цело време ги искористуваме овие природни ресурси и како можеме да ги развиваме овие општини.

Се работи за минералните ресурси кои ги има многу во овој дел од Република Македонија, кои не се искористени, но со концесии може тоа да го направат. Се работи за разновиден геолошки состав и геолошка тектонска еволуција што овозможува да се создадат голем број на лежишта, наоѓалишта и појава на разни неметални суровини од кои, од економски аспект најперспективни се карбонатните суровини, значи мермерот, травертинот, варовници, доломити, магнезит, силицинските творби како што е кварц, кварцит, кварцен песок, опалит, перлин, фосфатите, гипсот, архитектонско градежен камен, гранит и  игнаис. Значи сето тоа може да се експлоатира со една правилна распределба и давање под концесии на луѓе кои се заинтересирани да го прават сето тоа.

Друга работа која е многу битна и за што расправавме неколку пати на Собранието, кога бевме убедувани дека Матка 2, Козјак, дека со нивната изградба Република Македонија добива огромни енергетски објекти, објекти кои и понатаму ќе значат живот и опстојување на Република Македонија, но и тогаш и сега стојам на една работа. Гледајќи колку и тоа е преглед за изградба до 2020 година, се надевам дека и овие општини планираме да функционираат малку повеќе од овие 15 години.  Значи ако го видиме

водотекот, тогаш добиваме една многу чудна информација.  Бруто волуменот на Чебрен кај Црна река е 915, со корисни 690. На Матка 2 е 68 со корисни 5. Тоа е една ситуација, да ја кажеме Галиште каде што имаме 356 со 266 корисни. Мислам дека основната енергетска сила, водна, во Република Македонија  е токму Чебрен и Мариово. Колку тука до сега сме виделе, воопшто не сме виделе. Истото се случуваше повеќе од 30-40 години кога истите наоѓалишта во  Живојно, во Брод Неотино, во Суво Дол, остануваат неискористени и добро е што се случи 1975 година и се направи рудникот Суво Дол за да можеме денес да имаме барем нешто наше, на кое ќе бидеме горди сите. Се работи за хидропотенцијал кој во инсталирана снага во хидроелектраната Чебрен може да бие некаде околу 254 мега вати со производство од 292 гига вати часови годишно, а во Галиште била инсталирана снага од 193 мега вати и можност за производство од 257 гига ват часови. Значи вкупно двете електроенергани 450 мега вати со 549 гига ват часови. Што тоа значи ќе се обидам да ви објаснам од постоечките три што ги планираме да ги направиме, Козјак со инсталирана снага од 80 мега вати и производство само на 156 гига ват часови, Бошков Мост и Матка, сите заедно 150 со се Козјак и производство од 360. Значи имаме апсолутно ситуација во која треба  да бидеме многу доследни и како држава, сега се работи за држава, дали ќе можеме да направиме закон што овие хидроелектрани ќе се направат со концесија, дали државата има сила да го направи сето тоа затоа што со приватизацијата на ЕСМ, едноставно не знам дали со било кој закон понатаму ќе дојдеме во ситуација да обврземе некој да направи хидроелектрана и да имаме енергија која ќе ја користиме во Република Македонија. Тоа е само еден дел од тоа што го нуди Мариово и каде треба да се инвестира. Гледајќи го сето тоа мислам дека бројот на луѓето кои би се вратиле, бројот на луѓето кои ќе најдат живот на оваа територија, ќе биде многу поголем. Но, тоа е само хидропотенцијалот.

Во истиот план се работи за тоа што го говорев до сега, рудното богатство со кое поседува Мариово. Во план се изградба дури на три рудници, три рудници кои треба да ги опслужуваат луѓе кои би работеле таму затоа што и сега доаѓаат луѓе што работат во рудникот Суво Дол, од блиските места, и од Демир Хисар и од Прилеп, кои работат во тој рудник. Говориме за период 200-2010 година, бидејќи има две варијанти за развој на Мариово и воопшто на Просторниот план на Република Македонија. Според истата

варијанта на развој потребно е активирање на рудникот Живојно, наменет за потребите на РЕК Битола  и за останатата потроувачка. Врмето потребно за пуштање во погон на овој рудник изнесува 6-7 години, што значи дека веќе по 2000 година има потреба да се отпочне со активности за негова изградба. Според високата варијанта на развој, покрај Живојно потребно е да се активира и рудникот Брод Неотино, како резултат на пуштање во погон на ТЕ Битола 4.

Во периодот 2010-2020 година, спроед двете варијанти на развој се предвидува отворање на рудникот Мариово чија намена главно е за потребите на ТЕ РЕК Битола и дел за останатата потрошувачка. Времето потребно за градба на овој руднк е шест години, што значи дека со неговата изградба треба да се отпочне пред 2015 година. Сето тоа е во ред затоа што калоричната вредност што е утврдена со резервите на јаглен А,Б и Ц, е поголема отколку сегашната во рудникот Суво Дол. Но, гледајќи ги активностите, еве на 26 август се очекува почеток на работите во однос на рудникот Брод Неотино. И јас кажав, ако тоа е сериозно, ако навистина ЕСМ има намера да го прави сето тоа, тоа е во ред, само да не биде уште една прослава и поставување на камен темел, фрлање на две лопати, како што беше на Матка 2 и застанување со се што треба понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски ЕСМ не е на дневен ред. Ве молам аргументите поврзете ги со Старавина.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точно со Старавина. Се е поврзано. Затоа дозвлете да се доизјаснам, па после тоа ако има реплика може да се расчистиме.

По однос на тоа што значи Мариово како подрачје, како територија, мислам дека  и тоа што го предвидува државата понатаму каков ќе биде развојот, гледаме дека се бега од тоа што значи генерално зголемување на градското население и префрлање на сите ситуации во овие неразвиени подрачја. Тоа значи севкупна ревитализација на демографски најзагрозените и стратешки значајни одрачја на државата, ридско-планинските и пограничните одрачја. Тука господине министре сметам дека тоа како директно да е напишано за општината Старавина.

Понатаму обезбедување на услови за позитивни ефекти за ширење на процесот на урбанизација во сите делови на Македонија. Во случајот ако вие тоа го направите со општина Новаци, мислам дека и самите ги знаете капацитетите, без навреда за никого, колкави се капацитетите во општина Новаци за да можеме да задоволиме толкава територија во која ќе влезат и да се грижи за инфраструктурата во овие две нови општини кои се припојуваат, значи Бач и Старавина.

Понатаму обновување на руралните населби во сите делови на Републиката каде за тоа постојат објективни потреби и можности, вклучувајќи го во тоа реалното подбрување на стандардот и квалитетот на живеење на населението. За да го подобриме стандардот и квалитетот на живеењето, што не е случај и за цела Република Македонија, мислам дека треба да се донесат луѓе, сето тоа што го говоревме како план, како предвидување, како почеток на работењето, треба да се земе малку посериозно. Јас стојам на тоа да се разговара уште еднаш, ако постои некоја можност и да се разгледа, затоа што и ставовите на ЗЕЛС беа дека постојат вакви специфични услови и специфични места на кои треба да им се обрне малку поголемо внимание од она што значат строги прописи и правила кои гледаме дека во многу општини се прекршуваат.

Понатаму, промената на структурата на вработеност на селското население, преку натамошна деаграризација и зголемување на вработеноста во неаграрни дејности, паралелно со функционалното и структурно екитирање на руралните населби, токму го подразбира ова и стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните што во случајот говориме за најмалата општина во Република Македонија, која, кажувајќи ги сите овие ресурси, од минерални, од водни, од она што значи најмали инвестици со кои може оваа општина да опстојува, мислам дека треба да се размисли. Се работи за пограничен дел за општина која во овие последни четири години направи многу затоа што секој во својот двор сигурно ќе направи многу повеќе, отколку во една таква општина како што сега е предвидена, каде што и проблемитена Новаци и проблемите на општина Бач се многу поголеми, колкави ќе бидат можностите, бидеји и сами кажаврте дека РЕК Битола е под државно влијание, јас тука мислам и на една неправда и кон општина Новаци и кон општина Битола, ЕСМ со својот објект на подрачјето на општина Новаци и загадувањето што го прави во околината, мислам по сите европски закони, треба да

обезбеди одредени средства за развојот на овие општини. Тука мислам до сега не е направено апсолутно ништо. Ќе треба да се направи закон со кој ќе се обврзе и сега ЕСМ и понатаму, газдата кој ќе треба да стопанисува со тие објекти, едноставно кон овие општини, да обезбедуваат средства за развој на тоа што и го прават.

Мислам дека ова се аргументите за кои, освен тоа што ни кажавте дека се 6.000 жители, дека тоа со патничките возила и 30 минути, како што е сега ситуацијата, може да се случи и цел ден да патувате. Но тоа е тоа што треба да се обезбеди како инфраструктура. Таму навистина во старт се потребни огромни средства и тешко општина Новаци со своите проблеми и тоа што значи совладување на нивните проблеми, правење на нов пат кон општина Бач. Сето тоа во случајот дали е разгледувано, мислам дека не е, не е поставено на вага за да се оцени дали тоа може да егзистира или не може. Јас и понатаму останувам на мојот став дека општината Старавина, ќе треба да направите исклучок да остане и понатаму општина и да опстојува, зата што сите економски показатели и она што може да го заработува и практицирање на власта во локалната самоуправа, е доволна за овие општини да опстанат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Топузова, имате три минути реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА:

Со оглед на тоа што еднаш говоревме за општината Старавина и знаеме со каква цел се поднесени овие амандмани, меѓутоа не можам а да не проговорам барме нешто и да му забележам на господинот Спиро Мавровски, бидејќи самиот на почетокот кажа ќе успее со аргументите да ги убеди пратениците, а меѓу другото праша дали некоиј од нив бил во општината Старавина. Јас сум една од тие што била во селото Старавина, Гравешница, Зович 1, Зович 2 и ми се чини дека релативно ги познавам условите и морам да му кажам дека аргументите што ги изнесе почитуваниот господин Мавровски, не се аргументи затоа што сето тоа што го наброја, како што се концесиите, потоа хидропотенцијалот, културното богатство, не се и со новите закони за деценрализација, овој пакет што треба да се донесе, не се во ингеренции на локалната самоуправа.

Културното богатство и споменициите на културата кои ги наброја господинот Мавровски тоа се национално богатство на Република Македонија.

Понатаму, она што не убедуваше дека е направено, мислам дека не е баш така господине Мавровски. Навистина е направен 3,5 км. пат од Старавина до Градешница, во предизборната кампања, да не ви кажувам со каква цел и намера, но кажете ни како да се стигне прво до Старавина, а потоа да се стигне од Старавина до Градешница. Мислам дека подобро ќе било тука да се обрне поголемо внимание.

Што се однесува до референдумот, би сакала да знам каде референдумот е одржан, затоа што во општина Старавина, според податоците, во самото седиште живеат 26 жители кои и тие не живеат таму и ако е така се убаво како што вие кажувате, зошто градоначалникот на Старавина не живее во своето место, туку живее во Битола и таму оди само пред изборите, по партиска задача, да ги залепи плакатите на опустошените куќи.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате една минута реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Една минута е малку да се одговори на тоа што го кажа госпоѓа Топузовска. Изгледа таа била секаде, само очекува прво ние да кажеме, па таа да каже после дека била. Не видов до сега да се вклучи со дискусија, да помогне, барем на почетокот да говориме со аргументи. Испаѓа дека националното боагство е на Македонија, дека хидропотенцијалот е на Македонија, дека рудното богатство е на Македонија и само Мариово е, како што кажавме територија и тука е се завршено.

Дали градоначалникот живее во Битола и може да ги посети сите овие села, а ги посетува, што ќе биде со градоначалникот на Новаци или со градоначалникот на Прилеп кога ќе треба да ги посетува овие села и кога ќе ги посети. Дај Боже и вие за кампања или не знам за што друго, претседателски или другите избори, да направите уште 20 км. пат во Мариово, сигурно дека нема да го соберат во ролна, па да го нема патот таму. Кога е направен и како е направен, важно е направен после 50 години пат и тоа асфалтиран, што ако одите таму, знаете како изгледа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Србиновски имате збор.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Почитуван министре велите дека малите општини не треба да останат како општини. Јас велам дека треба да останат малите општини токму од тие причини што понекогаш од таму е развојот за државата, развојот за Републиката. Токму таму сите овие ресурси што ги има во државата, таму се наоѓаат тие сточни фондови, тие рудни богатства, тие води, тие шумски богатства и така натаму.

Токму треба во овие мали општини, да се развиваат да станат големи општини и сега не сакам да зборувам бидејќи пратеникот Спиро Мавровски елаборираше околу овие работи и тие сите работи ги потврдувам што ги кажа и точно е се што е направено. Ќе кажам дека некогаш во Мариово имало сто илјади грла овци, од кои биле главен фактор за производство на млечни производи во Републиката, а денеска дали има десет илјади грла. Затоа зборувам дека е важен фактор за оваа општина за да се врати сточарството таму, таму треба да бидат населени луѓето.

Се ова што беше кажано дека е подобрена инфраструктурата тоа е точно и факт е дека градоначалникот таму се залага дека ова што го направивме 2001-2002 година личен сведок бев јас таму, кога луѓето од општината Старавина, рекоа дека после 50 години Старавина се приклучува во Република Македонија а не во Битола. Луѓето јасно се изјаснија дека кога ќе се направи тој пат, повторувам уште еднаш Мариово се поврзува со Република Македонија после 50 години. А тоа што зборува. Факт е дека се запоставени овие села, меѓутоа, на ваков начин што се прави оваа поделба, токму затоа треба овие мали општини да станат големи општини, кога еден ден ќе и требаат на Република Македонија. Јас би сакал да кажам од многу граѓани добив едно писмо во текот на вчерашниот ден и сакам да го искажам тоа писмо што е напишано од тие граѓани од таа општина Старавина, ако сакате да ме сослушате, на верскиот празник Свети Тројца од многу граѓани од општина Старавина, решивме да се обратиме со едно писмо во Парламентот, но незнаејќи кој пратеник од пратеничката коалиција е од изборната

единица број 4, па се одлучивме да го доставиме ова писмо до пратеникот на Коалицијата Илија Србиновски.

Слушајќи ги дискусиите во првата фаза од Законот на централната поделба од петте пратеници од Битола и Битолско, се решивме ова писмо да му го довериме и да го прочите пред парламентарците пратеникот Илија Србиновски, бидејќи тројцата пратеници од коалицијата од Битола искажаа многу негативности за општина Старавина. Не сметаме на двајцата пратеници Томе Тромбев и Борче Петковски, кои се деца на градот Битола.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски ова писмо нема да го читате на овој начин. Ако има аргументи за Старавина тогаш читајте го.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Во оваа општина додека беше општина имаше и луѓе до 1965 година, имаше и живот. Со укинувањето на општината и пренесувањето во Битола, овој крај за 30 години дојде до ова дереџе. Во 1996 година се врати животот повторно на мала врата, почна народот да си ги поправа куќите кои беа разурнати, општината поправи неколку згради кои беа пред распаѓање, ги поврза сите села со тампонирани патишта, се доведе вода за пиење во 6 села, се осветлија главните улици во сите села каде што има струја, а таму каде што нема е во фаза на размислување.

Нашето размислување ако се укине општина Старавина и приклучи кон општина Новаци, овој крај ќе се запусти. Прво, кон комуникацијата со општината, граѓаните ќе бидат на нула. Ако еден граѓанин има потреба да оди до општина во недела навечер со автобусот треба да оди до Битола, во понеделник да се врати за Новаци, да заврши работа во општината и повторно во Битола да преспие и да се врати дома дурио во вторник навечер. Или пак да отиде во вторник, па да се врати во петок. Со тоа кај граѓаните се создава револт не враќаат назад до 60 години кога одевме со добиток на пазар во Битола. Друго што овој народ памти од не така одамна со селото Новаци некаде во 80-тите години сите училишта од овој крај се приклучија кон централното училиште “Славко Лабарговски” од село Новаци. За неколку години од зградата останаа само ѕидовите зашто се беше однесено и одземено врати, прозорци, ќерамиди и така натаму.

Господа пратеници, во ваши раце е овој крај, посебно ако не остане оваа општина за 4 години ќе се исели овој народ и ќе направите пустина во едно место богато со води природни убавини, а пак доколку ја оставите општината ќе се уверите дека за 4 години ќе има прираст на населението.

Како општина имаме голема територија со програма за развој, што од оваа програма само половично да се оствари, овој крај ќе се насели и со луѓе и државата ќе има корист од здрава храна, ќе се развие селскиот туризам. Секој може да дојде да го посети Мариово, да го вкуси убавото мариовско сирење и ред други работи кои од минатото народот овде го произведувал.

Многу наши сограѓани со потекло од овој крај, а сега се отпуштени од фабриките од Битола, како технолошки вишок или стечајци, а се над 40 години, сигурно би се обиделе овде со некој мал бизнис во дрвната индустрија, или производство на здрава храна. Тогаш би се направиле многу мали бизниси, кои овдека се наоѓаат како природни богатства, а едно од тие богатства е убавата чиста вода за пиење која без некое прочистување може слободно да се пие.

Затоа господо пратеници за оваа општина да се земе предвид оддалеченоста до центарот Битола која изнесува 57 километри, а до општината Новаци 45 километри. Исто така, треба да се земе предвид територијата од 330 километри на која територија има добра програма и со помош на државата народот може да се насели. Тоа е да се вратат луѓето на своите стари огништа.

Затоа господа пратеници од позицијата заедно со министерот за локална самоуправа, преиспитајте ја вашата првобитна одлука за општина Старавина, исправете ја грешката и дајте им шанса на овој реон и на овие напатени луѓе да заживее реонот и да живее на своите огрништа. Но и пред да ја донесете одлуката ве покануваме да ја посетите општина Старавина, да го видите овој крај со каква природна убавина располага да ги слушнете овие малку луѓе што се останати, но ако се малку, со голема благодарност и со големо срце ќе бидете пречекани.

И  на крајот ќе ја спомнам државата Луксембург, иако е мала но е една од основачите на Европската Унија. А тој потенцијал го има Мариово и го има општина Старавина. Со почите од сите мариовци што живеат во Мариово и оние кои се низ

Македонија и надвор од Република Македонија. Ова беше писмото, можеби за некој не беше доволно. Со самиот амандман јас останувам на мислењето за оваа општина Старавина и мислам дека треба да остане како општина Старавина и со тоа ќе се направи голем потег за Република Македонија, затоа што многу луѓе стечајци, невработени можат да го најдат таму патот, развојот на самите луѓе. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Србиновски.

За реплика се јавува господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе, за разлика од предлагачите на овој амандман, јас ќе кажам дека во одреден период до 1997 година јас ги градев инфраструктурните објекти во оваа општина, кои што беа финансирани од Фондот за развој на неразвиените подрачја на Република Македонија и добра е само оваа општина. Слушајќи ги предлагачите на амандманот добив впечаток дека се во оваа општина е розово. Македонија ја направија како Швајцарија на Балканот. Меѓутоа, вистината е нешто друго. Таму нема луѓе. Кажа и министерот дека таму со пописот е 316 граѓани. За жал со пописот од 1994 година од 490 тие стигнаа до 2002 година на 316. Ние локаланите самоуправи не ги правиме за националните богатства, за рудните богатства, туку ги правиме за граѓаните. Граѓаните да ги добијат оние услуги кои што треба да ги добијат согласно Законот за локална самоуправа и надлежностите кои и се даваат на локалната самоуправа. Јас и понатаму останувам на мојот став дека нема да го подржам овој амандман. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута контра реплика господине Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Тромбев јас стојам до тоа, истото го мислам како вас дека локалната самоуправа се прави за граѓаните. Колку подобри услуги ќе добијат сега овие граѓани 316 како што кажавте во општина Новаци. Дали бидејќи добро го знаете местото кога овие ќе стигнат до општина Новаци и ќе ги остварат своите права и тие ќе бидат подобри, отколку што ги реализираат сега. Ако мислите на локалната самоуправа, како што ја кажавте сега. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски, повелете 1 минута контра реплика.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Краток ќе бидам јас. Господинот Тромбев што го кажа дека нема да се сложи да биде општина Старавина, тоа е негово мислење. Меѓутоа, токму затоа луѓето од тој крај го пратија до него да овие пратеници до Најдовски и до Петковски и до Тромбев, токму дека потекнуваат таму од таа изборна единица, да кажуваат јавно дека тие не се доволни од овие пратеници, дека не ја поддржуваат оваа општина. Затоа ова писмо го прочитав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Петковски имате 3 минути реплика.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Благодарам.

Господине Србиновски вие сте еден типичен пример на човек кој што е роден на село, живеел на село, избегал од село и дошол да живее во град и очито  немате намера да се вратите таму, и немате воопшто право да терате некого таму со сила да се врати на село да живее.

Во делот кога зборувавте за изградба на патишта и така натаму, само да напоменам дека до 1996 година некаде е изграден патен правец од Рапеш до Маково, значи во правилна насока, а вие направивте пат во обратна насока. Првин ја направивте чатијата, тргнавте од последното село Грдешница према Битола.

Кога зборувавте за грижата на градоначалникот како воопшто се грижел за општина Старавина, да ви кажам дека човекот живее во Битола, и како пример од вишокот на средства кој што ги одделува Владата вашата Влада на општина Битола, доделила 900.000 денари, на општина Старавина 1.100.000 денари затоа што градоначалникот е од Вашата партија и човекот јавно кажува дека поима нема што треба да прави со парите, па им купил по еден мобилен телефон на сите советници, пак направиле некоја фешта од многу, ете што се грижи за развојот и за правилно трошење на средствата кои што државата ги издвојувала  за развој на овој кра.

Колега Србиновски, со оглед на ингеренциите кои што ќе треба да ги има локалната самоуправа и она што ќе треба да им го овозможува на граѓаните, секако од средствата кои што треба да ги остварува, ако го поддржиме овој амаднман ќе треба да бидеме соучесници во едно злосторство кое што воопшто нема да им овозможи на граѓаните никакви услуги. Затоа нема да го поддржам овој амандман и ценам дека со тоа што го првите е само една чиста демагогија дека наводно водите грижа за граѓаните кои што живеат во Старавина а всушност водите грижа единствено само за тоа градоначалникот дека е од Вашата партија и да му овозможите уште еден мандат и повторно да си игра на начин како што досега си играше. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Србиновски, 1 минута.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Петковски, ќе кажам дека се гордеам дека потекнувам од село, потекнувам точно од село и живеам и во село и во град. Такви приликите ми се створиле, ми створило моето семејство, така да живеам. Меѓутоа, те гледам дека се изразуваш по ноторни лаги. Ние овде расправаме за суштествени работи, за деталната организација, од витално значение за граѓаните, за таа општина, а вие зборувате некој сосема други необични работи. Се расправате за градоначалникот каде живеел, што живеел. Немам време за оваа минута да ви кажам кое се е направено, колку е сторено таму за таа општина, немате појдено, затоа што јас ако не повеќе во секоја недела одам таму, го посетувам тој крај. И секое село, секоја педа, знам колку е направено, колку е сторено за таа општина. Према тоа немате право ноторни лаги да кажувате овде во Парламентот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Лепиткова, вие имате реплика.

Повелете 3 минути.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам претседателе,

Мојата реплика би се однесувала на тезите кои што беа изнесени од господинот Србиновски. Јас во некои моменти од дискусијата, во врска со Старавина би се сложила со аргументите дека тоа навистина е така. Јас не сум пратеник кој што потекнува од тој регион, меѓутоа,со мојата професионална активност сум била да ги посетам тие подрачја и тоа е навистина дека овие подрачја изобилуваат со огромни рудни резерви, воден потенцијал и се она што го рековме од аспект на еколошки, културни и други особености кои што целиот регион на Мариово и Прилепско и Битолско и Кавадаречко ги имаат како специфики од останатите региони во Република Македонија. Меѓутоа, тоа се би било така доколку ние имаме пред нас закон за локална самоуправа која што ќе овозможува двотипна, а не монотипна локална самоуправа. Што значи дека Законот за локална самоуправа се донесува со двотретинско мнозинство и треба да следи промена на Уставот.

Во тој смисол би сакала да кажам дека се она што беше спомнато општина Старавина неможе да го извршува со надлежностите кои што сега со Законо за децентрализација треба да припаднат. Од тој аспект во општина, во регион, каде што мема луѓе со сите овие особености не би можела функцијата на локалната власт и на локалната самоуправа да биде навистина извршувана во рамки, во мера како што треба. Затоа што општините преземаат многу поголеми надлежности со новите закони за децентрализација и ние навистина неможеме да оправдаме постоење со овие закони на такви општини во кои ќе ги има сите особености, меѓутоа ќе нема кој тие работи да ги реализира. А никој не спори, дека доколку тоа е така а е така, е тогаш со други форми може под концесии, поднесување и така натаму да допринесеме да заживее тој регион. Значи да поттикнеме да нашите приватни стопанственици и организации да можат да вложуваат во тие региони, да ги развиеме, да можеме луѓето да ги вратиме во тие простори и понатаму да дејствуваме во правец на заживување. Затоа што овој закон не е затворена категорија како што некој од пратениците рече минато свршено време. Сме менувале закони, сме донесувале и други закони за територијална поделба така да во иднина во колку тоа така се случи и го развиеме тој регион, сигурно дека и некое ново министерство, во промена на некои закони би можеле да делуваат во тој правец. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Србиновски, 1 минута контра реплика.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувана пратеничке, мислам дека зедовте вие општа расправа, општа дискусија, воопшто не ми реплициравте на она што јас го кажав. Јас кажав дека токму дека оваа огромна територија постојат тие природни богатства, постојат тие ресурси, за да не се иселуваат, да се вратат луѓето таму, да развиеме општина, да биде главен фактор оваа општина тему за производство на храна, и се друго, и затоа викам дека јас се поткрепувам дека треба да биде оваа општина и како општина да си остане.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Љубисав Иванов - Ѕинго, а нека се подготви потоа пратеникот Блаже Стојановски.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Некои ќе се зачудат зошто јас ќе зборувам за општината Старавина.

Веднаш да кажам дека сум многу пати бил во оваа општина, а сум бил затоа што Социјалистиката партија имаше градоначалник во таа општина и кога го донесувавме Законот, послениот закон за тертиторијална поделба на општините во Македонија, како што беше речено и тогаш имаше многу малку луѓе, меѓутоа, тогаш и мојата партија беше во коалиција со Социјалдемократскиот сојуз и се договоривме да и таму се формира општина од причини што е од големо стратешко значење, што располага со огромни богатства, не само рудни, туку и други ресурси има шуми, има водени ресурси, има можности за развој на планинскиот туризам и дека со значајни инвестирања кои би се направиле во наредниот период, би се активирале доста од тие ресурси и би се ставиле во активна функција, и на тој начин би се овозможило луѓето кои се иселиле од тие краишта, а и други луѓе кои немаат работа, посебно сега, имајќи во предвид дека имаме преку 400 илјади невработени луѓе, да овозможиме повратен процес, ако некогаш сме имале голема миграција од таа територија, а за илустрација, ќе ви кажам дека тоа по територија беше најголема општина, сега имаме една повратна насока, нашите граѓани барајќи своја егсистенција и живот, да почнат да се враќаат назад.

За жал, тој процес не го овозможивме, тој крај и таа општина ја следеше процесот на големо дезинфестирање во Македонија, големиот економски пад кој го доживеавме, го дожевеа и оваа општина и затоа вчера кога реков ќе беше добро за секоја општина да

имаме студии кои ќе зборуваат за сегашните потенцијали и за идните можности за развој, можеби ако имавме една таква студија и таа студија да ни покажеше дека во иднина со едни позначајни инвестирања еве преку Фондот за неразвиените и други извори и други начини и форми да овозможиме една ваква општина каква што е Старавина да доживее еден значаен развој, тогаш има логика да се задржи една општина со еден апарат кој би бил организатор и кој би бил иницијатор за поттикнување на еден таков развој.

Само во тој поглед гледам можности да можеме да ја преиспитаме нашата одлука која би била логична само ако ги имаме овие параметри во главата, а бројот на населението и тогаш беше сличен како и сега и покрај тоа што надлежностите се зголемуваат на општините, сме имале и други периоди кога надлежностите на општините биле уште поголеми, па сме имале вакви мали општини кои придонеле да се развијат тие општини во Република Македонија.

Затоа би молел сепак во тој поглед да размислиме, а ако има и малку разбирање кај министерот Гештаковски во тој правец да го прифати овој амандман

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Иванов.

Повелете г-дине Стојаноски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам пртседателе,

Овој амандман е во контекст на амандманите кои ги разгледавме во претходниот период, а кои се однесуваа на регионот Мариово затоа што општина Старавина е дел од регионот Мариово и како таква овој амандман мора да се разгледува во тој контекст.

Факт е дека при гласањето за опстојување на општина Витолиште тој амандман не помина, не помина ниту амандманот за опстојување на општина Конопиште и сега ова е амандман кој се однесува на третата општина која го сочинува овој регион Мариово.

Значи, факт е дека волја кај Владата и Парламентарното мнозинство за опстојување на овие општини не постои, а тоа се виде со начинот на кој се изјаснија по претходните два амандмани.

Истовремено постоеше амандман за спојување на општина Старавина со Витолиште и за спојување на општина Старавина со Витолиште и Конопиште како единствена општина која ќе го опфаќа регионот Мариво со сите негови специфики како пограничен регион, како регион кој е богат со шуми, рудни богатства, кој опфаќа голема територија каде има големи потреби за изградба на патишта, инфраструктурни објекти, што значи еден административен општински центар кој ќе се грижи за сите три општини и на тој начин општината Мариово не само да ги задржи постојните објекти од областа на инфраструктурата, туку и да создава можности за локален економски развој и за евентуални вложувања во екплоатацијата на овие богатства.

Меѓутоа, имајќи предвид дека сите овие општини одржаа референдум, како што е случајот со Старавина со кој жителите на овие општини се изјаснија за опстојување на постојните општини во нивните граници, а тие референдуми не беа почитувани, иако Европската повелба за локална самоуправа во својот член 5 децидно наведува дека треба да се почитува волјата на локалното население, сметам дека со гласањето на овој амандман, граѓаните само ќе мораат да бараат други начини за опстојување на оваа општина и за реализација на нивните локални потреби од секаков карактер. Зборувам и од областа на економските можности и од областа на рудните и шумските потенцијали и во однос на здравствените услуги, образованието итн.

Тој единствен начин, што се однесува и за општина Старавина и за општините Старавина, Витолиште и Конопиште, па и за сите 123 општини во Република Македонија е давањето потпис за референдумот кој треба да се одржи за зачувување на границите на 123 општини кој се дава во подрачната единица на Министерството за правда и на тој начин граѓаните и жителите на сите други општини децидно ќе ја искажат својата волја за зачувување на нивните општини.

Ова од причина што локалните референдуми кои се одржаа Владата ги смета за консултативни односно за необврзувачки за неа, значи неопходно е на референдум да го дадат својот потпис на тој начин резултатите од тој референдум да бидат обврзувачки за Владата и ова Собрание и на тој начин, тоа е единствен можен начин. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојановски, заврши околу тој референдум од овие говорници, тоа е демократско право, но вие имате точка општина Старавина, а не да повикувате од ова говорница. Ве молам повикајте си конференција за печат и други форми, ве молам во Парламентот дискутираме за тоа што е.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборуваме за амандманот за опстојување на општина Старавина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, вие зборувавте, повикувате граѓани што е ваше право, но, преку конференција за печат, овде во Парламентот зборуваме за Старавина.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборувам за Старавина и за начинот на кој може општина Старавина да опстои како општина. Амандманот се однесува на тоа дека општина Старавина ги исполнува условите и има навистина потреба да има општинска управа која ќе се грижи за локалните потреби на тоа население што живее таму.

Од тие причини кажав дека и покрај референдумот на кој се изјасниле жителите на Старавина, Владата не го смета за обврзен за неа и на тој начин единствен можен начин од тие причини е референдумот за да може да биде задолжителен за Владата.

Во тој констекст го зборував и ова дека граѓаните мора да наоѓаат други начини надвор од ова што го правиме ние како нивни претставници во Парламентот и што поднесуваме амандман за зачувување на општина Старавина (реакција од страна на пратениците)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Граѓаните се многу помудри од нас, си го знаат своето право, продолжете за општината Старавина.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ако се тргне од критериумот дека рурална општина Старавина не може самостојно да опстои, неопходно е да се спои со друга таква општина, тогаш навистина она што треба да се размисли во овој правец е создавањето на една општина во која ќе влезат населените места од целиот регион Мариово и на тој начин да се овозможи реализација

на сите оние и историски и културни и здравствени и сите други потреби кои ги има населението кое живее таму затоа што се работи таму за специфична структура на население која е со поголемо старосно ниво и од тие причини можностите за негово патување и реализација на неговите и здравствени и сите други потреби кои произлегуваат од ингеренциите кои ги има локалната самоправа ќе бидат оневозможени, доколку имаат неопходност да патуваат повеќе километри за да дојдат до било каков документ или да реализираат одредена потреба во општината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Мавровски, додатни аргументи.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да.

По излагањето на колегите од позицијата, мислам дека треба да ги разјасниме работите затоа што слушнавме аргументи дека оваа општина не може да ги извршува сите особености и јас апсолутно се согласувам, но има друг момент, ние кажавме дека годините на старост на овие луѓе е околу 60 години, ако не и повеќе. Сега, ако сака г-ѓата пратеник да ме убедува дека основно образование не може да има и нетреба да има. Полиција, противпожарни единици и остнати работи, тоа што го нема сега, би ги извршувале како ги извршувале досега.

Но, сакам барем еден аргумент да слушнам, а кој не слушнал досега, што овие луѓе ќе добијат кога ќе влезат во општина Новаци? Дали ќе добијат подобро финансирање, дали ќе имаат подобра инфраструктура, дали побрзо ќе ги остварат своите права и дали ќе можат на тој начин, како што кажувате, одговорноста да се носи одлука, а одлуката е таа која ја носите и потоа следи одговорност.

Еднаш се донесе 1960 година, имаше 6 илјади луѓе, сега има 300 луѓе. Ако вие ја донесовте оваа одлука, после две години нема никој таму, нема ни да расправаме повеќе ни за општина и ќе остане она што е, што ви кажав резерват, Македонија - Мариово негибнато место, без луѓе, без ништо. Ако е тоа целта, тогаш е во ред.

Гледам дека цело време во сите дискусии се провлекува една идеја дека се што е направено во претходните четири години тоа не е ништо, тоа се минимизира и да е така, мислам дека не е коректно затоа што некој на избори 1998 година отвораше чешми,

одеше премиерот, сегашен Претседател, па потоа вода не протече од тие чешми оти беа пуштени од цистерни. За тоа сега никој ништо не говори, говориме за патишта кои се останати таму, говориме за милион денари телефони, а незнаеме колку се плаќа во Битола за телефоните, колку платил градоначалникот, такви аргументи за општина Старавина мислам дека не држат затоа што луѓето навистина направиле добро. Кој каде живее, јас ќе се радувам многу и оној што живее на местото каде штот треба да биде градоначалник, ако ги заврши сите работи, а уште повеќе да не живее таму а да направи многу за местото во кое е градоначалник.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г-динот Борче Петковски, повелете три минути.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Г-дине Мавровски, реално од приходите кои се остваруваат во општина Старавина во моментот, не можат да соберат средства за плата на градоначалникот и паушалите кои ги земаат советниците. Тоа е реалноста.

Инаку, кога зборувате за чешми, вие не обвинувавте нас на Парламентарните избори 1998 година токму за таа Чешма во село Старавина која ја пушташе премиерот 1996 година. Не обвинувавте, со чешми не се добиваат избори, меѓутоа целта на државата е сепак и таму каде нема луѓе заради природните ресурси на Старавина сепак да овозможи една инфраструктура, да овозможи пат кој ќе води од Битола до Градешница, а не обратно, да има водовод кој еве и вие нешто направивте за сите околни села да имаат добро водоснабдување, за да се овозможи на луѓето кои ќе добијат концесии тие природни богатства да ги искористуваат, бидејќи никој нема да се нафати да презема нешто во Старавина доколку нема некаква инфраструктура. Добро е тоа што го направивте. Меѓутоа, патот до Старавина води од Битола, не води од Старавина назад, бидејќи сите луѓе избегаа од Старавина и дојдоа во Битола, сега треба да направиме нешто за тие што сакаат да ги искористуваат природните ресурси и што ги има тоа подрачје да можат да стигнат до таму. Тоа е целта, а не е воопшто битно дали нешто ќе добијат повеќе или помалку ако дојдат до општина Новаци. Битно е барем и тие средства, приходи кои ќе се собираат од општина Старавина од сегашната иако мислам

дека е минимално, барем ќе можат правилно да се насочуваат и да ви кажам отворено барем нема да се користат за фешти кои се прават таму. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Затоа ги носиме овие закони за фискализација каде оваа општина ќе треба да стопанисува и овие дрва што ќе се сечат таму и сите природни богатства и концесии да останат таму да можат да опстојат. Тоа се многу ситни пари.

Да ја отворевте чешмат ќе беше се во ред и ќе беше добро. Сега ве прашувам друга работа. Од 15 септември поминаа 2 години, дали вие направивте еден метар пат, дали вие од Градешница кон Битола или од Битола кон Градешница, тоа треба да им го кажете на граѓаните. Ако само говориме, а ништо не работиме, апсолутно мислам дека не бива ништо од тоа или чекате да дојде 2006 година, да направите 20 метри или чешма ќе отворите, затоа треба да бидеме принципиелни и да говориме она што е, затоа работете, времето поминува, двете години поминаа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука сте во право г-дине Мавровски, само говориме, а ништо Парламентот не сработува.

Г-динот Јусуф Арифи има три минути реплика.

ЈУСУФ АРИФИ

Благодарам г-дине претседател,

Не сакав да учествувам во оваа реплика за ниту еден амандман, но по вториот говор на г-динот Спиро Мавровски навистина сето ова стана банално. Амандманот за кој говориме е еден меѓу 156-те предложени амандмани. Сега имаме 123 општини, предлогот е за 80 нови општини, а имаме 156 поднесени амандмани. Значи, сето ова е во функција на спречување на донесување на овој Предлог-закон.

Доколку одиме од тоа дека овој Предлог-закон го имаат поддржано Европската Унија, НАТО и самиот г-дин Солана, значи дека ова е дел на процесот за интеграција во ЕУ и НАТО.

Треба да знаат г-дата дека со оваа опструкција што ја прават фактички ја спречуваат Република Македонија во процесот кој е кон насока на европските интеграции и НАТО структури.

Значи, секој контакт кој е направен на ниво на делегации, опозицијата се изрази дека е за интеграција, додека на дело го докажува спротивното. Секој процес кој го има интегрирачкиот потенцијал тие го спречуваат и постојано одат во оваа насока. Треба да го имаме во предвид фактот дека е многу значајно и за заедничките интереси на Република Македонија да бидат дел на активитетите на интегрирачките процеси.

Со ова ќе завршам и нема да учествувам во ниту еден амандман ниту со критика, ниту со нешто друго за да не бидам попречувач на овој Предлог-закон.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Јас мислам дека апсолутно погрешно зборуваме за локална самоуправа. Евроинтеграција и Европска унија, НАТО пактот и општината Старавина апсолутно немаат никаква допирна точка. И, јас да ви кажам една работа, ако ние како партија се залагавме за 123 општини и координаторот неколку пати кажа, дајте да ја прекинеме расправата, да останат 123 општини и ние ќе се интегрираме во Европската унија, кога ќе дојде време. Значи, за нас ќе говорат после 2012 година. А дека ќе биде општина Боговиње, дека Бродец ќе дојде во Маврово, дека Старавина ќе биде општина или не, тоа со евроинтеграцијата господо нема никаква врска апсолутно, а НАТО пактот треба да знаете убаво, во 2001 година како кажа и како почнаа сите овие работи. Сега немојте да се правите недоветни дека не можеме или не знаеме како треба понатаму да функционираме. Ова е локална самоуправа. Локалната самоуправа господинот министер неколку пати кажа, но заборави да каже дека во Словенија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат внатре.

Ги повикувам пратеници да влезат внатре и да седнат на своите места.

Молам пратениците да ги заземат своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 8 гласале за, 1 воздржан и 51 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници).

Мислам дека е некоректно кон сите нас, а најмногу према мене да не се притиска на копчињата, па мораме да го проверуваме бројот.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот.

Отворам претрес по амандманот на член 10-б) за додавање нова точка 64-а по точката 64 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Спиро Мавровкси и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за локлна самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот со кој се предлага општината Сопотница да остане во сегашната териториjалната организација, а не да се приклучи кон општината Демир Хисар, со што сметаме дека ќе се овозможат подобри услови за развој поднесен од наведените пратеници, не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Господине Стаменков, имате збор процедурално.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Господине претседателе,

Јас поднесов амандман на 20.07.2004 година под број 3119/4 заведен во архива, меѓутоа го нема никаде во списоците што сте ги дале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, ги молам службите да проверат.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Друга работа сакав да кажам, да се провери вчера, кога мојот амандман под број 3119/3 за општината Оризари исто другиот амандман, мислам дека се направи грешка, па молам ако е направена грешка да се врати назад таа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе се провери тоа.

Повелете г. Србиновски Илија имате збор, а во меѓувреме се извинувам г. Стаменков ако можете со службите тоа да го проверите, да им кажете во што е работата.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Токму сакам да кажам за една прекрасна општина Сопотница, сакам да изнесам аргументи зошто треба да остане оваа општина Сопотница, што е произлезена од Демир Хисар како општина, а и токму тоа сакам да кажам, како образложение бидејќи токму од таму потекнувам, од оваа општина.

Со територијалната организација на локалната самоуправа  во Република Македонија од 1996 годиан. Од тогашната општина Демир Хисар произлезе општина Сопотница со 18 населени места. Територијата што ја опфаќа општина Сопотница до 1996 година речиси и да беше заборавена како од државата така и од општината.

Целта на постоење на една општина е да се подобрат условите за живот на граѓаните преку поттикнување на иницијативи, давање идеи, подготовка на проекти и реализација на истите.

Во 1996 година сликата на општината не беше ни малку розева, имено речиси и да немаше населено место во кое имаше асфалтирани улици, уличното осветление за многу села беше недостапно, 80% од населението немаа телефонска линија, водоводите таму каде што ги имаше беа оставени на мсното население без обезбедување на средства за тековно одржување и надградба.

Денес сликата за општината е сосема поинаква.

Општината воспостави добра комуникација со населението. Со формирањето на општината и се даде можност да настапува со разни проекти кај државните институции и меѓународни донатори, со што практично и отпочнува развој на општината особено во областа на инфраструктурата и се што претставува услов за подобро живеење и услови за отпочнување на економски развој особено во малото и средното стопанство и земјоделството.

Општината Сопотница во изминатиот период реализирала поголем број на активности меѓу кои:

- изградба на водовод во с. Велмевци и Слоештица, асфалтирање на улици во Сопотница и Железнец,

- водоснабдување на дел од населено место Сопотница.

- изграден нов резервоар со капацитет од 200м$^3$ - вредност 3.000 000 денари, набавени цевки, црева, итн,

- отпочнато е со изградба на дел од мрежа со вредност од 500 000 денари, работите се отпочнати во 2001/2002 година и се во тек.

- водоснабдување на населено место во с. Жван,

- изграден нов резервоар со капацитет од 120м$^3$ и потисен цевовод во должина од 650 метри во вредност 2.000 000 денари,

- водоводната мрежа во должина од 7 км и изградба на нов бунар со истиот проект со вредност 200 000 илјади евра аплицирано е до Европската агенција за реконструкција, проектот е одобрен со што се затвора финансиската конструкција, завршено е со сите процедури и се очекува отпочнување на градба.

- здравствена амбуланта од 100 м2, со ординација за општа пракса и ординација за стоматологија во Сопотница (2001/2002 година), вредноста на проектот 3.800 000 денари,

- асвалтирани улици во с. Жван во должина од околу 1.400 метри, вредност околу 1.500 000 денари, изградени во 2001 година,

- изградени три мостови во село Базерник, с. Бабино и с. Железнец, во 2001/2002, со вредност од околу 600 000 денари,

- фудбалско игралиште во Сопотница, отпочнат со иницијатива на ФК “Сопотница”, со вредност 13.751 евра, од кои иницијаторот Фудбалскиот клуб учествува со 3.223 евра, а општината помогна со 2.657 евра, додека останатите средства од 7.871 евро ги финансираше Шветската агенција за меѓународна соработка и развој преку Фондот за развој,

- со помош на француската донација и иницијатива на граѓаните во соработка со општината во Сопотница, за водоснабдување на Рудничка населба, со 5 станбени згради со околу 250 жители, потоа се реновира постоечката пумпна станица, се набави нова пумпа и хлоринатор,

- канал за одводнување и прифаќање на атмосферски води покрај асвалтен пат во с. Жван, а проектот е реализиран со иницијатива на жителите и учество со работна рака, потпомогнати од општината и со средства од Шветската агенција за меѓународна соработка и развој со околу 7 илјади евра,

- информатички центар во Сопотница, проектот е реализиран во соработката со општината Сопотница и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), каде општината обезбеди просторија, ја реновира, обезбеди инвентар и презеде обврска да покрива трошоци за електрична енергија, греење и други комунални давачки, УНДП во овој проект учествува со 20 000 УСД, односно обезбеди 6 компјутери, покривање на трошоци за телефон, интернет и за двајца професионални предавачи со високо образование. Проектот е започнат во 2001 година, организирани се курсеви за работа со компјутери по повеќе програми, при што наставата ја посетувале повеќе од 1000 луѓе од општината Сопотница и соседните општини. Со настава беа опфатени различни возрасни групи како ученици од основното, средно и високо образование, вработени и невработени лица, а дел од посетителите денес се вработени и успешно работат со компјутери на своите работни места. Буџетот за овој проект веќе се исцрпува и општината прави напори за понатамошно функционирање на овој проект, збогатен со други програми како што е Програма за развој на општинта, Програма за екологијата, Програма за информирање на граѓаните итн.

- “Чиста и зелена Македонија” реализиран во траење од три месеци во 2001 година, во кој беа ангажирани - вработени 16 социјално загрозени лица со што даде

придонес во заштитата на животната средина, а во изминатиот период се организирани и други слични проекти.

Општината учествувала со средства за активности како што се: попесочување, тампонирање на патиштата, крпење ударни дупки, за водоводи, прифаќање т.е. каптирање на дополнителни извори на вода, изградба на поторни ѕидови покрај асвалтните патишта, одржување и доградба на улично осветление, уредување на зелени површини, тротоари, чистење и одржување на локални патишта од снег во зимски услови, помагање на месни заедници и други активности.

Општината Сопотница има изработено и проекти кои се поднесени до државни институции и меѓународни донатори:

- Проект - Фекална канализација со пречистителна станица во Сопотница - 446 280 евра.

- Проект - Мини зафат на Црна Река и доводен канал за наводнување на Доленци - 65 000 евра,

- Проект - Водоснабдување на населено место Зашле - 134 520 евра,

- Проект - Водоснабдување на населено место Големо Илино -
23 900 евра,

- Проект - Изградба на локален пат Радово - 362 323 евра,

- Проект - Изградба на локален пат Церово,

- Проект - Уредување на изворите на Црна Река - 31 870 евра.

Иницијативи кои се произлезени од граѓаните, а кои општината ги поддржува и се залага за нива скорешна реализација се:

- Мренога - Мини зафат на Биошка река за наводнување на Мреношко поле,

- Велмевци - Канал за прифаќање атмосферските води покрај асфалтен пат,

- Брезово - Каптирање односно зафаќае на нов извор и довод кон постоечки водовод, а на пратениците многу им е јасно дека во Брезово се прави една од најдобрите варници за производство на вар,

- Сопотница - Изградба на нов бунар за водоснабдување на Рудничка населба во Сопотница,

- Слоешница - канал за наводнување,

- Базерник - Довршување на асфалтен пат - Изградба на нов бунар за водоснабдување на Рудничка населба во Сопотница,

- Вирово - Реновирање на разервоар за вода и изградба на потпорен ѕид покрај локален пат,

- Боишта - Поправка на пат и други иницијативи.

Местоположбата на општината и нискиот процент на загаденост нудат одлични услови за производство на еколошки здрава храна. Општината располага со богат шумски фонд и тоа дабова, букова и борова шума. Шумите покриваат 50% од територијата на општината што значи постојат услови за планско искористување на шумите и развој на дрвната индустрија. Околу 2/3 од вкупно земјоделското земјиште во општината е под пасишта, што дава услови за развој на сточарството. Почвено - климатските услови се погодни за одгледување на градинарски, житни и индустриски култури како и за подигнување на овошни насади.

Хидрографските услови на оваа територија се многу поволни, бидејќи покрај Црна Река најдолгата десна притока на Вардар, со 207 км, што извира во близина на с. Железнец, како најголем водотек, постојат и голем број на планински извори и водотеци кои нудат можност за повеќенаменско искористување, како изградба на мали хидроцентрали, изградба на рибници, наводнување на земјоделски површини и друго.

Ова подрачје располага со метални и со неметални рудни богатства, како што се железна руда, мермер, варовник, каолински глини и друго.

Од стопански капацитетите на територијата на општина Сопотница егзистираат две поголеми претпријатија Рудник “Демир Хисар” АД Сопотница, што се занимава со производство на сепариран варовник што се користи во градежништвото, со годишно производство од 250.000 тони и проект за проширување на дејноста во областа на градежните материјали и второто претпријатие АД “Железник” кое се занимава со производство на челични округли гранули и челични одлеаноци. Најголем дел од производите на АД “Железник” се пласираат во странство. Во овие две претпријатија се вработени околу 200 работници.

Во општината егзистираат поголем број на трговски и угостителски друштва како и неколку сточарски и живинарски фарми и рибник за одгледување на калифорниска

пастрмка, а е зголемен интересот за отворање на нови вакви и слични субјекти, за што во оваа општина постојат одлични природни ресурси и добра сообраќајна инфраструктура.

Врз основа на горе кажаното, аргументите укажуваат дека општината Сопотница отпочнала со развој во сите свери и има капацитет да го продолжи развојот и да опстане како самостојна општина.

Со излегувањето во јавност на предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија не стивнуваат реакциите односно незадоволството на граѓаните во општина Сопотница.

На 29.12.2003 година на седницата на Советот на општина Сопотница на дневен ред беше разгледување на Предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија. По оваа точка советниците, без разлика на нивната политичка припадност, со заклучок сите советници едногласно го отфрлија како неприфатлив и едногласно гласаа против членот 10 став 1 точка 16 од спомнатиот Предлог за донесување на закон каде што населените места од општина Сопотница се припојуваат кон општина Демир Хисар. Значи, донесениот заклучок едногласно од сите советници, укажува на загриженоста на граѓаните бидејќи се прави нешто што е против нивна волја и постои стравување дека за одреден период поголемиот дел од сегашната општина Сопотница, доколку биде укината ќе стане простор без население.

Врз основа на сите овие аргументи кажав дека оваа општина може самостојно да опстои како општина, прекрасна општина, чиста општина каде може да се произведува здрава еколошка храна, да се развива туризмот итн. Затоа треба да остане општината Сопотница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

(Пратеникот Спиро Мавровски реагира).

Се извинувам господине Мавровски не сакам истата цела голгота да ја поминувам. Јас без, се извинувам, молчев, но заврши претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Господине Мавровски, барате збор процедурално?

Повелете, господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вие велите дали некој бара збор, јас главата долу, главата горе, заварши.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, јас гледам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Што гледате?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако вие мене ме гледате а не стискате тоа е веќе друго. Јас гледам во екранот дали некој се пријавил. Бидејќи никој не се пријавил, завршил претресот, како што и претходно и претходно.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Реакции во салата)

Господине Мавровски не можете да ме натерате во вас да гледам и да ве чекам. Завршен е претресот, не можам да го кршам Деловникот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Гласале 62 пратеника, 11 пратанеци гласале за, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усови Амандманот.

Отварам претрес по Амандманот на член 10 под б) за додавање нова тгочка 67 а) по точката 67, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџовски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам Претседателот на Владата да се произнесе.

Има збор г-нот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

Прњедложениот амандман со кој се предлага Општината Тополчани да продолжи да функционира во досегашните административни граници, а како што е во Предлог законот поднесен од наведените пратеници, не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Амандманот не е прифатен.

Има збор г-нот Блаже Стојановски

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Најпрвин сакам да искажам дека овој амандман, значи се однесува на опстојување, како што кажа и министерот се однесува на опстојување на Општина Тополчани. Меѓутоа, морам да кажам дека е направена една техничка грешка при поднесувањето, затоа што сегашната Општина Тополчани, покрај овие населени места кои што се наведени треба да го има уште и населеното место Канатларци. Значи, тоа е испуштено од технички причини и затоа јас сакам да го истакнам тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Тоа е вториот амандман

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Зборувам за Општина Тополчани треба да се формира. За вториот амандман, да . Тоа е за населените места. Меѓутоа првиот амандман се однесува за опстојување на Општина Тополчани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Зборувајте за тој амандман, а не за вториот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Зборувам за целта на првиот амандман. Целта е да опстои Општина Тополчани во сегашните граници, меѓутоа од технички причини во вториот амандман е испуштено селото Канатларци, затоа сакав да го кажам тоа. Инаку, кои беа причините за поднесувзање на овој амандман ? Општина Тополчани функционира како посебна општина со Законот за териоријална поделба од 1996 година. Во овој период навистина

може да се каже дека со изградбата на локални патишта, со ангажманот на Локалната самоуправа на градоначалниците досегашни и советниците од оваа општина се покажа дека иницијативноста, утврдувањето на непосредните проблеми со кои што се соочуваат жителите на оваа општина, изградбата на патишта и активностите во однос на изготвувањето на проекти, доставувањето на тие проекти кај Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја кај Министерството за транспорт и врски, кај Министерството за локална самоуправза и тн. овозможи оваа општина да изгради еден добар дел од патната инфраструктура, истовремено и во еден добар дел од населените места да се реши прашањето со водоснабдување или пак да е во тек решавањето на ова прашање. Утврдувањето на така непосреден начин на реалните проблеми со кои што се соочуваат жителите на Општина Тополчани доведе до тоа независно од етничката, или политичката или било која друга припадност, се утврдуваа приоритети и Советот на оваа општина функционираше безпрекорно. Истовремено оваа општина не само во однос на реализацијата на вакви инфраструктурни проекти, туку и во однос на меѓународната соработка направи голем исчекор со тоа што се збратими со една општина од Турција и факт е дека жителите Турци кои што живеат во оваа општина и жителите Македонци заедно ја градат иднината на оваа општина и тоа се покажува и преку овој пример кој што го кажав со збратимувањето на Општина Тополчани. Инаку, жителите на оваа општина распишаа референдум на кој тие се изјаснија за опстојување на Општина Тополчани во сегашните граници со можност за проширување на истата со друга соседна рурална општина согласно на новата територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија и тоа како што кажав согласно Европската повелба за локална самоуправа која што е ратификувана и од ова Собрание. На овој референдум жителите на Општина Тополчани се изјаснија за опстојување на Општината Тополчани во сегашните граници. Истовремено во иницијативниот одбор за опстанок на оваа општина во сегашните граници навистина се членови, или дел од тој иницијативен одбор претставници на сите политички партии, значи од Градоначалникот на Општина Тополчани кој што е од редовите на ВМРО ДПМНЕ, претседавачот на Советот на Општина Тополчани, членот на Советот Вели Мемишовски од Месната заедница Канатларци. Значи, претседателот на СДСМ на Македонија за Општина Тополчани на

ЛДП, претставници на сите месни заедници од територијата на Општина Тополчани, претставници на организацијата на борците и Организацијата на пензионерите, како и претставник на општинската администрација. Ова значи претставува иницијативен одбор кој што единствена цел имаше да преземе активности за опстојување на Општина Тополчани во сегашните граници.

Самото местоположба на Општина Тополчани на половина од патот помеѓу Прилеп и Битола претставува една предност која што исто така само дава дополнителни аргументи за опстојување на оваа општина која што зафаќа површина од 158 км2, и според површината се вбројува во средни општини во Република Македонија. Исто така, националниот состав навистина е пример како треба да се изгради и Република Македонија како држава, затоа што мултиетничкиот живот, соживот кој што се одвива во оваа општина во која што живеат 70% Македонци, 27 % Турци, околу 3% Бошњаци и останати жители во мал процент претставува еден исклучиелно добар пример за начинот на функционирањето и на органите на општината и на соработката помеѓу различни месни заедници и различни села во оваа општина. Со ваква географска положба навистина таа има еден подолг континуитет како општина во однос на нејзиното постоење а таа е прв пат формирана веднаш после Балканските војни во 1912 година со прекин во текот на Првата светска војна. После 1918 година продолжува нејзиното постоење до 1964 година што значи дека постои и во периодот 1941-1945 година. После овој период општината ги преживува сите оние експерименти во однос на прекројувањето на границите кои што постоеле во тој период, меѓутоа не го преживува нејзиното укинување во 1964 година. Во тој период до 1964 година Општина Тополчани зафаќала поширок регион со повеќе од 35 населени места и повеќе од 18.000 илјади жители, и истата ги опфаќала сегашните Општина Тополчани, Општина Добрушево, и дел од населените места на сегашната Општина Могила. Во овој период постигнат е значаен економски подем во сите области, меѓутоа со укинувзањето на тогашната општина доаѓа до стагнација во развојот во сите области со што се предизвикува миграција село-град и иселување во други држави, со што доаѓа и до опустошување на населените места од ова подрачје. Општината самостојно се финансирала и тоа сосема успешно придонело за функционирање на оваа општина. Меѓутоа, за жал со укинувањето од 1964 година и

последиците кои што се предизвикани од тоа укинување почнале да се јавуваат негативни тенденции во сите области. Затоа во 1996 година, односно во 1995 година со формирањето од тогаш до денес Општина Тополчани презеде и реализира многу проекти кои што се и од областа на економскиот развој и од областа на инфраструктурниот развој, и од областа на развојот на меѓунационалните односи.

Исто така, покрај патната инфраструктура, изработката на проекти, пробивање, тампонирање, асвалтирање на патишта, редовно извршување на нивното зимско одржување и нивната заштита како и изработката на проекти за водоводна и канализациона инфраструктура и изградбата, реконструкцијата, или отпочнатата реализација на проекти за водоводна и канализациона инфраструктура, потоа објектите од јавен карактер кои што се изградени, реконструирани, или реновирани и опремени, како што се Општинската зграда, потоа редица од културните домови по населените места кои што овозможија еден нормален живот на помладата популација и повозрасната секако, повеќе основни училишта, потоа детски игралишта, паркови, зелени површини, спортски објекти и сл. Истоа така, од страна на општината помогнато е во развојот на земјоделството и сточарството и покрај немањето на конкретни законски ингеренции во таа област, со што се изработени главни проекти и се реализирани, и изградени се повеќе од 8 микро акумулации за навонување на земјоделските површини и напојување на крупната и ситната стока од овој регион.

На територијата на сегашната општина Тополчани има 60 илјади декари високо квалитетно обработливо земјоделско земјиште од кое што околу 30 илјади претставува сопственост на Република Македонија и со истото располага и управува Министерството за земјоделие кое што многу малку влијае на стопанисувањето со ова земјоделско земјиште, затоа што тоа во подолг временски период е предмет на различни узурпации. Доколку со ингеренциите на општините кои што ги имаат согласно новиот Закон за локална самоуправа се овозможи опстојување на Општината Тополчани, тогаш навистина и располагањето и стопанисувањето со ова земјоделско земјиште во секој случај ќе претставува основа за добивање на изворни приходи на општината и еден вид зголемено самофинансирање на Општината по основ на издавање на истото под наем,

или стопанисување со истото, со што навистина има можност за слевање на дополнителни средства во Буџетот на општината.

Основни стопански гранки во Општина Тополчани се земјоделството и сточарството. На пример пченица има околу 10.000 тони производство во текот на една година, тутун околу 500 тони, бостан околу 2.000 тони, а во последно време има и значително производство на градинарски производи. Има околу 1.500 грла на крупен добиток, 10.000 грла ситен добиток, и се повеќе изразена тенденција за создавање на современо сточарство кое што е изразено преку изградба на мини фарми. Има околу 300 лица кои што се вработени во стопански и нестопански дејности и навистина тоа претставувза солиден извор на финансиски средства со оглед на големината и потребите на оваа општина. Исто така, од страна на Советот на Општина Тополчани донесен е генерален урбанистички план со кој е предвидена и индустриска зона во непосредна близина на патот Прилеп Битола, со што дополнително се отвараат можности за дирекни инвестиции во разни индустриски области, со што се создаваат и потенцијали за забрзување на економскиот развој на Општина Тополчани.

За реализација на повеќе проекти во Општина Тополчани обезбедени се средства од страна на државните институции, од невладините организации како што се УНДП, УСАИД,ФАРЕ,УНИЦЕФ и тн. со што значително се придонесе за развојот на Општина Тополчани. Во сеганиве услови на функционирање на Општина Тополчани постојат следните инфраструктурни објекти. Прво, три централни осумгодишни основни училита со пет подрачни училишта. Ако го земеме критериумот за Пласница каде што постои едно основно училиште, а таа останува општина, тогаш Општина Тополчани има три пати повеќе аргументи за да опстои кога се има во предвид овој критериум. Потоа, во оваа општина има две здравствени амбуланти за примарна здравствена заштина, има две ветеринарни амбуланти, има две истурени одделенија на Македонски пошти и развиена телефонска мрежа со која е покриена територијата на целата општина, има Дома на култура со кино сала и библиотека и други помошни простории, има регионална трафостаница од која со електрична енергија се снабдуваат 24 населени места од овој регион, има откупна станица на тутунскиот комбинат од Прилеп, има полициска станица и навистина сето ова укажува дека Општина Тополчани ги исполнува сите оние критериуми

за да може таа да опстои како општина. Со тоа секако би се придонело во однос на намалување на миграцијата село-град, односно развојот на селата кое што ќе значи надминување на запоставеноста во која што се наоѓаат селата во овој момент. Ако некоја општина има инфраструктурни можности, инфраструктурна решеност на потребите на граѓаните, навистина Општина Тополчани е таква општина согласно тоа независно од бројот на населението, затоа што како што беше речено и претходно, бројот на населението под пет илјади како правило веќе се применува во неколку општини. Тоа може да се примени и во оваа општина и на тој начин со прифаќањето на опстојувањето на Општина Тополчани ќе се придонесе навистина за почитување на интересите на жителите на оваа општина, на нивната волја која што е изразена преку референдум и на тој начин навистина ќе се исклучи потребата да мора да одат по подрачните единици на Министерството за правда и да даваат потписи за референдум за зачувување за својата оптина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Процњедурално, г-нот Благоја Гешоски

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ

Почитуван претседателе, сметам дека објаснувањето на колегата Стојановски и правдањето дека населеното место Канатларци е изоставено од техничка грешка не е во согласност со Деловникот и дека како такво ние не можеме да го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Јас тоа го кажав, дека е тоа втор амандман, таму може да го дискутираат.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ

Токму на тоа се однесува и второто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Јас веќе тоа го кажав и кршењето на таа процедура ја уочив.Работата е во тоа што Г-нот Блаже Стојаноски можеби сака, или не сака да се држи до Деловникот.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ

Меѓутоа, другото прашање е упатено до Вас процедурално. Навистина ова се два формално правно, би рекол, различни амандмани. Меѓутоа нивната суштина е иста, а ние ги разгледуваме поединечно. Така работиме во текот на изминатите денови. Меѓутоа,

што значи теоретски неприфаќање на првиот амандман, неприфаќање на вториот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Г-не Гешоски, тука нема теорија, тука има Деловник.Тоа се два различни амандмани. Да беше вториот амандман во рамките на првиот, тоа ќе беше еден амандман. Тука нема теорија, туку има Деловник и ние ке си ги гледаме амандманите како што се на списокот дадени.

Има збор г-нот Жарко Караџоски

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

На почеток да расчистиме, значи не сум пријавен процедурално, немам овластување од координаторот. Инаку се јавив за дискусија.

Почитуван претседателе, колеги пратеници, значи немам намера сега сето она да го повторувам што го кажа Г-нот Блаже Стојаноски. Имам намера јас да бидам продуктивен. Иако се она што го кажа е дел од еден елаборат кој што елаборат е доставен до нас од граѓаните на Општина Тополчани, како и од другите општини каде што самите врз основа на она што како граѓани, бидејки живеат таму, дошле до одредени констатации што е за нив подобро, а што не е.

Со една таква ретроспектива што е направена во периодот до 1996 година или поточно во периодот кога станале општина и она кога не биле општина јасно е дека нивната волја и желба е да имаат самостојна општина. И, затоа е нормално поткрепена со сите овие показатели кои што ги наброи господинот Блаже Стојаноски, кој што јас не би сакал да ги повторувам. Меѓутоа навистина се поставува едно прашање и овдека се поставува една дилема, постојана дилема, се зборува позицијата поднесла амандмани за зачувување на општините, Владата поднесла Предлог на Законот кој што ги намалува борјот на општините и сето тоа на некој начин разбирливо, но би сакал да кажам дека во случајот кога предлагаме амандмани, конкретно и за Тополчани и за претходните јас лично како пратеник се водам од тоа што пред се, сум избран од граѓаните и ако нешто ми е должност како пратеници, тоа е должност да ја почитуваме волјата на граѓаните.

Исто така почитуван Претседателе, почитувани колеги имам обврска и она што самите граѓани нормално го бараат од мене како нивно лице кој ги претставува овде да ги

изнесам и аргументите и фактите кои што самите граѓани ги сметаат и мислат дека се оправдани.

Значи, во поглед на сето ова тука како пратеник сум ограничен во принцип на тоа што за мене бројката од една општина која брои околу 2.924 жители според последниот попис е обврска да го почитувам нивното мислење. Уште повеќе за мене исто така е обврска она што самите жители согласно одредени законски овластувања направиле. А, тоа е, тие спроведоа со Одлука на Советот на Општината референдум, тој референдум беше успешен во правец на тоа Општината да опстане и тоа е она што е доставено до нас, а мислам и до Владата има не само за Општина Тополчани туку и за другите општини и за се друго, и тоа е она кое што ние како пратеници кога седиме во овие клупи треба да ни биде обврска и да го презентираме.

Ако сето тоа го поткрепиме, не е само волјата и желбата во прашање туку и она што се аргументира во правец на тоа зошто пак самите граѓани мислат дека им е подобро да бидат самостојна општина отколку споена со градот Прилеп односно Општина Прилеп исто така е аргумент кој што треба да го почитуваме. Јас тоа го почитувам. Можеби како прилепчанец кој доаѓа од градот Прилеп ми е некаква желба градот да биде поголем во смисла на тоа кога се зборува за други општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, со редење обврски, никогаш нема обврската да ја завршите. Ве молам, поминете сега на Тополчани.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

А, за што правам сега муабет Претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувате за обврски, обврски, обврски, поминете на обврската да ги објасните ставовите и Вашата обврска за Општина Тополчани, да ги објасните овде.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас Претседателе кажав дека сакам да бидам продуктивен и мислев да завршам, меѓутоа со оглед дека сакате да преминам на обврските, дозволете да преминам на обврските и сега ќе ги читам уште еднаш.

Општина Тополчани, сега бидете стрпливи, немојте да коментирате, цело време, се наоѓа во средишниот дел на Пелагониската рамница и истата претставува еден вид на граница помеѓу битолско и прилепско поле, наречена Тополчанска морфолошка греда. Општина Тополчани опфаќа површина 158 км2 и според големината на површината се вбројува во средни општини во Република Македонија. Сега небегам од тема, ништо.

Во Општината според последниот попис на населението живеат 2.924 жители населени во 14 места, а националниот состав го сочинуваат: 70,34% Македонци, 27,06% Турци, 2,36% Бошњаци, 0,2 % останати. Низ територијата на Општина Тополчани поминува регионален пат Р106 Прилеп-Битола и самото седиште на Општина Тополчани кое се наоѓа во селото Тополчани е оддалечено 20 км од Прилеп и Битола како поголеми регионални центри во овој регион што отвара можност за побрз економски развој на Општината Тополчани.

Исто така, низ територијата на Општина Тополчани поминува и железничката пруга Битола - Скопје и течението на Црна Река. Едно вакво геогравско место повлекло богата историја како седише на Општината. Општината Тополчани во еден подолг континуитет на нејзиното постоење, а тоа е времето кога за прв пат е формирана веднаш после Балканските војни 1912 година со нејзин прекин во времето на Првата Светска војна од 1914до 1918 година поради блискоста на линијата на т.н. Солунски фронт, а веднаш по 1918 година продолжува нејзиното постоење до 1964 година, што значи постои и за време на фашистичката окупација од 1941 година до 1945 година.

По ослободувањето Општината ги преживува сите експерименти во прекројувањето и оцртувањето на општинските граници се до фаталниот за неа експеримент на нејзиното укинување во 1964 година. При територијалната поделба која функционирање до 1964 година Општината Тополчани зафаќаше поширок регион од повеше од 35 населени места со повеше од 18.000 жители и истата ги опфаќала сегашните, Општина Тополчани, Општина Добрушево и дел од населените места на сегашната Општина Могила.

ВО тој перод постигнат е значителен економски подем во областа на економијата, инфраструктурата, културниот развој и сл. Со укинувањето на тогашната општина

Тополчани доаѓа до стагнација во развојот на сите овие области со што се предизвикува миграција село - град и иселување во други држави со што доаѓа и до опустошување на населените места во ова подрачје. Општината беше на самостјоно финансирање што сосема успешно го оправда. Таа тогаш беше вистинска реална, независна, стабилна и се наоѓаше пред сигурен развој како рурална земјоделска општина геогравски и просторна целина.

Ако го преживееше за неа фаталното укинување во 1964 година денес ќе беше една добро развиена рурална општина и ќе одиграше пресудна улога во анулирање на миграцијата која Пелагонија доста ја осети. И, ако денес ја погледнеме Пелагонија не е она што беше тогаш. Експериментите си го направија своето и пожелно е да не се повторат. Согледани се сите грешки направени досега спрема Општина Тополчани и слични на неа рурални општини. Овие експерименти во територијална смисла развиените урбани и вистински развиени општини не беа загрозувани со исклучок скратувањето на ингеренциите, надлежностите што сега со овие највнови измени во надлежностите нема да бидат вклучени. Урбаните општини, без разлика на се што се случило, тие останале, се развивале и економски се јакнеле.

Шансата е за ревитализација на овие населени места се укажа со формирањето на Општина Тополчани во 1996 година, па така да самата Општина Тополчани преку своите органи од формирањето до денес преземе и реализира низа проекти од областа на економскиот развој, инфраструктурниот развој, развојот на меѓунационалните односи и сл. Во период од седум години од постоењето на Општината Тополчани во сегашните рамки истата го активира новиот инвестиционен циклус во рамките на кој се реализирани следните проекти: пад на инфраструктура, изработени се седум главни проекти за локални патишта, пробиени и тампонирани се 10 км локални патишта со кои е овозможен пристап буквално до сите населени места на општинскиот центар, асфалтирани се повеќе од 10 км локални патишта, тампонирани и асфалтирани се улици во повеќе населени места, изградени се седум што поголеми што помали мостови на локалните патишта, редовно е извршувано зимското одржување и заштита на локалните патишта и улиците во општината.

Два, водоводна и канализациона инфраструктура. Изработени се на ниво на главни проекти за водоснабдување, реконструкција и реновирање за локалните водоводи на сите населени места. Изградени, реконструирани или во фаза на изградба се повеќе од седумлокални водоводи.

Три, објекти од јавен карактер. Изградени, реконструирани, реновирани и опремени се редица на објекти од јавен карактер како што се: општинската зграда, редица културни домови по населените места, повеќе основни училишта, детски игралишта, паркови, зелени површини, спортски објекти и сл.

Покрај горе наведеното од страна на општината помогнато е во развојот на земјоделството и сточарството. И покрај немање законски ингеренции во таа област со што се изработени главни проекти и истите се реализирани т.е. изградени се повеќе од соум микроакумулации за наводнување на земјоделските површини и напојување на крупната и ситна стока од овој регион.

Напоменувам дека на територијата на сегашната Општина Тополчани има 60.000 декари високо-квалитетно обработливо земјоделско земјиште од кое што околу 30.000 декари се во сопственост на Република Македонија и со истото располага и управува Министерството за земјоделство кое што и покрај тоа колку жесто и да звучи нема никаков увид и сознание кој стопанисува со истото земјоделско земјиште, така да истото во подолг временски период се узурпира од страна на разни физички и правни лица кои досега според сознанијата не платиле никаков надоместо за самото користење на ова земјиште, а уште помалку било какви даноци према државата по основ на добиени приходи од користење на истото. Доколку имашеможност Општината Тополчани да располага со ова земјоделско земјиште во секој случај истото ќе претставуваше основа за добивање извор на приходи на Општината односно т.н. самофинансирање по основ на издавање на истото под наем или стопанисување со што ќе се слеваат дополнителни средства во Буџетот на Општината.

Во Општина Тополчани основни стопански гранки се: земјоделието и сточарството. Како пример би го навел годишното производство на пченица кое изнесува околу 10.000 тони, тутун околу 500 тони, бостан околу 2000 тони, а во последно време имаме значително производство на граднарски производи. Сточниот фонд го сочинуваат околу

1.500 грла на крупен добиток, 10.000 ситен добиток, а во последно време има современо сточарство изразено со мини фармери. Вкупниот број на вработени во стопанските и нестопанските дејности изнесув аповеќе од 300 лица што претставува солиден извор на финансиски средства спроед новиот Закон за финансирање на општините се мисли на персоналниот данок.

Во Општината Тополчани почнат е инвестиционен циклус од приватни стопанственици во разни стопански гранки од кои се издвојува инвестицијата во рударството и преработката на гранит која претставува едно од ретките рудни богатство во Република Македонија. Исто така,. од страна на Советот на Општина Тополчани донесен е Генерален урбанистички план со кој е предвидена индустриска зона во непосредна близина на патот Прилеп - Битола со што дополнително се остваруваат можности за директни инвестиции во разни индустриски области со што дополнително ќе се забрза економскиот развој на Општина Тополчани.

Почитуван Претседателе ова не го читам за Вас и за мене, меѓутоа тука би требало да биде... а тука е министерот, се извинувам. Бидејќи видов излезе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас колку што Ве разбрав, за граѓаните го читате тоа.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па и ние сме граѓани, што сме. За реализација на целиот овој инвестиционен циклус во Општина Тополчани покрај тоа се обезбедени средства од страна на државните институции исто од невладини организации како што се УНДП, УСАИД, УНИЦЕФ, ФАРЕ, со што значително се допринесе во развојот на Општината Тополчани.

Во сегашниве услови на функционирање на Општина Тополчани постојат слендите инфраструктурни објекти:

Прво, три централни осумгодишни основни училишта со 5 подрачни училишта.

Второ, две здравствени амбуланти за примарна здравствена заштита.

Трето, две ветеринарни амбуланти.

Четврто, две истурени одделенија на Македонски пошти и развиена телефонска мрежа со која е покриена територијата на целата општина.

Петто, дом на култура со кино сала и библиотека и други помошни простории.

Шесто, регионална трафостаница на Електростопанство од која што со електрична енергија се снабдуваат 24 населени места од регионот. Потоа, откупна станица на Тутунски комбинат - Прилеп и многу битно Полициска станица.

Сето погоре наведено, тука почитуван Претседателе, укажува на тоа дека со укинувањето на Општина Тополчани согласно новиот Предлог-закон за територијална организација или популарно наречен територијална поделба ќе се прекине започнатито инвестиционен циклус односно ќе се запре економскиот развој на оваа територија што меѓувремено ќе предизвика понтамошно опустошување на населените места во овој регион и во секој случај на појава на нова миграција село - град и иселување на жителите од ова подрачје во други држави.

Во тек е најавено донесување на Законот за просторен план на Македонија во кој се навестува смалување на миграција и развој на селата. Тој е веќе донесен.

Нечитам повеќе, ќе резимирам на крајот. Значи, ако ме прашате дали треба да остане оваа општина, одговорот е да. Ако ме прашате пак, дали мнозинството ќе го изгласа, одговорот е не. И, ако ме прашате дали овој закон воопшто треба да помине исто така одговорот е не. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине

Господине Стојановски дали имате нешто да додадете на вака исцрпно образложение. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Покрај вака исцрпни образложенија навистина треба да се спомне и еден аргумент што не се однесува само на Општината Тополчани туку и на сите други општини. Се работи за фактот што во Општина Тополчани е сместена депонија или ѓубриште каде што се фрла ѓубрето од Општина Прилеп. Факт е сите ние кои имаме патувано кон Битола или во тој правец можеме да забележиме какви чадови има тамо и се она што се случува и каква грижа има и за околината околу ѓубриштето и за останатите аспекти за заштита на населнеието кое има тука свои ниви, своја стока што ја напасува во близина на ова ѓубриште. Значи, негрижата за ова ѓубриште доволно кажува дека ставањето на Општина Тополчани под градот Прилеп затоа што сега и покрај тоа што постои Општина

Тополчани ѓубриштето е под ингеренција на градот Прилеп, значи и кажува факт дека единствен начин за да се заштитат интересите на локалното население е тоа локално насление да биде органзирано во своја општина и самостојно непосредно да се грижи за реализација на сопствените потреби од секаков вид. Во овој случај за земјиштето се работи за еколошки проблеми.

Се работи за здравствени проблеми, во секој случај, се работи за решавање на оваа проблематика на начин кој што ќе биде во согласност со жителите  и на Општина Тополчани. Значи, сето ова покажува дека фактот на вештачко припојување на рурални региони со урбани населби не претставува ништо друго туку само создавање на општини согласно некаква бројка која што е потребно да се постигне и задоволување на некакви политички или етнички потреби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, дали некој друг бара збор? Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат да гласеме пред паузата.

Инаку, заборавивте да спомнете дека во Тополчани е најголемата хидрометереолошка станица. Така да, науката е малку запоставена.

Ги молам пратениците да влезат за да го спроведеме гласањето.

Господине Караџовски ги изненадивте пратениците со краткоќата на Вашиот говор, се чини заминаа на ручек.

Затоа, објавувам пауза до 14,00 часот.

(Паузата започна во 13,00 часот)

(пауза од 13,00 до 14,10 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, терба да пристапиме кон гласање на амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Почитувани пратенци, седнете на своите места, бидејќи претресот по амандманот беше заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, од кои два за амандманот, нема воздржани, 57 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под Б, за додавање нова точка 67- а, по точката 67, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец и амандманот на член 10 под б, за додавање нова точка 67-а, по точката 67, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска , тоа се точките 40 и 118 од списокот на амандманите по редоследот по кои се води претрес се со иста содржина, предлагам по нив да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив пооделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 57 гласале за, нема воздржан, еден против.

.Во салата се присутни 64 пратеника, констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот.

Повелете г-дине Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, според сценариото што ни го дадовте ние би требало да сме на точка 40. Со оглед на тоа што помина точката 39 од сценариото за општина Тополчани, сега треба да сме на точката 40.

Сега спојувањето со другите општини претходно спојувавме, но тие беа блиски во сценариото. Не знам на Лилјана Поповска..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го-дине Трајановски, јас реков дека точката 40 по сценариото и 118 се со иста содржина до буква и затоа предложив заедничка расправа, а ќе се гласа поединечно. Не е испуштена точката 40. Тој предлог е изгласан.,

Отворам претрес по амандманот на член 10 под Б, за додавање нова точка 67-а, по точката 67, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец и по амандманот на член 10 под Б, за додавање нова точка 67-а, по точката 67, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

ЏЕВАТ АДЕМИ:

Амандманот не е прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Поволете г-дине Оровчанец, имате збор.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам г-дине претседателе , јас се надевав дека ќе биде тука г-динот министер Гештаковски, меѓутоа, во ред, тука е неговиот заменик г-динот Џеват Адеми, меѓутоа она што жалам што не е тука министерот што сакав да упатам во некои мои размислувања и начела околу самиот закон за територијална организација.

Не би сакал да ме прекинувате за да не почнам да читам колку улици има, би сакал, само некои начелни елементи врзани за амандманот за Центар Жупа затоа што сметам дека ова е еден од типичните примери на неадекватно решавање.

Практично со овој амандман барам опстанок на општината Центар Жупа со седиште во селото Центар Жупа во досегашните граници со сите структури и села кои до сега опстојуваа во оваа општина.

Сметам дека со поништувањето на општина Центар Жупа се поништува практично една природна географска целина што се оневозможува практично секаков вид на позитивен развој на овие населени места во општината, развој кој веќе од 1996 година наваму е крајно очигледен.

Со нејзиното спојување кон една од градските средини односно општината Дебар со центар во Дебар многу логично ќе биде запоставувањето на руралните области кои ќе

бидат припоени кон гадот Дебар со што директно ќе се загрозат локалните интереси на населението на Центар Жупа.

Исто така со вакво припојување на оваа општина, радикално се менува етничкиот состав на теренот. Мене ми е јасно дека ние не можеме да најдеме оптимален закон за децентрализација во кој би биле опфатени и територијалната организација и фискалната политика, меѓутоа, сега сме во една ситуација да имаме Предлог закон каде територијалната организација се прави, на многу погрешен начин, практично ова што јас глобално со еден збор можам да го видам, тоа важи и за Центар Жупа како општина е реприза на т.н. децентрализација во бивша Југославија каде се направи окрупнување кое ги направи сите последици за кои сме сведоци. Тоа окрупнување направи миграција нормално демографска, која направи губење на селото како функција, празнење на руралните подрачја и пад на развојот.

Ваков тип на општини кога ќе се концентрираат односно придодадат кон едно градско подрачје, настанува еден феномен на исцицување , практично центарот на општината ги влече сите структури и елементи како црна точка и не успева да рефлектиура ништо спрема средината што ја апсорбира.

На овој начин практично ќе бидат овие рурални подрачја ставени во една вазална позиција внатре во самата општина и овој принцип конкретно за Центар Жупа, повеќе ми личи на принцип на феудализација над самата рурална област во новоформираната општина која треба да биде направена.

Жал ми е што еден ваков закон се носи кој треба да обезбеди нешто сосема друго затоа што децентрализацијата се прави за сосема други намери, мене ми се јасни грешки од незнаење, грешки од политички аспект, грешки од суетност итн. меѓутоа, во целиот елемент на овој закон мора да има нешто што би создавала еволутивна клаузула нешто што би можело кај луѓето да добијат впечаток дека ќе може да се направи некаков развој. Овде тоа не можеме да го видиме, гледаме практично една доминација на политичко-етничките карактеристики во доменот на законот за територијална организација како типичен пример е општина Центар Жупа.

Би сакал да нагласам дека на овој начин се кршат одредени начела, па и норми конкретно се крши членот 5 за кој многу пати зборувавме и јас, бидејќи е многу краток ќе

го цитирам луѓето да знаат за што се работи. Членот 5 зборува за заштита на границите на единиците на локалната самоуправа и доследно зборува: “Границата на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смее да се менува без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а до колку е можно, по пат на референдум кога е тоа предвидено со статут”.

Конкретно Центар Жупа организира референдум тргнувајќи од Европската конвенција за локална самоуправа чиј потписник е Република Македонија значи овие норми на некој начин се облигаторни за нас.Тргнувајќи од таа позиција на 4.01.2004 година е спроведен референдум во општина Центар Жупа. Од 6300 гласачи на референдумот се излезени 5157 гласачи односно 86,5% од оние кои имаат право на глас, гласале од нив 98,8% за зачувување на општината.

Ако ги земеме сите параметри и јако изразената волја спроведена преку референдум, облигациите кои постојат на нас како Собрание, сметам дека е крајно несериозно од предлагачот на овој закон да не го прифати овој амандман и затоа мислам овие луѓе кои излегле на референдум, тогаш треба повторно да излезат на другиот референдум за да ја сочуват својата општина затоа што очигледно власта и позицијата немаат такви намери изразени преку заменик министерот кој го негираше овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Како што кажа колегата Оровчанец, овој амандман е поднесен со цел опстојување на општина Центар Жупа во границите во кои постои сега.

Со овој предлог оваа општина Центар Жупа влегува во општина Дебар.

Колегата Оровчанец кажа дека Центар Жупа организираше референдум на кој 99% се изјаснија за опстојување на оваа општина.

Ќе кажам само накратко определени аргументи кои беа доставени и до вас како претседател на Собранието, а вие ги дистрибуиравте и до останатите пратеници кога беше во прва фаза кое се однесува на барање на општина Центар Жупа да опстои во постојниот статус.

Во ова барање жителите на општина Центар Жупа сметаат дека првобитниот предлог кој остана и во оваа фаза во овој Предлог на закон е избрзан и штетен за граѓаните од овие простори.

Територијата на општина Центар Жупа зафаќа површина од 111 км,2, според последниот попис брои 6300 жители во самата општина постојат 20 населби кои се регистрирани во 14 месни заедници.

Според структурата на населението најголем број од жителите кои живеат во општина Центар Жупа се турци, меѓутоа, живеат албанци и македонци.

Во ова барање жителите на Центар Жупа укажуваат дека по создавањето на општина Центар Жупа со Законот за територијална организација од 1996 година овој рурално заостанат крај добива своја динамика или има определен динамичен развој и претставува типична рурална средина во која се создаваат услови за живот и за враќање на луѓето кои во тој период биле иселени од оваа општина.

Во некокуте аргументи по критериумите кои ги даде министерот за локална самоуправа во нивното барање е наведено дека сите селски населби имаат добиено улично осветлување , изградени се водоводи во повеќе населби, асфалтирани и пробиени локални патишта со што всушност е олесната комуникацијата на луѓето, канализациони системи, реконструирана електрична мрежа со нови трафостаници и во тек се започнати проекти од водоводи и канализација, патишта и останати објекти.

Сега, до колку оваа општина згасне, согласно Предлогот на законот и ако колегите пратеници од позицијата не гласаат за овој амандман општината Центар Жупа да опстане, тогаш сите започнати проекти кои се однесуваат на инвестиции во оваа општина сигурно ќе престанат и со тоа верувајте дека ќе се поттикне натамошното иселување на анселениетло од Центар Жупа и опустошување на селат акои постојат во сегашната општина.

За историските специфики на Центар Жупа не сакам да разоварам и да ви укажувам, колегите пратеници го имаат добиено ова и успеале во првата фаза да го прочитаат и на крајот од ова барање на луѓето од општина Центар Жупа имаме потписи од 14-те месни заеници кои постојат во оваа општина.

Е сега, мене ме буни тука друго нешто. Често пати и од министерот и од колегите од позицијата за сите амандмани за кои досега расправавме, јас не можам да разберам, дали всушност се залагаме ние за нефункционални гломазни општини, кои во тој регион ќе станат мегалополиси, така како што е предложено во Предлогот на Владата, каде ќе имаме концентрација и на жители и на сите капацитети. Или пак се залагаме за дисперзирање на сите можни ресурси и во сите сегменти на Република Македонија, на целата територија на Република Македонија, за да можеме со таквиот дисперзиран начин да обезбедиме и да овозможиме развој целокупен развој на Република Македонија.

Ќе се задржам на економскиот критериум, кој го посочува често пати минситерот за локална самоуправа и во кој е единствениот можеби важен критериум за не прифаќање на амандманите. Меѓутоа, економската или критериумот за економската моќ, се вели дека соодветните општини треба да имаат развиени стопански капацитети, со кои ќе можат да се обезбедат и економската, точниот назив на критериумот е еконмска одржливост на општината, што подразбира општината да има доволен број на стопански субјекти кои би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој. Ова, мислам дека не требале да се трудат Министерството за локална самоуправа, значи пари. Секоја општина треба да има пари. Ако го земеме и Центар Жупа, ако го земеме во предвид фактот дека во моментот во Република Македонија, ниту имаме економија, ниту имаме стопанство, ниту ни еден капацитет да функционира така како што треба да функционира, имаме индустриски пад на производството рекорден. Процентите веќе не се ни важни само, секој месец го соборуваме рекордот. Јас навистина не знам како државата ќе обезбеди средства преку трансфери, или блок дотации до општините и ќе им помогне во развојот на општините вака како што ги предлага со овој закон за територијална организација.

Јас сметам дека , ниту државата ќе обезбеди доволно средства, ниту единиците на локална самоуправа ќе ги имаат потребните средства, согласно вака предложениот закон за локална самоуправа. И на крајот на краиштата, економијата во Република Македонија, и парите кои треба да ги обезбедат единиците на локална самоуправа вклучувајќи ги , така како што се предложени овие општини од Владата на Република Македонија, не верувам дека и оваа територијална организација , почитуван претседателе ќе издржи

определен период. Верувајте дека нема да издржи. Тоа не само што треба да верувате, туку и ви гогарантирам.

Од овие причини, можам со сигурност да кажам овој небулозен предлог на Владата на Република Македонија на која опозицијата ги даде сите до сега минати, идните што ќе минат, па и овој амандмна, заради сите овие причини, ние како опозиција се залагаме за опстојување на сите 123 општини, согласно постојниот Закон за територијална организација. Вклучувајќи го и Центар Жупа, и колегата Оровчанец напомна и јас напоманв дека ако ние мислиме дека оваа локална самоуправа, предложена од територијалната поделба на Република Македонија треба да го постигне мултиетничкиот ефкет на Република Македонија и да и ја даде таа боја и димензија што е наведена во Уставот ќе апелирам до пратениците на СДСМ, на ЛДП на ДУИ да размислат добро пред да гласаат  против овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Острени имате три минути право на реплика.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Благодарам г. претседател,

Нема многу да зборувам, само сакам да разјаснам нешто што предговорниците го нагласија демографскиот состава и сакам да кажам дека немаат доволни информации, бидјеки општина Жупа имала 6,94 албанци со пописот, 12,92 македонци, 79,9 турци. Додека во Дебар, без Жупа се 63,3% албанци. Со тоа што ќе се припои со Жупа ќе има 45% албанци.

Од овде не е тенденцијата да се создаде чиста општина, туку е вистинска правилна политика на Владата која што предвидела соединување на овие две општини и создавање токму на тоа да општината биде мултиетничка.

Второ, во Жупа се изградени патиштата тогаш кога Жупа била со Дебар. Во Жупа е отворена турска паралелка, турско училиште. Сите права на граѓаните се обезбедени и ден денеска. Меѓутоа кој сака да ја види Жупа треба да одите во Жупа и да види дека има многу голема сиромаштија, да види дека сите млади од Жупа се во Италијаи не се

преселуваат затоа што албанците од Дебар со граѓаните од Жупа создаваат брачни врски. Значи, не постои несогласување или нетрпение меѓу граѓните.

Мислам дека е тоа вистински став да Жупа не се затвори, туку да се отвори, да се соедини со општина Дебар, со градот и да продолжи и понатаму да се унапредува. Мислам дека не држат ставовите дека се создават услови да се создадат чисти етнички општини. Туку е токму спротивното, наместо албанците да бидат 63,3% во Дебар, со соединувањето со Жупа тие ќе бидат 45%.

Би ве молел, чисто за информриање на граѓаните кои не слушаат, да се разбере дека ставот на Валдата  и предлогот што поминал до сега е сосема во ред.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имте една минута за контра реплика.

(Друг пратеник смета дека има право на контра реплика).

Не, се однесуваше на вас репликата. Процентите ги кажуваше госпоѓа Којзеклиска, а вие не ги кажувавте процентите. Вие стрикно кажавте дека...

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Прво, да се корегира претседателот, јас проценти не спомнав . Ќе видите од стенографските белешки дека проценти не спомнав. Јас кажав најмногу турци и македонци и албанци. Не оперирав со проценти, тоа да го расчистиме.

Второ, ако колегата Острени смета дека треба да учествува во изградбата на мултикултурна Македонија, нека гласа за амандманот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Голомеов, се јавивте за реплика, имате право на три минути.

Повелете.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам г-дине претседателе,

Би сакал да изразам несогласување со една констатација на колешката дека оваа Влада има тенденција да создаде мегаломански, гломазни општини што ќе станат “мегаполиси”.

Јас би рекол дека тоа не држи и овој закон , оваа намера да создаде општина што, во согласност со ингеренциите што ќе ги добијат со новиот закон за локална самоуправа, ќе бидат во состојба со своите човечки и материјални капацитети да одговорат на истите.

Свесни сме дека со Законот од 1996 година создадовме 123 општини. Меѓутоа тогаш, според Законто за локална самоуправа, секое село можеше да биде општина, бидјеки, пак ќе повторам, според Законот за локална самоуправ, тогаш, според ингиренциите едноставно општините беа сведени на ниво на комунални претпријатија. Значи, може да решаваат само проблеми од инфраструктурата, водоснабдувањето и тоа е се.

Со новиот закон за локална самоуправа на сите ни е јасно како ден дека ингеренциите што ги добивала локалната самоурпава се на ниво на ингиренциите што ги иамаа општините уште во биваша СФРЈ или после одвојувањето од таа заедница. Тогаш имаше 34 општини. Да не се залажуваме, таа териториална организација сигурно не беше поставена врз оснва на некои фиктивни критериуми, туку беше воспоставена врз основа на тоа што претставува функционалност и способност на тие локални самоуправи да се стават со тие ингиренции. Сега имаме слични ингиренции и сакаме повторно да останат 123 општини. Мислам дека сето ова е во функција само на една политичка, чисто партиска кампања. Со ваков број на амандмани се оди кон опструирање на донесувањето на овој закон и едноставно правиме циркус пред гледачите на Република Македонија и ништо пвоеќе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска , една минута иоконтра реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе реплицирам кратко на колегата Голомеов.

Ингиренциите што се даваат на нивоата , согласно новата теритоијална поделба на Република Македонија не значат и пари за единиците на локалната самоуправа. Во СФРЈ, како што спомна колегата Голомеов биле 30 општини, но тогаш имало пари. А, во Република Македонија ни денес ни утре ќе немаме пари.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска имате збор, а потоа нека се подготви пратеникто Кенан Хасипи.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Колеги пратеници,

Сосема на кратко би кажала неколку збора во прилог на подршка на амандманот на мојот ценет колега Оровчанец. Јас давам подршка на опстојување на Општина Центар Жупа, а од кои причини ќе кажам во моето излагање.

Пред малку беше обвинета мојата колешка дека не била никогаш во Центар Жупа. Меутоа, јас сум била во Центар Жупа и текако добро ја познавам Центар Жупа. Тоа е една прекрасна географска природна целина што се наоѓа на левиот брег, почнува на левиот брег на Дебарското езеро, па на Исток се до подножјето на Осоговијата. Со голем број на населени места.  Ја смислам дека за оваа општина што има некаде над 6 илјади жители,незнам точно,  и мислам дека треба да опстане и понатаму како општина бидјеки ги има сите предиспозиции да може да опстојвуа и да ги задоволи во процесот на децентрализација и да го подобри животот на жителите во оваа општина.

Спојувањето со Дебар, мислам дека не е ниту природно, ниту функционално пред се, затоа што навистина Центар Жупа не е некоај богата општина, но и Дебар исто така не е богата општина. Со спојувањето на овие две општини што територијално се некаде приближно исти по територииии , ќе се создаде една голема општина и мислам дека функционирањето на таа општина ќе биде и текако отежнато.

Незнам зошто Минситерството го одби овој амандман ако е во функција на тоа да го прифатат другиот амандман што е многу сличен на овој за Центар Жупа, што проширува уште две населени места во центар Жупа, тогаш можам да го разберам одбивањето на на овој амандмна. Меѓутоа, ако е во функција на гаснење, тотално гаснење на општината Центар Жупа, јас навистина тогаш ќе бидам многу разочарана, затоа што ве уверувам дека оваа општина има итекако посебни специфики и географски и природни и етнографски и навистина претставува еден колорит , посебен колорит во

Макеоднија. Со застапеност на разни етникуми, со задржаност на едно битие што можеби во другите региони на Македонија малку се подзаборавило, па навистина давам подршка за опстојвуање на оваа општина и прифаќање на овој амандман или на оној многу сличен на овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Хасипи, а нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

КЕНАН ХАСИПИ:

Господиен претседателе,сосема на кратко,

Лично сметам дека општина Цетнар Жупа, како посебна географска целина со специфични етно-културни специфичности треба да остане како самостојна општина, меѓутоа со оглед на тоа дека со слична содржина, меѓутоа со мала разлика имам поднесено амандман, ќе го задржам правото да продискутирам подолго и пошироко за овој амадман, во моментот кога мојот амандман ќе дојде на дневен ред.

Благодарма.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Благодарам,

Г-дине Стаменков вие барате збор процедурално.

Повелете.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Господине претседателе, прашав што се случи со мојто амандман број 3119/4 , зошто не се става на днвен ред. Вие не ми одговоривте.

И друга работа, овој амандман е поднесен од Ванчо Стаменков не од Ѓорѓи Трендафилов, туку е посебно заведен во Архивата под посебен број. Барам посебно да се разгледува во Собранието и да биде на дневен ред.

Друга работа, исто така мислам дека вашата заменичка, потпретседатлката на Собртанието Лилјана Поповска ја згреши работата и барав да проверите дали нависитна е направена грешка. Ако е направена грешка , да се исправи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господиен Стаменков, јас се информирав во Служbите и ме информриаа, ако добро ве разбрале или ако добро сте ја предале инфорамцијата, односно вашето барање:

Првиот амандман под архивски број 07-3119/3 е точка 30.1 од списокот на амандманите за претрес и по него е воден претрес.

Под два, првиот амандман под архивски број 07-3119/4 е точка 84 од списокот на амандманите за претрес и по него ќе се води претрес на крајот од претресот по амандманите , заедно со другите амандмани што се однесвуаат на општината Облешево.

Под три, првиот амандман под архивски број 07-3119/5 е точка 32 од списокот на амандманите за претрес и по него е воден претрес.

Тоа е тоа што јас кога ги замолив службите со вас да контактираат, тие го дале. Ако има уште нешто, ве молам службите нека се разберат со г-динот Стаменков. Завршивме со вашето процедурално.

Повелете г-дине Ѓорчев имате збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарма господине претседателе,

Почитувани дами и господо пратненици,

Јас во мојата дискусија принципиелно и доследно, како што тоа го правев и за општините Злетово и Конопиште, ќе се обидам да изнесам аргументи што се надевам дека ќе бидат разбарни од страна на Минситерството за локална самоуправа, од минситерот, од пратениците од позицијата како конструктивен обид за опстанување , барем според мое мислење на оваа многу важна општина во Западниот дел на Република Македонија.

Пред се, принципиелно уште еднаш сакам да укажам на тоа дека Република Македонија како мала и сиромашна земја треба да тежнее кон мали општини најнапред, од аспект на контролата на власта, затоа што општианта е пред се заедница , а потоа единица на локалната амоуправа и природен продукт на меѓучовечката комуникација. Отука, малата општина е подобра за директен котакт на граѓаните со власта, за дирекна контрола на граѓаните на власта и пред се граѓанинот да се чувствуа како дел од власта.

Животните проблеми се разрешуваат на најсоодветен и најконструктивен начин, а потребите се задоволуваат похумано, порационално и поквалитетно. За опстанокот на општината Центар Жупа постојат навистина реални претпоставки не само согласно она што јас го говорев и за општината Конопиште, туку и според критериумите на предлогот на Министерството за локална самоуправа. Значи, пред се растот на бројот на населението тоа е над 6.000, или 6.150 жители по пописот од 1994 година со позитивен популациски тренд од 47%, значи во 1981 година во оваа општина населението броело 4.000 жители, а сега значи во 1994 година, поточно пред 10 години броело 6.150 жители што ќе речат дека ги исполнуваат критериумите за демографски популационите трендови, а исто така подоцна ќе говорам и за етничкиот аспект на општината.

Од аспект на просторот се работи за 111 км2 со просечна густина на населеност околу 50 жители на м2, со над 1.200 ха обработлива површина, другиот дел отпаѓа на пасишта подеднакво и шумски ресурси. Општината се протега на западното било и падини на планината Стогово и се граничи со општините Ростуше, Дебар и Луково. Многу важна карактеристика на општината е дека го зафаќа делот на реката Дрим и дека во непосредна, би рекол транспортна комуникација на магистралниот пат Гостивар-Дебар, излегува на тој магистрален пат, значи ја има и таа погодност, а исто така во близина на вештачката акумулација Дебарско Езеро. Значи ги исполнува сите демографски, популациони, односно просторни, економски критериуми. Во општината постои радио и ТВ сигнал, постои локална телевизиска станица. Во општината едноставно се запазени сите претпоставки за успешен натамошен популациски, економски, стопански и еколошки развој што претставува претпоставка за движење на Република Македонија кон Европа.

Во делот на етничката композиција на заедницата која што живее таму, во најголем дел се работи за населние кое што се декларира како турско, припадници на турската етничка заедница, помал дел на припадници како македонски муслимани и сосема мал дел за припадници на албанскат етничка заедница и тоа е конфигурацијата на тоа население. Ова население живее во 16 населени места од кои што двете најголеми Центар Жупа и Голем Папрадник се на морфолошката траса со обработливо земјиште со над 800, едното 900 жители другото село и се протега се до височините на планината

Стогово каде што двете села Коџаџик и Новак претставуваат регион во кој што се произведува најдоброто сирење во Република Македонија, турското сирење кое што со векови наназад важи како најдобар производител на специфичен вид на бело саламурено сирење. Од друга страна вредно е да се напомене дека во селото Коџаџик е роден таткото на турската нација, а тоа е Кемал Ататурк и оваа општина во Македонија има извонредни шанси за развој на туризмот, тогаш тоа е општината Центар Жупа затоа што една огромна држава која што е во наше непосредно соседство доколку ние му пристапиме на овој проблем сериозно и ја возобновиме куќата во која што е роден Кемал Ататурк, овозможиме достап до Коџаџик на начин кој што претставува ревитализација на тоа село на начин како што тоа го прават во соседните држави Грција, Бугарија, Србија и да не споменам како тоа се прави во Европа. Ние можеме да сметаме заради култот на оваа историска личност за Турција, за Балканот, па и за Македонија во еден културен, во еден историски контекст можеме да сметаме дека оваа општина има најподатливи шанси за неограничен растеж, значи покрај позитивните популациски трендови, покрај економските постулати, покрај езерските води, покрај водите на Дрим и добрата транспортна комуникација оваа општина има ретка шанса милиони и милиони жители за државата Турција да го посетуваат родното место на таткото на турската нација, на модерната Турција.

И во делот на неприродност во спојувањето на општината Центар Жупа кон Дебар. Значи, разбирливо е политичкото влијание на одредени проекти, бидејќи тука многу се повикуваме на Рамковниот договор во делот на Центар Жупа, мислам дека повикувањето на Рамковниот договор, иако за мене временски е анахроно, Рамковниот договор ние одамна го преточивме во уставни амандмани на Уставот на Република Македонија и тоа веќе е завршена работа. Рамковниот договор беше само една рамка, а ние веќе имаме Устав кој што во целост ги опфати сите аспекти на Рамковниот договор и согласно уставните начела на Република Македонија едно од најголемите богатства на нашата држава за кое што многу пати говоревме, мултикултурата, мултиетничкото живеење. А со овој проект на спојување на Центар Жупа со Дебар токму ова население кое што претставува еден специфичен вид на население, значи македонци муслимани, турци, албанци во помал број кои што живеат таму се обезбедува правото населението кое се

изјаснува како припадници на турската заедница над 70% да биде застапена и етничката димензија, но во позитивна конотација. Значи, да избегаме од бинационалната стапица и навистина да овозможиме на припадниците на турската етничка заедница кои што се многу лојални граѓани на Република Македонија, се декларираа како државјани на Република Македонија, а потоа како припадници на турската етничка заедница, да им овозможиме и на македонските муслимани да си ја сочуваат својата посебност, затоа што сите други претпоставки укажуваат дека општината има извонредни услови за развој и на таков начин ќе ги елиминираме неприродните вештачко политички, етнички критериуми, ќе се потпреме на природните етнички критериуми на населението кое што таму со векови живеело и треба да продолжи да живее. А од друга страна тоа ќе значи и исчекор на Република Македонија кон европските стандарди, затоа што европските стандарди го преферираат процесот на одлучување, а не процесот на донесување на закони по вештачки пат. Едноставно ова население се произнело дека треба да остане во ваква конфигурација која што е денес и ќе се овозможи, пак ќе кажам, зачувување на еден ентитет кој што полека, но сигурно исчезнува под притисок на одредени структури во западниот дел на Република Македонија. Се надевам дека оваа моја дискусија навистина ќе биде сфатена принципиелно, се надевам дека може да биде прифатен овој амандман и мислам дека ќе биде за добробит на сите граѓани на Република Македонија, ќе ја афирмира димензијата на граѓанската општинска власт наспроти димензијата на етничка општинска власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас ќе бидам краток и во моето излагање би сакал само јавно да ја дадам поддршката за овој амандман кој што предвидува општина Центар Жупа да остане како самостојна општина и понатаму, значи да егзистира во списокот на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Значи неколку аргументи би навел, иако тие беа подлабоко елаборирани од моите колеги. Значи како прво Центар Жупа има повеќе од 5.000 жители, тоа беше еден од аргументите со кој власта настапи дека една општина не треба да постои, или таа согласно на предлогот кој што ни беше даден во

законот за територијална поделба од првата фаза има 6.299 жители, значи повеќе од 5.000 жители, иако има околу 15-тина општини и во втората фаза кои што имаат помалку од 5.000 жители, а се посебни општини. Значи од тој аспект, значи од тој аргумент би требало оваа општина и понатаму да егзистира како самостојна општина.

Втор аспект, како што беше спомнато референдумското изјаснување на повеќе од 90% од населението и од жителите на општина Центар Жупа, кои што согласно на Европската повелба за локална самоуправа чиј потписник е и Република Македонија, мислам дека таму во членот 5 пишува дека локалната управа мора да биде и треба да биде консултирана при менувањето на општинските граници. Значи овоа јасно зборува дека е прекршен членот 5 од Европската повелба. Значи и тука оди во вториот аргумент кој што оди во прилог на тоа дека Центар Жупа и понатаму треба да егзистира како самостојна општина.

Трето, со спојувањето ќе настане занемарување на целокупниот развој на населените места од Центар Жупа кои што ги има 16 како што рекоа. Сметам дека тие на некој начин ќе станат провинција за општина Дебар и многу помало ќе биде нивното влијание од било кој аспект во нивниот понатамошен развој и решавањето на проблемите на овие населени места отколку ако биде посебна општиа во рамките на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија. Тоа е третиот аргумент.

Четвртиот аргумент, очигледно како и во поголем дел од измените во новата територијална поделба се сменува етничката структура. Таа е добро дадена и точно е дадена во законот од првата фаза во табеларниот преглед каде што доминира 79,74% турско население. Значи секаде онаму каде што се намалува процентот на одредена етничка заедница, особено таа ако е над 50, а паѓа под 50, во овој случај од 79 паѓа на 29, очигледно доведува до големо вознемирување и револт кај таквото население што впрочем го изразува и на референдумот кој што го кажав како втор аргумент поради кој што требаше да остане ова. Значи со ова сметам дека ќе настане влошување на меѓуетничките односи што сега како што знам дека не е таков случај. Ние не би требало со нашите законски решенија да влошуваме одредени состојби, туку напротив ние треба да направиме за нормализација, или подобрување на тие меѓуетнички односи.

Како последен аргумент кој што многу добро го елаборира колегата Марјан Ѓорчев, значи постојат економски услови за опстојување и за развој на оваа општина. Така што мислам дека  и тој аргумент многу држи. И на крајот ќе спомнуваме за финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Јас би кажал со оглед на тоа што законот го гледавме во првата фаза, законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, значи голем дел од финансирањето на единиците на локална самоуправа, значи тоа сакам да го потенцирам дека и понатаму останува со трансфери од Буџетот на Република Македонија. Со оглед на тоа што не ни беа дадени никакви детални анализи за секоја општина колку има потреби, а колку собира од даноците кои што согласно на фискалната децентрализација и се препуштаат да ги собере локалната самоуправа, туку само е дадено провизорни, општи на почетокот на законот, или во образложението на законот и заради тоа како резерва мислам дека  најповеќе ќе се користи дека трансферите од Буџетот на Република Македонија  ќе бидат оној коректив и оној добар процент кој што ќе значи дополнително финансирање на единиците на локалната самоуправа. Значи од сите овие аргументи кои што ги искажав и во поддршка на колегите  кои што дискутираа, јас овој амандман ќе го поддржам.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ќе пристапиме на поединечно гласање по двата амандмана.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 14 за, нема воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 14 за,  нема воздржан, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70, поднесен од пратеникот Силвана Бонева и амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70, поднесен од пратеникот Ејуп Рустеми кои се точки 41 и 149 од списокот на амандманите по редоследот по кои се води претрес се со идентична содржина.

Предлагам по нив да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 55 за, воздржан нема, 2 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам, да се обезбеди кворум.

Го повлекувам предлогот.

Продолжуваме понатаму.

Поединечно ќе ги расправаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот миинстер.

ЏЕВАД АДЕМИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата дами и господа пратеници,

Овој амандман со кој што предлагам општина Џепчиште да остане самостојна општина, а не во рамките на општина Тетово е само еден од седумте амандмани со кои што се обидов да понудам решение како ова би требало да биде територијалната организација на регионот на Тетово со цел да се оствари вистински процесот на децентрализација, а не еден типичен пример да имаме и овде. Со новото решение што ни се нуди за општина Тетово, типичен пример на централизација. Тоа го зборувам од следните причини. Бидејќи досега општина Тетово имаше некаде над 65.000 жители, а со новото решение се предлага општина Тетово да има над 86.000 жители. Значи, 21.000 бројот на жители на општина Тетово се зголемува. Со тоа се укинуваат општините Џепчиште и Шипковица и сметам дека тоа не е во ред и не е во интерес на процесот на децентрализација, не е во интерес на толку споменуваниот овде дух на Рамковниот договор, вклучувајќи ја и децентрализацијата, меѓутоа и градењето на довербата помеѓу етничките заедници. Неможеме да градиме доверба помеѓу етничките заедници ако постојано во сите решенија кои што се нудат во западниот дел на Македонија се трудиме да го зголемуваме процентот на албанското население и велиме дека етничкиот критериум е нужен заради остварување на духот на Рамковниот договор и градењето на доверба, а од друга страна го намалуваме бројот на македонското население во општина Тетово и токму заради е овој комплекс на амандамни и барањето за останување на општина Џепчиште како самостојна општина бидејќи на тој начин нема да се намали бројот на македонското население во општина Тетово од 29 на 23% и та е еден прилог кон градењето на довербата, односно животот помеѓу македонската етничка заедница и албанската етничка заедница во градот Тетово односно во општината Тетово и на тој начин ќе се воспостави еден сооднос од 40% македонско население во општина Тетово и 50% албанско население со 10% присуство на другите етнички заедници.

На тој начин ќе имаат можност и граѓаните македонци да ги остварат своите права а повеќе во новата општина Тетово да имаат повеќе број на началници на подрачни единици и на други институции на локалната самоуправа и сметам дека и број

на советници во исто време, нели желбата е за спојување на сите овие општини кој ќе добие повеќе градоначалници.

Јас не тргнувам од овој етнички принцип, меѓутоа од типот на градење на меѓуетнички општини и мислам дека во тој прилог е и решението кое што го нудам, а општина Џепчиште мора да остане самостојна општина, поради тоа што тоа е и барање на сите нејзини граѓани кои што на референдум јасно го искажаа својот став дека многу подобро ќе ги остваруваат своите права во локалната самоправа доколку општина Џепчиште е нивна општина и понатаму продолжи да опстојува, има доволен број на жители, го исполнува демографскиот критериум, значи над 7.300 жители. Исто така, граѓаните јасно ја искажаа својата волја на референдумот имаат огромен економски пораст, откако станаа општина и токму заради тоа сметам дека општина Џепчиште треба да биде општина како што треба и Шипковица да биде посебна општина. И, во мојот предлог како што е и општина Голема Речица да се собере бидејќи има скоро над 12.000 жители и на тој начин ќе се формира една нова општина Тетово во која што процентот на македонското население ќе биде 40%, на албанското 50% и тоа ќе биде во прилог на растење и јакнење на довербата помеѓу етничките заедници во општина Тетово, а во исто време мислам дека на тој начин и градот Тетово ќе живее свој урбан живот наместо да се спојуваат сите овие рурални општини во една поголема општина Тетово која што ќе има над 86.000 жители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рустеми повелете 3 минути реплика.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Иако јас имам еден ваков амандман  по кој ќе земам збор и ќе го аргументирам зошто сум го дал овој амандман во однос на општина Џепчиште, но ме зачудува фактот на поднесувањето на еден амандман од страна на Бонева, која не го познава воопшто тоа подрачје и верувам дека таа воопшто не била никогаш во општина Џепчиште.

Аргументите кои ги искажа воопшто не држат ниту од страна на составот на населението, значи не се податоците што ги дава Бонева. Во однос на референдумот,

можам да ви кажам дека немало референдум во оваа општина, затоа не е добро да се дезинформира на овој начин јавноста. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева имате 1 минута контра реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега она што го кажав за општина Џепчиште, податоци за составот на населението на општина Џепчиште не дадов туку врз основа на новиот предлог каков ќе биде составот на населението во новата општина Тетово што ја предлагам јас го изложив тој податок за тоа како ќе биде соодносот на населението врз основа на тоа кој на која етничка заедница и припаѓа, меѓутоа дали имам поминувано или дали сум го видела Џепчиште, да сум била во општина Џепчиште, а она што велите дека народот од Џепчиште немал референдум, тоа го има во јавните гласила, пред мене е време од 26 јули 2004 година каде што градоначалникот Исмаили јасно кажува за тој факт и желбата на граѓаните на Џепчиште да имаат самостојна општина инаку тие се закануваат со протест. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господин Томиќ, имате збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас ќе кажам само една реченица, би сакал да го слушнам излагањето и од другиот подносител Ејуп Рустеми, а потоа ќе побарам збор. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе го слушнете кога неговиот амандман ќе дојде. Сега зборуваме по амандманот на госпоѓа Бонева.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ве повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 5 гласале за, воздржани нема, 48 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Го поништувам гласањето бидејќи во салата беа присутни 56 пратеници.

Ги молам службите повторно да го утврдат бројот на пратениците во салата.

Давам пауза до 15,45 часот.

(Паузата започна во 15,25 часот.)

По паузата седницата продолжи со работа во 15,50 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

Во салата се присутни 61 пратеник. Бидејќи е заклучен претресот по амандманот, амандманот го ствам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пртеници, 2 за амандманот, воздржани нема, 57 против амандманот.

Како што реков во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точка 70 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот  на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

ЏЕВАД АДЕМИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, и овој амандман е еден од седумте амандамни со кој што предлагам поинаква територијална организација на регионот на општина Тетово отколку што имаме предложено од Владата и со тоа бројот на жителите на општина Тетово не предлагам да се зголоеми за 21.000 туку да се намали во духот на децентрализацијата која што треба да се спроведе и токму заради тоа барам да биде прифатен амандманот општина Шипковица и понатаму да остане општина, како и другите општини кои што ги предлагам со цел општина Тетово да има број на жители

помалку и етничката струтура на градот Тетово како една урбана средина да биде поинкава отколку што ја предлага Владата односно бројот на албанското население да биде некаде околу 50%, на македонското население 40% и на другите етнички заедници 10%. Со тоа сметам дека ќе се постигне многу во јакнењето на довербата помеѓу двете етнички заедници и во прилог на мултиетничкиот живот на граѓаните од Тетовскиот регион. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 5 за амандманот, нема воздржани, 59 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под в) за бришење на точка 72 поднесен од пратениците Коце Трајановски и Љупчо Балковски.

Го молам претставнкот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот.

ЏЕВАД АДЕМИ:

Амандманот не е прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трајановски имате збор,

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Значи со овој амандман бараме во Законот за територијална организација во членот 10 по точка в) точката 72 да се брише.

Што конкретно значи таа точка. Тоа значи дека 72, општина Бутел со седиште во град Скопје, да се брише. Што практично ние сакаме со овој амандман кој што го поднесуваме.

Имено со оглед на тоа што со овој закон се предвидува формирање на нова општина Бутел, која практично произлегува од постојната општина Чаир, или постојната општина Чаир на некој начин сега се дели на три дела, значи ова е едниот дел кој што се издвојува и тој се наоѓа во изборна единица 2 во која што сум јас пратеник од таа изборна единица и сметам дека имам обврска да го кажам своето мислење во врска со ново формирање на оваа општина.

Сакам да потенцирам дека во првата фаза од донесувањето на Законот за територијална поделба не беше наведено дека општина Бутел ќе биде новоформирана општина во Градот Скопје, туку во точка 4. од тој закон од првата фаза во членот 11 беа дадени дека Градот Скопје е утврден со Генералниот урбанистички план и катастарските општини на селата кои се наведени, сите села во околината на Скопје, оние кои потпаѓаат под општина Гази Баба, Чаир, Карпош, и постојната Кисела Вода и новоформираната општина Аеродром.

Значи, во првата фаза воопшто не беше наведено дека ќе има нова општина Бутел во рамките на Градот Скопје, тоа е индикавиден момент кој кажува дека во меѓувреме помеѓу првата и втората фаза настанале односи меѓу коалиционите партнери кои произлегуваат како резултат на тие односи да не речам партиски пазарења, пред се на етнички принцип настанување на нова општина Бутел во рамките на Градот Скопје.

Сметам дека не е во ред, бидејќи за новонастанатата општина Бутел наместо во првата фаза, ние како пратеници официјално дознаваме кога ни се доставени матријалите, некаде 10 дена ред почнувањето на седницата на 26 јули некаде 15.-16-ти јули, сето тоа траеше кратко време, со оглед на тоа што скоро два месеци коалиционите партнери на различниместа почнувајќи од Маврово, Владата и незнам каде се, се договараа и ја кроеја новата територијална организација на Градот Скопје покрај новата територијална организација на Република Македонија.

Со предложениот закон се предлага Градот Скопје наместо 7 да има 10 општини, една од тие три новоформирани општини е општината Бутел покрај влезот на општината Сарај и општината Аеродром која произлегува од општина Кисела Вода.

Би сакал да напоменам дека досегашната општина Чаир практично на овој начин се дели на две општини, општина Чаир и општина Бутел  односно на три општини бидејќи селото Визбегово се планира да припадне кон општината Карпош.

Што се однесува до селото Визбегово тоа во привот предлог за територијалната поделба е дадено во член 11 како една од селата надвор од урбанистичкиот план на Градот Скопје, меѓутоа, во вториот предлог од Законот за територијална поделба, со оглед на тоа што тука се наведени под в) точка 12. кои општини припаѓаат во Градот Скопје, природно би требало селото Визбегово да припадне под општина Бутел, меѓутоа, го нема ниту во општината Бутел ниту во општина Карпош ниту во општина Чаир, значи во една од трите општини во кои би требало да припадне иако неофицијално преку медиумите и весниците гледаме дека селото Визбегово се планира да припадне кон општина Карпош.

Сметам дека Владата треба да објасни или амандмански да го надополни или да го корегира законот за теиторијална организација не на Градот Скопје, туку како што реков или во општината Карпош, а мислам најсоодветно е да биде во општина Бутел, доколку таа и понатаму остане, бидејќи знаејќи го расположението на Парламентарното мнозинство, овој наш предлог мој и на г-динот Балковски нема да биде прифатен.

Со предложената поделба значителен дел од најурбанизираниот дел практично на општина Чаир ќе припадне на новоформираната општина Чаир додека општината Бутел ќе остане само со еден мал дел на урбана средина и претежно рурална средина во која спаѓаат селата Љубанци, Љуботен, Радишани и како сеуште нелегализирани населби Љуботенски Пат и Кучевишка Бара.

Делот кој се предвидува да припадне кон новата општина Чаир, т.е. да не припадне кон Бутел е дел од постојната општина Чаир кај кој постои солидна инфраструктура, се простира највредниот имот сопственост на општината и каде постојат значајни државни институции од областа на образованието, згрижување на деца, здравство, спорт, како и трговски објекти.

Значи, од областа на образованието нема да биде под општина Бутел со поделбата на општина Чаир најстарата гимназија во Скопје и во Републиката тоа е Гимназијата “Цветан Димов”, три основни училишта, две градинки, библиотека, од

областа на спортот, единствениот стадион во Чаир, единствената спортска сала "Партизан", како и базенот кој сега ќе остане во општина Чаир.

Од областа на здравството значајно е тоа што таму ќе остане Поликлиниката Чаир и Медицината на трудот, од имотот кој со новата поделба не оди во новоформираната општина Бутел, практично останува во постојната општина Чаир која што понатаму ќе зборуваме ги менува границите, тука не би направил дигресија, само би спомнал дека нема да припаднат месните заедници "Рајко Жинзифов", месна заедница "Васил Главинов" месна заедница "Цветан Димов", месна заедница "Вељко Влаховиќ" и месна заедница "Васко Карангелески" кои имаат значителен имот.

Од трговските објекти покриениот пазар, трговскиот центар, "Рајко Жинзифов" и трговскиот центар "Васил Главинов".

Исто така е значајно да се напомене дека најзначајнит стопански објект на општината Чаир во урбаниот дел тој што се наоѓа тоа е Топланата Скопје, која е изградена со огромно ангажирање на локалната самоуправа во периодот од 1998 до 2002 година и која обезбедува централно затоплување на овој дел од градот.

Сакам да напоменам дека сите постојни жители на општина Чаир учествувале во изградбата целосно или дел на овие објекти кои се под државни институции од различни области кои ги спомнав, меѓутоа, сега со делењето на општината во новоформираната општина Бутел иако жителите на новоформираната општина учествувале во нејзиното градење нама ниту  еден од овие што ги напоменав да припаднат во општината Бутел со што таа ќе биде многу осиромашена.

Практично на овој начин правиме делење на руралниот со урбаниот дел, значи оној рурален дел што е од општина Чаир го издвојуваме во посебна општина Бутел, додека урбаниот останува во општината Чаир.

Значи правиме нешто обратно од кој принципиелно се заговара од Владата дека се прави принцип, како што е во Струга и Кичево дека руралните делови се припојуваат кон Градот се со цел Градот да може да инвестира и тие да бидат повеќе развиени отколку што се.

Меѓутоа, со овој случај со двоењето на општина Чаир на два дела на рурален и урбан дел, сметам дека тој принцип се крши и практично воопшто не е како принцип на

Владата при одредувањето на новата територијална поделба на Република Македонија и практично ќе се сведе на тоа дека ова е практично политички договор на етнички принцип.

Многу е значајно што сакам да кажам дека предложената територијална поделба мислам дека ќе ја интензивира миграцијата односно иселување на македонското население од населбите Чаир и Топанско Поле, односно од левата на десната страна на Вардар, што сметам дека ќе биде многу неповолно иако со ова доколку остане во постојните граници општината Чаир, сметам дека оваа миграција која и сега ја има во одреден дел, можеби ќе се успори.

Новата општина Бутел ќе зафаќа само мал дел од урбаната средина, а најголемиот дел е апсолутно неразвиен со многу слаба мрежа на инфраструктура, недостасува водоснабдување, снабдување со електрична енергија, фекална канализација улици, патишта и др.

Исто така, на територијата на новата општина Бутел нема ниту една позначајна државна институција, како што напоменав, туку сите остануваат во постојната општина Чаир која сега ќе има и нови граници зафаќајќи делови од општина Центар, нема ниту еден стопански објект со поголемо значење кое ќе значи финансиска помош од економски аспект за опстојување на оваа општина, ќе му се одземе, што е најважно, од сегашната општина Чаир, селото Визбегово, мислам подрачјето на село Визбегово кое ќе се припои кон општина Карпош, пак апелирам до претставникот на Владата кој го брани овој закон да каже дали навистина како што пишува по медиумите дека атарот или подрачјето на село Визбегово ќе подпадне под Карпош, под Чаир или под новата општина Бутел.

Значи, доколку селото Визбегово биде одвоено од новата општина Бутел ќе се направи една неправда, бидејќи ние со овој предлог практично се залагаме општина Чаир да биде во постојните граници како што е, бидејќи во изминатите 8 години, својот стопански развој општината Чаир, значи локалната самоуправа го насочи кон единствената индустриска зона во село Визбегово преку донесување на планови при што таму веќе се изградени и успешно опстојуваат околу 100-тина стопански објекти, тоа може да се види кога ќе се оди по патот накај границата со Косово, кои стопански објекти треба да бидат носители на развојот на општината.

Со предлогот Владата подрачјето на селото Визбегово да го припои кон општина Карпош не се почитуваат основните природни карактеристики на просторот и со тоа уште еднаш ќе напоменам, ќе се уништи економскиот и стопанскиот развој на овој простор со што дефинитивно ќе се остварат целите на одредени групи за поделба на Скопје.

Многу е значајно општината Чаир да остане во постојните граници, бидејќи до сега немало етнички конфликти.

Имајќи го предвид пртходното и новиот начин на финансирае на локалната самоуправа неминовно се поставува прашањето дали во некоја наредна фаза ќе се укине и постоењерто на општина Бутел, токму поради неможноста за нејзино самостојно финансирање. Тргнувајќи од аспектот дека тврдењето на Владата дека општините ќе опстојуваат само оние општини кои ќе можат економски, самостојно да се финансираат.

Сметам дека овде се прави еден апсурд, едно се тврди, а друго се прави со Предлогот за формимрање на новата општина Бутел.

Исто така сакам уште еден аргумент да напоменам со кој сметам дека не треба да се формира оваа општина Бутел, имено, во членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа ратификувана од Република Македонија  во 1997 година во членот 5 стои дека промената на границите на територијата на која се простира авторитетот на локалните власти нема да се врши без претходно консултирање на заинтересираните локални заедници. Доколку е тоа можно и по пат на референдум.

Согласно на оваа Повелба и Статутот на општината, Советот на општината Чаир распиша референдум кој се одржа на 13 јули 2004 година. На референдумот и граѓаните се изјаснуваа по прашањето дали сте за задржување на општината Чаир во сегашните граници?

На референдумот излегоа 29054 избирачи запишани во единствениот избирачки список или вкупно 52, 53%, од вкупо запишаните избирачи, што значи дека беа излезени повеќе од 50% од избирачите.

Позитивно по прашањето се изјасниле 28,590 избирачи што претставува 98,4% од излезените гласачи.

Констатирајќи дека излегле повеќе од 50% и дека од нив се изјасниле 98,4% позитивно, тоа е многу јасен сигнал до Владата на Република Македонија дека треба да се почитува волјата на граѓаните на општина Чаир таа да остане во постојните граници, т.е. да не се формира новата општина Бутел.

Граѓаните на Општина Чаир со излегувањето на референдум и давајќи го својот глас за неделивост на општината Чаир јасно ја искажале својата волја за единствена и неделива општина како што и досега егзистира.

За резултатите од референдумското изјаснување на време беа известени сите надлежни институции како што се Владата на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа како и Постојаната анкетна комисија за заштита на слободата и правата на граѓаните.

Како што кажав, овој предлог од втората фаза од Законот за територијална организација во Парламентот беше поднесена некаде на 15 јули 2004 година, а референдумот беше одржан на 13 јуни, значи повеќе од еден месец пред предлогот да биде доставен до Собранието или токму во периодот на преговарање на калиционите партнери за територијална поделба на Република Македонија  нормално во тие рамки и на Градот Скопје и во рамките на тие преговори сигурно требало да го почитуваат, бидејќи навреме бил даден, гласот на народот, мислењето на граѓаните од општина Чаир.

Во општината Чаир во постојните граници живеат граѓани од различни националности кои досега немале недоразбирање и несогласности, Чаир од секогаш го карактеризирала мулти етничкиот соживот на граѓаните, затоа сметаме дека Чаир и понатаму треба да остане во постојните граници.

На овој начин со издвојување на општина Бутел како нова втора општина од општината Чаир во руралниот дел, може да настане гетоизација и да се зголеми етничка нетрпеливост како во постојната општина Чаир, така и во новоформираната општина Бутел.

Ние како предлагачи бараме да не се менуваат границите на општина Чаир во ниту еден случај, бидејќи ќе се оневозможи функционирањето на предвидената општина Бутел.

За таквиот став има широка поддршка од граѓаните кои ја искажаа својата доверба покрај референдумот и преку секојдневно јавување и собирање на потписи за референдумот кој предстои, за кој референдум потписите треба да се соберат до средината на август.

Затоа сметам дека општината Бутел не треба да постои и затоа со г-динот Балковски го предложивме овој амандман кој сметам дека ќе најде разбирање и кај пратениците од Парламентарното мнозинство, бидејќи навистина се работи за една општина новофирмирана која практично како фактор плус, аргумент плус таа е дел од Скопје, па да не дозволиме еден рурален дел да биде издвоен од урбаниот дел со оглед на тоа што непрекинато овој дел опстојува повеќе од 40 години како посебна општина Чаир.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гопоѓо Мингова, повелете имате право три минути на реплика.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе,

Сакам само да исправам една невистина што беше искажана од мојот почитуван колега Трајановски. Имено, пред мене ги имам документите од првата фаза, поточно Предлогот за донесување на закон за територијалната организација и организација на град Скопје и сакам да кажам дека во тогашниот член 11 од Предлогот за донесување на закон за територијалната организација стои само подрачјето на град Скопје а во законот за организација на град Скопје и во двете дадени алтернативи е дадено постоењето и на општина Будел и на општина Чаир. Така што е неточна констатацијата дека во првата фаза не ни беше понудено решението за постоење на општините Бутел и Чаир и тоа во истите граници како што е дадено сега и во Предлогот на законот.

Не би сакала, најмалку да говорам колку е рурална општината Бутел, затоа што со тоа ќе ги навредам жителите на населбите Бутел и Радишани, бидејќи не доаѓаат од рурални средини. Потоа, не сакам исто така да говорам за бројните стопански објекти од малото стопанство или само да потсетам дека таму постојат и големи стопански објекти,

меѓу кои секако најголем и најдоходовен е АД Бутел. А за референдумот, особено за оние што се едно национални, мислам дека не треба ни да говорам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што сум од Скопје, од таа изборна единица многу без заинтересиран и во првиот дел и сега и никаде во првиот предлог не стои кои ќе бидат новите општини во градот Скопје. А, во вториот предлог сите тие имаат наведено поединечни точки. Во првиот предлог има само во Глава ИВ, член 11, подрачјето на градот Скопје го сочинуваат, согласно утврдениот генерален урбанистички план и селата се наведени. Додека во вториот предлог, во точката в) - Општини во градот Скопје па вели: Аеродром, Бутел и децидно се наведени. Сите останати општини, освен градот во првиот и во вториот се совпаѓаат некако. Меѓутоа тука е таа скриена, да не речам намера за да може да се каже дури на 15 јули дека градот Скопје ќе биде поделен, т.е. ќе постои нова општина Бутел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Повелете г. Дохчев имате реплика, три минути.

САШО ДОХЧЕВ:

Благодарам претседателе,

Ќе се осврнам на две тези што се погрешни во излагањето на господинот Коце Трајановски.

Прво, ќе се осврнам на оној дел кога спомна дека општината Бутел е рурална општина, односно новоформираната општина Бутел, ќе биде рурална. Јас се надевам дека добро знае, бидејќи е од таа изборна единица, дека општината Бутел се наоѓа на само 3-4 км од самиот центар на градот. Општината Бутел е една извонредно урбана средина, составена од населбите Бутел и можеби најубавата населба во Скопје, да не ми забележат другите населби во Скопје, тоа е населбата Радишани. Точно е дека има и три

селски населби: Љубанци, Љуботен и с. Радишани, што се исто така блиску до урбаниот дел.

Што се однесува до финансиското опстојување на општината, ќе се повторам со колешката Благородна Мингова, ќе го спомнам само АД Бутел, тоа се гробиштата Бутел како една од најјаките фирми во тој дел и се надевам дека знае г. Трајановски дека во тој дел има многу мали и средни претпријатија кои работат навистина добро. Се надевам дека го знае и европскиот тренд на финансирање, да може да опстојат повеќе такви мали и средни претпријатија и дека интенцијата е да се формираат повеќе мали и средни претпријатија. Така што тука е успехот на новата општина Бутел и тие сигурно ќе работат добро, така што финансирањето ќе биде навистина добро.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Општината Чаир, особено општината Бутел ги знам откако знам за себе. Ја знам и населбата Радишани, ја поздравувам нејзината урбанизираност. Мислам дека е добро урбанизирана.

Во својот говор реков - Бутел ќе остане мал дел на урбана средина и претежно рурална средина. Ако ја земеме по површината што ја пофаќаат руралните делови, ќе видиме дека е навистина така и ги набројав тие населби. Така што воопшто сметам и за разлика од другиот дел што останува во општина Чаир се разликува многу. Тоа е во првиот дел.

Во вториот дел, финансиското опстојување, втор пат се спомнува АД Бутел, не би сакал да коментирам со самото тоа. Мојот коментар беше дека во атарот на с. Визбегово, реонот на с. Визбегово во кој што локалната самоуправа 8 години финансираше како единствена економска зона во која што има повеќе од 100 фирми, нема да бидат таму. Тоа е главниот проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Повелете г. Оровчанец имате збор.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе.

Со овој амандман можеме уште еднаш да ја видиме односно реакцијата на Владата во врска со овој амандман можеме да ја видиме неконзистентноста на основните принципи по кои би требало да се види во процесот на децентрализацијата. Практично, таму каде што треба да има зголемување се прави расцепкување, а таму, обратно, каде што треба да се направи спротивното, се прават други параметри. Меѓутоа, единствена конзистентност во сето ова, во сета оваа непринципиелност изразена преку новоформираната општина Чаир е практично етничкиот елемент. Значи тој е една константа што континуирано провејува секаде и за жал, овој момент, етничкиот практично го дефинира самиот закон за територијална организација, со што дефинитивно моето сваќање е дека овој закон ќе биде многу неуспешен и многу брзо ќе мора да ги претрпи промените.

Инаку, што се однесува до самата општина Чаир, новоформираната, со амандманот сме за зачувување практично на општината Чаир во старите територијални граници. Можам да кажам дека е направен само еден политички маневар.

За што се работи? Оваа новоформирана општина Чаир е практично општината Кале. Никој сега не ја спомнува. Во јавноста имаше три месеци дебата, малтене јавна дебата за општината Кале. Ова е практично еден заобиколен начин, тоа е истата територија, исто е направена, исто групирана, само што сега не се вика Кале, туку се вика Чаир. Мислењето ...

(Дофрлање од место)

Ќе кажете дека не е така и ќе имате право да ми кажете. Можеби е разликата во 10% во грешка, меѓутоа генерално 90% од тоа како е формирана, тоа е практично општината Кале.

Законодавецот практично, ја игнорира и стручната јавност и јавното мислење и мислењето на граѓаните, мисли дека на еден ваков практично гњуречки елемент на скриен ној, дека со експонирање на општина Чаир ја прескокнал општината Чаир односно односно општината Кале што претходно беше помпезно најавувана.

Позицијата, практично сака да се потврди сето тоа да го окарактеризира како успех на неформирање на општината Кале. Што значи оваа општина во овие услови? Значи само етничка концентрација што е за сосема други потреби, побуди, а не за основните потреби за кои се врши децентрализација за потребите на граѓаните.

Токму за сите овие работи зборуваа и голем број експерти, меѓутоа деновиве слушнавме коментари од министерот дека се работело за квази - експерти. Тогаш испаѓа дека само политичарите од позицијата се правите експерти во оваа држава, а се друго се квази експерти и не го заслужуваат ниту својот збор ни јавното мислење што треба да го формираат, ниту својата стручност и професионалност да ја манифестираат и со своите решенија и сугестии да го подобрат квалитетот на законот, па на тој начин да го подигнат и квалитетот на живеењето во општината.

Овде, практично, со ова се воспоставува општината Кале, дефинитивно и на тој начин повторно се создава онаа опасна теза на лева и десна страна на реката Вардар, за кое што многу малку сакам овде да зборувам. Меѓутоа, дека јавноста е против оваа општина Чаир има два факти:

Едно е референдумот за опстанок на општина Чаир во сегашните граници, а тоа е спротивставувањето на сите градоначалници на општините во градот Скопје, значи на досегашните 8 општини спротивставувањето на промените што треба да се прават во град Скопје и правено е без нивна консултација. Да напомнам дека овие 8 градоначалници не се од иста партиска структура. Меѓутоа, во поглед на својата градоначалничка функција, во поглед на сознанието и професионалноста во која влегле во функцијата градоначалник, практично сите го делат истото професионално мислење и сметам дека е тоа најрелевантно.  Исклучокот е мислењето на г. Пенов кој што го исклучува своето мислење, очигледно со една единствена намера да и понатаму остане градоначалник на Скопје, кое што веќе го прокламира за свој феуд.

Како крај, би сакал да им напомнам на луѓето кои што излегоа на референдумот за Чаир, за зачувување на старата општина Чаир дека можноста за своето зачувување со такви референдуми што не ги признава оваа власт не можат да го реализираат, меѓутоа можат со референдум на државно ниво да ја сочуваат општината и ги молам да излезат на тој референдум и својот револт против ваквата територијалната

организација на тој начин да го изразат за да имаме територијалната организација каква што е потребна.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас уште еднаш се јавив за збор, сметам нема да бидам досаден ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можете уште 10 пати, бидејќи позицијата беше демократска и не ги ограничи дискусиите.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Видете, се јавив за збор, бидејќи ...

(Дофрлање од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа што вели уште еднаш се јавив за збор, затоа што знаеме дека сте се јавиле еднаш.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се надевам дека ќе дозволите да зборувам.

Бидејќи во првиот мој говор упатив едно конкретно прашање што се однесува на аномалија или грешка во втората фаза од овој закон за територијална организација, што ни се предлага, а тоа е индустриската зона или атарот на с. Визбегово кој што претставува индустриска зона на постојната општина Чаир, сметам дека најдобро ако остане Бутел да биде под Бутел, или ако остане Чаир под постојни граници да биде во општина Чаир, бидејќи таа општина инвестираше 8 години во создавањето на оваа индустриска зона, значи во законот никаде не видов каде припаѓа ова населено место. Ова прашње беше упатено до министерот, претставникот на Владата, заменик министерот да ни каже, доколку знае сега, а доколку не знае да си го разгледа предлго да биде ставен амандман во законот. Инаку, после тоа не ќе може да функционира, ќе

треба дополнително предлог за изменување и дополнување на законот да правиме. Сите населени места што се надвор од генералниот урбанистички план на Скопје, како села, се дадени. За Карпош вели: селата Бардовци и Горно Нерези. За општина Бутел селата Љубанци, Љуботен и Радишани. Значи, Визбегово не е урбанизирано. Според тоа, бидејќи е наведено во првата фаза од законот, што кажав, како прво село што е надвор од генералниот урбанистички план, значи вели Урбанистичкиот план на градот Скопје и катастарските општини со селата Визбегово и да не продолжувам понатаму, значи во првата фаза, во ченот 11.

Во втората фаза, во ниту една општина не се спомнува и затоа беше моето прашање како исправка инаку, пак да потенцирам дека општината Бутел на некој начин е колатерална штета од формирањето на новата општина Чаир или како што рече колегата Оровчанец општина Кале, за да не биде многу голема, па ајде да ги земеме руралните за да го дадеме централниот дел на градот со чаршијата и со другите делови.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Иванова имате реплика.

Повелете.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Не е реплика, туку појаснување, како известител на Законодавно-правната комисија и претседател на ЗПК, ако колегата г. Коце Трајановски ги разгледал амандманите на ЗПК, ќе видеше дека во амандман ИИ, став 3, во точката 7 по зборот “Бардовци” се додава и зборот “Визбегово”. Значи, Визбегово е ставено во општина Карпош. Ова од причина што ЗПК, како Комисија што покрај другите надлежности да ги усогласува сите законски прописи, утврди дека има техничка грешка, односно дека во точката 75 од Законот не е содржано населеното место Визбегово што е составен дел на општина Карпош, а пак во членот 8 од Предлогот на законот за градот Скопје, каде што се јасно утврдени границите на општината во градот Скопје е и населеното место Визбегово. Од овие причини, ЗПК го поднесе овој амандман и тоа значи дека населеното место Визбегово го има во постојните граници на општина Карпош.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Познавајќи го г. Трајановски, тој е еден од ретките пратеници кои најтемелно ги чита сите амандмани и сите извештаи, повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, значи не пропуштате да коментирате независно во која смисла е коментарот. Сметам дека не треба да давате коментари.

Благодарам, во секој случај за комплиментот, меѓутоа не треба да го давате така.

Зборот ми беше, благодарам на колешката на објаснувањето, меѓутоа ние сме стигнати до 45 амандман, или 44. Постојат уште 120 амандмани. Прво и прво не знаеме дали Владата ќе го прифати тој амандман од ЗПК. Тој амандман понатаму ќе биде. Ако го прифати, требаше да каже, претставникот на Владата беше, требаше да каже. Ако не, во тој случај не би требало да одговара колешката.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Да не ја доведуваме јавноста во заблуда, ЗПК работеше со претставник од Владата на седницата и кога беше поднесен овој амандман претставникот на предлагачот се согласи, тоа значи дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас тоа и го прочитав.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Гласале 64 пратеника, 9 за амандманот, нема воздржани 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално, г-нот Никола Апостоловски

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ

Благодарам Г-не претседателе. Согласно членот 64 став 4 од Деловникот за работа на Соб ранието, предлагам Собранието да продолжи со работа после 17,00 часот и за тоа барам подршка од 10 пратеника.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Има подршка од 10 пратеника.

Предлогот да се работи после 17,оо часот од господинот Апостоловски го ставам на гласање:

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 58 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално г-нот Коце Трајновски

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Претседателе, значи и вчера имавме писмо како пратеничка група во кое што баравме поради партиски активности околу организирањето на 101 годишнината од Илинден да ни овозможите после 17,00 часот да не работи Собранието. Тоа беше за вчера и денеска. Денеска повторно доставивме писмо до вас во кое што бараме денеска барем ако не вчера да се почитува желбата на пратеничката група и тоа сметам дека е во ваша надлежност независно од тоа како ке се изјасни парламентарното мнозинство, бидејки пракса била секогаш  вие да ја прекинувате седницата поради партиски активности на одредени политички партии. И сметам дека и денеска би требало да работиме до 17,оо часот, бидејки во глобала далеку сме од крајот и не влијае многу на крајот дали ке работиме плус два часа или три. Значи уште еднаш имам апел до вас и

замолница да го уважите нашето барање, бидејки навистина ни е значајно,бидејки насвистина е 101 годишнината од Илинден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Никој не ве попречува таа ваша активност да ја остварите. А јас Деловникот не го прекршив.

Отварам претрес по Амандманот на член 10 за додавање нова точка 73-а по точката 73, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор Заменикот министер за локална самоуправа.

ЏЕВАД АДЕМИ

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Има збор г-ѓа Ристана Лалчевска

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА

Благодарам г-не Претседателе, колеги пратеници, јас овој амандман предлагам после точката 73 во членот 10 да се додаде нова точка 73-а која ке гласи: Општина Драчево со седиште во град Скопје, односно предлагам основање на нова општина во рамките на градот Скопје. Значи, изземање на Драчево од досегашното функционирање во рамките на Кисела Вода.

Според мене проблемот на територијалната организација на општините во Република Македонија се смета за мошне сериозен и важен елемент за развојот и општото функционирање на социоекономските системи во државата, развојот на населбите и развојот на населението во Република Македонија. Територијалната оргзанизација на Република Македонија треба да се направи професионално и врз база на научни и издржани принципи и критериуми кои се користат во многу високо развиени земји во Европа и во светот. Во констелација на ова претходно кажано ке го истакнам токму тоа дека населеното место Драчево со својата околина ги исполнува принципите и критериумите за постоење на посебна општина во рамките на градот Скопје како целина.

Просторот на централниот и јужниот дел од сливот на Маркова река и сливот на Мала Рада на исток е југозападно продолжение од Скопската котлина морфолошки така издвоен да се смета како посебна географска целина.Посебноста како дела од Скопската котлина и специфичната географска положба на Драчево со неговата околина која се наоѓа на само 12 км од центарот на градот, нејзината географска постаеност диктира едни природни граници за постоење на оваа општина во рамки на градот Скопје. Општината би се простирала на некаде 4,2 км во правец исток-запад и 4,6 км во правец север-југ со површина од некаде 19,6 км2.Тоа е една задоволителна простираност на општината за да може да е и функционална. И би имала некаде приблиожно околу 28.000 жители што е сосема задоволителен стандард за една типична развиена градска општина.

Населбата Драчево претставувза еден гравитациски центар токму како резултат на нејзината специфична географска поставеност. Исто така, оваа општина ги исполнува, има многу свои историски традиционални принципи кои укажуваат дека претставува една целина, има економски потенцијали кои се еден базен критериум за определување, дали еден определен населен простор може да егзистира, или неможе како посебна општина. Економската одржливост на општината е токму една од основните начела кои треба да се задоволат при правењето на територијална организација и при реорганизирање на локалната самоуправа во Република Македонија. За жал овде е случај дека таквиот критериум не е до крај испочитуван, бидејки идната општина Драчево како територијална организација го исполнува овој принцип и овој критериум и ги има сите одржливи економски потенцијали за да функционира како типично градска средина.

Околу приходот што би го остварила идната општина Драчево, не би сакала да калкулирам со бројки. Меѓутоа, сите извори што ке ги има идната општина укажуваат на тоа дека многу успешно, многу функционално би работела и би ги задоволувала потребите на населението кое живее во оваа општина Драчево како урбана целина е солидно сообракајно поврзано со градот Скопје, значи може да егзистира како посебна општина во градот Скопје. На својата територија има значајни објекти кои се витални за опстојување на една општина како стопански, така културни, образовни, здравствени и тн. Во бројки не би навлегувала, претпоставувзам дека на Министерството секоја бројка му е

позната, знае колку потенцијали од сите параметри има оваа општина и дека сите тие го задоволуваат овој критериум на објекти, сообракајници и тн. за опстојување на една градска општина. Исто така го задоволува и административно правниот принцип идната општина Драчево. Јас навистина незнам зошто Министерството не прифати општината Драчево која ги исполнува потполно сите критериуми и принципи за посебна територијална организација во рамките на градот Скопје да егзистира како посебна општина, за жал не и даде шанса на оваа општина да може во рамките на градот Скопје како посебна општина да ги задоволува сите идни потреби на жителите на ова подрачје и да им ја доближи власта поблиску, затоа што ние влегуваме во процес на децентрализација, а верувајте Драчево во рамките на Кисела Вода која има над 100.000 жители никако не ке може да ги види благодетите на децентрализацијата. Благодетите на децентрализацијата за идната општина Драчево која јас ја предлагам со овој амандман, ке ги осетат граѓаните на оваа општина само ако егзистираат како посебна општина, и ако во овој конгломерат на општина од над 100.000 жители се изземе, од Кисела Вода се изземе општината Драчево и се оформи како една нова општина со сите критериуми и параметри кои се потребни по сите стандарди за да може таа да опстојува како општина во рамките на градот Скопје. Јас понатаму не би сакала да зборувам мислам дека сите критериуми и сите важни параметри за опШтина се задоволени. Мене ми е жал што не наоѓам разбирање кај Владата. Се надевам дека ке најдам разбирање кај пратениците и ке го подржат овој амандман за основање на општина Драчево во рамките на градот Скопје.

ЛИЛЈАНА ТОПОВСКА

За реплика се јави г-ѓа Благородна Мингова Крепиева

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА

Претпоставувам дека идејата да се даде ваков амандман од страна на мојата колешка потекнува од оној материјал и иницијатива на една група граѓани од населбата Драчево за формирање Општина Драчево кој поголем број пратеници го добија уште во текот на првата фаза кога разговаравме по Предлогот за донесување Закон за територијална организација. И тогаш нашиот колега Шапуриќ во расправата околу ова прашање напомена дека е добро да се анкетира и населението и со нив да се направи

една поширока консултација за идејата да се издвои Драчево како посебна општина. При тоа, јас морам да кажам дека присуствував на три собири на граѓани, разговарав со повеке луѓе и колегата Шапуриќ исто така имаше можност на повеќе средби со граѓани да го преиспита ова прашање. И што од таа анкета се доби како резултат. Граѓаните на Драчево оценија дека тоа е иницијатива само на една помала група на граѓани, дека сметаа дека треба да останат во рамките на општината Кисела Вода и тоа во рамките на градот Скопје токму кога повторно направија економска анализа за одржливоста на општината Драчево која точно е дека има бројни образовни институции здравствени, инфраструктура која не е баш на највисоко ниво. И оценија од искуството кое го имаа во последните четири години каде што општината Кисела Вода најголемиот процент на инвестиции за изградба на патишта, водоводна, канализациона мрежа, реконструкција на патиштата ги има вложено токму во овој дел од општината, Општина Драчево, дека ваквата иницијатива за нив само ке значи уназадување на можностите за развој понатамошен на овој дел од Скопје и од општината Кисела Вода заради што сметам дека овој предлог и овој амандман на нашата колешка Лалчевска не треба да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Контра реплика има г-ѓа Лалчевска

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА

Драга колешке, вие со вашето излагање само потврдивте дека општината Драчево ги исполнува сите критериуми за да биде општина во рамките на градот Скопје. А кој ја правел таа анкета која вие ја споменувате, јас навистина незнам, затоа што вие тоа не го кажавте и не разбрав кој е тој надлежен што ја правел таа анкета. А инаку мојата идеја не потекнува од материјалот кој го добивме како пратеници. Јас тој материјал го прочитав и го искористив и одеше во прилог на мојата идеја. Мојата идеја потекнува од таму што јас токму осум години живеев во Општината Драчево.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Има збор г-нот Марјан Ѓорчев

МАРЈАН ЃОРЧЕВ

Благодарам Г--ѓо потпретседател, почитувани дами и господа пратеници, јас како жител на Кисела Вода и поранешен градоначалник на таа општина должен сум на почетокот на моето денешно обраќање да кажам дека иницијативата на граѓаните од село Драчево, од населеното место Драчево, од населбата Драчево и околните места секогаш била од 1990 година во насока и тоа не е една иницијатива, туку бројни иницијативи за самостојност на граѓаните на тој дел од Кисела Вода кој што има сосема различни просторни, географски, климатски услови отколку што има Општината Кисела Вода, значи за изразена посебност за формирање посебна општина која што има аргументи зошто треба да биде така. Имено, логично е дека граѓаните од ова населено место бараат своја општина, затоа што, само за илустрација центарот, односно општината Кисела Вода се наоѓа на 12 км оддалеченост од средиштето на населеното место Драчево. Едноставно просторната оддалеченост и она што претставува неможност за непосредно учествување во демократските процеси на разрешување на проблемите на граѓаните, упатува на тоа навистина дека драчевчани заслужуваат да им се признае нивната и да се валоризира историската димензија и сегашната реална економско социјална димензија на нивното посебно суштествување како општина. Таквата просторна оддалеченост има и своја би рекол, она што се вели една градска логика, Кисела Вода се протега после старата рампа на потегот на стара Кисела Вода, населбата 11 Октомври, тврда, висока и ниска градба и потоа почнува индустриската зона. Таа индустриска зона трае се до хемискиот гигант Охис и потоа имате пет километри празен простор, транспортен коридор и после мостот на Маркова река почнува населеното место прво Драчево, потоа населбата Драчево,а по северозападните падини на планината Китка се другите населби Горно и Долно Количани и се до врвот на Китка. Едноставно таквата просторна оддалеченост и воопшто стратегиската разместеност на објектите во Кисела Вода, оддалеченоста на општината од граѓаните на Драчево упатува на тоа дека ние како членови на парламентот треба да бидеме согласни со овие граѓански иницијативи, кажувам, не е една, значи тие се десетици од 1990 година до денес што ке рече дека навистина тие заложби на граѓаните на Драчево се оправдани и целисходни преку своја општина во состав на градот Скопје, опШтина која што ке брои некаде, како што е и Шуто Оризари околу 20.000 граѓани со

своја посебна карактеристика на урбано комунално живеење различно од Кисела Вода кој што е еден многу тесен простор помеѓу реката Вардар и планината Водно, па понатаму после Хемискиот комбинат Охис се шири во една алувијална рамница каде што Маркова река, Горна и Долна Маркова Река се влива во реката Вардар. Треба да се спомене и тоа дека со овој амандман на пратеникот Лалчевска се исправаат и две големи би рекол географски нелогичности, а тоа е селото Усје да си остане во состав на Кисела Вода затоа што селото Усје е граничната точка на урбано комунално живеење подоцна почнува индустриската зона на Кисела Вода. А селото Долно Лисиче кое што претставува североисточна граница на Драчево, на регионот од Драчево со реката Вардар да биде во состав на оваа општина, затоа што селото Долно Лисиче исто така нема никаква поврзаност со општината Аеродром, затоа што од селото Горно Лисиче до селото Долно Лисиче се селските атари на двете села каде што нема населени места и едноставно поврзаноста на Долно Лисиче со Драчево би рекол е природна во оној дел на благо спуштање на планината Китка на падините на Китка кон реката Вардар и гранична точка кон новата општина која што се предлага од поранешната стара општина Зелениково, Сенаторската клисура и новата општина Петровец, Зелениково која што ја предлага Министерството за локална самоуправа. Едноставно сите овие просторни димензии, географски димензии, климатски димензии упатуваат на тоа дека покрај валоризацијата на историската димензија на Драчево како еден од најстарите локалитети во Скопската котлина, во близина е и Таорската клисура се едно од најстарите и најзначајни места во Скопје е Таор, антички локалитет. Ценам дека ние навистина треба да имаме сенс за некои работи каде што, еве, немаме политички проблем, немаме етнички проблем, немаме комунален проблем. Обично за вакви работи треба да имаме согласност затоа што се работи за јасно изразена желба на еден дел од граѓаните на Скопје кои што се просторно оддалечени, кои што имаат временска дистанца до општината, кои што своите проблеми во изминатиот период не ги решавале квалитетно.

Јас ќе ја спомнам иницијативата за изградба на фекална канализација во селото Драчево. Таа иницијатива трае веќе 17 години и во три мандати на Општината Кисела Вода, би рекол на персоналниот состав на административната локална посредна

демократија преку градоначалниците и Градскиот совет  односно Советот на Кисела Вода заедно со помош од Градскиот совет и од градоначалникот на градот Скопје не се успеа квалитетно да се реши во целост фекалната канализација на Драчево, што ќе рече сепак географската периферија на Драчево упатува и на периферно место во разрешување на проблемите, на комунално урбаните проблеми и воопшто постојниот развој на населеното место Драчево.

Тука се и проблемите со фотогеодетското снимање, тука треба да укажеме и на тоа дека Драчево сеуште се води како урбанистичка документација, во тој дел градбите се изведуваат по тој пат на оформување, право на посед и право на дозволена градба. Едноставно има поинаква структура, има поинаков простор и има поинаква клима и поинаква историска традиција од Скопје. Драчевчани се староседелци Скопјани, на периферијата на Скопје, додека Скопје е еден град мегалополис кој што навистина претставува нов град особено после земјотресот во Јули 1963 година. Најголем дел од староседелците на градот Скопје со уривањето на централното градско подрачје се преселени во новите типски објекти бараки и ниски градби кои што се изградени во населбата Драчево.

Во сите димензии Драчево покажува  една особеност, една различност, пак ќе речам, која што најмногу е изразена во урбано комуналното живеење.

Треба да се напомне и фактот  дека во периодот од 1963 до 1970 година кога на некој начин е оформена населбата Драчево во тој мал приградски центар во Скопје, тој центар на населеното место Драчево ги содржи сите карактеристики каде што би можел да биде претворен во центар на една општина во состав на градот Скопје.

За економските аспекти може да се каже близината на Маркова река, близината на одредени културно-историски споменици, близината на планината Китка и благите падини на Китка овозможуваат развој на сите оние, би рекол поволности и компаративни предности, користење на компаративните предности кои што ги има земјоделството, сточарството и близината на преработувачките капацитети во Скопје, како и близината на големиот скопски потрошувачки пазар и едноставно овозможува исто така еден рамномерен регионален развој на Скопје.

Имено, наместо користење на секоја педа простор во тесното градско подрачје на двете страни од реката Вардар, Драчево навистина овозможува едно квалитетно хумано рационално живеење на граѓаните во индивидуални станбени згради каде тоа ретко во Скопје може да се овозможи со квалитетни транспортни комуникации на патот Кисела Вода - Драчево, со железничка поврзаност со Скопје, исто така во една низина која што се протега помеѓу реката Вардар и Маркова река со една извонредно пријатна клима. Значи, жителите кои ќе се определат таму да живеат ќе имаат многу поблагопријатни комунално-урбани услови за живеење отколку што е тоа во населбата Кисела Вода, Центар или Карпош кој што во моментот претставуваат зони на градење, кои што би рекол дека претставуваат нехумани зони на градење со стеснување на животниот простор на граѓаните на градот Скопје.

Едноставно сите овие аспекти за кои што говорев во еден долг низ на години, веќе 14 години упатуваат на тоа дека ние околу оваа општина не би требало да имаме проблем. Ако веќе посебноста на Шуто Оризари кое што е изразено во една друга димензија, посебноста на Сарај за која што се дискутираше вчера, има една друга димензија, навистина имаме квалитетни аргументи, имаме граѓански иницијативи, имаме јасно изразена желба на граѓаните, имаме зошто тоа да го решиме така заради просторната оддалеченост, имаме зошто да речеме Драчево да биде богата општина затоа што тие имаат навистина толку многу објекти, преработувачки објекти, индустриската зона од Кисела Вода се протега и на потегот на Драчево, тие ги имаат решено сите аспекти, дури и за еден дел за кој што Скопје претставува еден тесен, би рекол, нема пропулзија во делот на гробиштата, Драчево има свои сопствени гробишта, Драчево има своја сопствена црква, таму се наоѓаат три средни училишта. Таму има Ветеринарно училиште, таму има Гимназија, таму е Богословското училиште. Едноставно се исполнуваат сите услови Драчево да биде општина во градот Скопје и сите ќе бидат задоволни. Ќе бидат задоволни и жителите на Општина Кисела Вода кои имаат други проблеми со Припорчица, со отпадните води од Водно со она што претставува загадување на Кејот на реката Вардар или жителитена Аеродром во новата општина.

Едноставно проблемите ќе се дисперзираат и центарот на Општината Драчево и новата локална власт, градоначалникот на Општината Драчево заедно со

градоначалникот на градот Скопје ќе може квалитетно да ги разрешува проблемите на граѓаните затоа што локалната власт е граѓанска власт, сервис на граѓаните каде што тие непосредно се дел од власта, учествуваат во власта и затоа јас се залагам и го поддржувам овој амандман.

Мислам дека овој амандман Министерството за локална самоуправа може да го прифати, тука нема коалициони дилеми, тука нема аспекти на конфликти и интереси, едноставно има аспекти на конфликти на граѓански интереси на граѓани од еден крај на Скопје и граѓани од друг крај на Скопје кои што едноставно ќе живеат и едните и другите граѓани подобро. И, затоа уште еднаш Ве замаолувам да размислите околу овој амандман, тој е корисен и се надевам дека ќе го прифатите. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Коце Трајановски, повелете

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам Потпретседателке, како пратеник од Скопје, од скопските општини би сакал да се вклучам во дискусијата и да го поддржам овој амандман на госпоѓата Лалчевска за формирање нова Општина Драчево. Јас и во првата фаза мислам дека зборував дека Драчево меѓу другите треба да биде исто така една посебна единица на локална самоуправа, затоа што ако се држиме до принципите и оваа Влада ако се држи до принцип за формирање на нови општини како што е формира Општината Бутел, мислам дека многу повеќе држи Драчево да биде посебна општина во рамките на Скопје, затоа што таа претставува и посебна геогравска целина луѓето имаат и посебен менталитет и живеат во една покомпактна целина.

Драчево како општина функционира до 1965 година со 26 населени места, значи имало традиција во минатото како општински центар, што исто така е многу значајно. Исто така како аргумент е и бројот на население. Имено, населението во населба Драчево е околу 14.000 до 15.000 и заедно со селото Драчево и село Долно Лисиче ќе имаат околу 30.000 жители што мислам дека е приближно на предлогот за новоформираната Општина Бутел, а е далеку, далеку над бројот 5.000 кој што се зема

како репер дали некоја општина треба да постои, да опстане од постојните или не треба да постои.

Ова е една компактна целина, како што реков, и сметам дека и тоа многу значи. Просторно исто така за разлика од Бутел, просторно има така да речам еден просторен вакум између Скопје и Драчево што исто така е еден аргумент дополнителен оваа Општина Драчево да биде посебна општина т.е. да се издвои од постојната Општина Кисела Вода или од новоформираната општина која што се предлага Општина Кисела Вода, исто така, бидејќи Општина Кисела Вода според новиот предлог се дели на две општини. Се дели на Општина Аеродром лево од пругата Скопје - Велес и десно од пругата Скопје - Велес на Општина Кисела Вода.

Тоа исто така што е значајно што сметам дека има и финансиска можност и економска оправданост на постои бидејќи од индустриските капацитети во Индустриската зона има објекти од дрвопреработувачка индустрија, машинска индустрија, од текстилна индустрија, од индустрија за преработка на хартија, од индустрија за тули, ќерамиди, асфалтна база и др., што сметам дека е многу добра економска подлога за да оваа општина егзистира и финансиски и економски како посебна општина во рамките на градот Скопје. Така да на некој начин и Општината Кисела Вода нема да биде толку гломазна доколку се формира и оваа Општина Драчево.

Инаку, јас некријам, некој од пратениците рече дали на ова не натера иницијативата. Сметам дека и тоа е клучен момент бидејќи уште во првата фаза голем дел од жителите на Драчево Месна заедница бидејќи Драчево не е општина па да спроведе референдум и сигурно Општината Кисела Вода нема интерес дел од својата територија да ја препушти на друг бидејќи сепак има многу погодности за да биде во нејзина надлежност таа територија во тој случај иницијатива на граѓани од Месната заедница со повеќе од 10.000 потписи бараат оваа населба Драчево - село Драчево и Долно Лисиче бидат во рамките на една општина што сметам дека како што зборуваме за секој амандман, тука би подвлекол, дека тоа е согласно на член 5 од Европската Повелба за Локална самоуправа каде што се вели дека мора населението да се праша за ставањето на новите граници.

Затоа, сметам дека Општина Драчево треба да биде формирана како посебна општина бидејќи тоа е дамнешен сон на жителите на населба Драчево, на село Драчево и на село Долно Лисиче и сметам дека и развојот и инфраструктурен и било каков ќе биде поголем со оглед на големиот број жители, со оглед на индустриската застапеност во таа општина.

Како што кажаа многу од колегите дека Општината Кисела Вода многу инвестирала во ова, јас мислам дека не е токму така бидејќи од 1998 до 2002 година кога ВМРО ДПМНЕ беше на власт се правеа големи напори меѓу кои за одводната канализација за да може преку Министерството за транспрот и врски, а од средствата на Телекомот мислам дека беше и дополнително од Буџетот на ова министерство се издвојуваа големи средства за да може оваа општина, овие населени места Драчево, Долно Лисиче бидат инфраструктурно подобрени односно да бидат подобрени нивните услови.

Затоа сметам дека е оправдан предлогот и треба да го поддржиме и ако има веќе десет ова нека биде 11-тата општина во градот Скопје. Еве да напомнам дека тука нема етнички проблеми, од тој аспект сме како пратеници сите растоварени и јавноста е растоварена, значи еден многу чист случај со многу аргументи што ги кажавме сите ние пратениците кои дискутиравме или ќе дискутираме по овој предлог за формирање на една нова Општина Драчево во рамките на градот Скопје.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Зоран Шапуриќ:

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана Потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас мислам дека е добро што се отвори една поширока расправа за Драчево бидејќи тоа ќе значи дека и Парламентот ќе води многу повеќе грижа за Драчево и дека Драчево нема да се посетува и да се внимава на Драчево како такво само за време на

избори или на изборни кампањи. Значи, сите одние пратеници кои што дискутираа, дел од нив ги повикувам почесто да ја посетуваат оваа средина и веројатно врз база на тоа ќе дојдат до порелевантни сознанија, мислам на пошироки контакти и комуникации со граѓаните на овој дел од Скопје, значи на Драчево, а не само на одредени структури, претставници на политички партии или некои други структури.

Оваа иницијатива и овие дилеми беа присутни 1996 година. Тогаш имаше еден предлог, бидејќи тогаш беше господинот Владо Поповски, министер за правда имаше еден предлог во прва фаза Драчево да биде поделено на два дела со тоа што населбата Драчево би била во Кисела Вода, а со тоа и во Скопје, а селото, дел од новоградбите, бидејќи претходните дискутанти заборавија дека Драчево се состои од три дела, едниот дел е населбата Драчево, потоа селото Драчево и дел од новоградбите, тоа се три урбани, би рекол одделни целини.

Имаше иницијативи селото, населбата и новоградбите бидат посебна општина. 1996 година 6.000 граѓани ги доставија своите потписи, ги депонираа во Министерството за правда. Тоа што го вели господинот Коце Трајановски, подоцна ќе кажам зошто, доколку ги видев тие 10.000 потписи можеби ќе ја имав расчистено дилемата. Меѓутоа, не сум ги видел тие потписи, но ќе кажам дека, а тоа го спомна и колешката Благородна Мингова-Крепиева, присуствува на повеќе трибини каде што беше актуелизирано ова прашање, каде што присуствуваа и претставниците на градот, претставниците на Општината Кисела Вода, градоначалникот, советниците, но и советниците на град Скопје и Општината Кисела Вода кои се токму од Драчево.

Тука се водеа најразлични би рекол полемики при што јас јасно им укажав доколку или Општината Кисела Вода или пак постои можност и самите месни заедници да организираат референдум или некои пошироки собири, тогаш дека сум подготвен апсолутно да го почитувам ставот на мнозинството од населбата, селото Драчево и новоградбите, но ние заборавивме и од Пинтија. И, според она што го кажуваше господинот Ѓорчев и Пинтија би требало евентуално да припадне кон таа општина доколку таа општина би постоела.

Исто така во овој дел би сакал да кажам дека пак моите сознанија на неколку собири на граѓани дека граѓаните од Пинтија не сакаат да бидат во тој дел, дека тие

сакаат да останат со Општината Кисела Вода и мислам тука дека немаше подвоени мислења.

На сите овие собири во селото, во населбата и во новоградбите јас јасно им укажав дека ако евентуално го организира Општината Кисела Вода, бидејќи и така имавме 40 референдуми или пак не се случи тоа, и самите месни заедници може да организираат референдум, но доколку не може ни референдум да се спроведе, значи не партиски, туку многу пошироки по маала, по квартови, по делови од селото, населбата и новоградбите, трибини и доколку се добие таков впечаток, тогаш јас апсолутно ќе застанам зад волјата на мнозинството. Меѓутоа, тоа не се случи, можеби за жал, можеби ќе беше појасно. Точно е дека ова е одредена група на граѓани кои што најголем дел членуваат во сите политички партии, но големо е прашање колку таа група има поддршка и тогаш 1996 година и сега, тоа е големо прашање и дилема, јас невелам дека нема, меѓутоа не успеа да ја презентираат таа подршка на било каков валиден начин и веројатно не само замене туку и за Министерството и за сите Вас ќе беше таа дилема сосема расчистена.

Јас би укажал дека Драчево како такво, точно е дека гравитираат повеќе делови, меѓутоа кон Драчево гравитира и Зелениково бидејќи тука се многу центри кои што не би ги повторувал кон Драчево гравитира и делот од Горно и Долно Количани и некои други околни села кон Драчево. Кон Драчево гравитира и Студеничани, гравитира и Долно Лисиче, Батинци, така што Драчево претставува еден поширок центар, не само на овие делови кои што беа наброени.

Морам да кажам дека на овие трибини, разговори и средби беше побарано званично од органите на општината Кисела Вода и органите на градот, а каде што учествуваа и претставниците од Драчево во Советот на Град Скопје и во Советот Кисела Вода и беа презентирани едни податоци кои не беа, подоцна ќе зборувам и за сопствено искуство, кои не беа демантирани дека општината Кисела Вода во сегашни граници, вклучувајќи го и Аеродром и сите други делови, инвистира многу повеќе во Драчево, од колку што се прибираат средства, особено по она што е по осонв т.н. надоместок за употреба и уредување на градежно земјиште т.н. комуналии. Бидејќи, така да речеме во Аеродром многу повеќе се градеше и многу се повисоки комуналии, додека во тој тел многу помалку, со исклучок кон оној дел кон Пинтија и дека сите показатели покажуваа а

не беа демантирани и тоа не само во овој период 2,5 пати повеќе од колку што се прибираа средства. Сега, група на граѓани кои се залагаат подолго време не од сега, веќе 8 години најмалку, Драчево да биде посебна општина, сигурно посветиле доста внимание. Ги ценам нивните напори, некои параметри кои ги изнесоа, а ги кажаа и колегите, меѓутоа оние основни показатели од општината Кисела вода и од градот не беа демантирани. Веројатно тоа е причината што по мојот впечаток, сепак, поголемиот дел на граѓани, а не можеме да тврдиме со апсолутна сигурност, бидејќи не беше спроведен ниту референдум, ниту овие пошироки собири, се разбира со исклучок со неколку трибини, иако беа масовно посетени, тие учествуваа еден до два посто граѓани од Драчево. Така што, не можеме да стекнеме впечаток, барем за мене лично зборувам со полна совест и полна одговорност ако бев убеден дека мнозинството на граѓани, јас ќе застанев зад овој амандман. Меѓутоа, тие податоци не беа демантирани и граѓаните повеќе им веруваа на тие егзатни показатели колку се прибираа средства во одредени делови на Кисела вода и на Градот Скопје.

Инаку, морам да кажам, ова што го зборуваше Коце Трајановски за вложувањата на одводот дека се вложувало само во 1998 година, тоа не е точно. Ви Драчево, тоа го знае и г-динот Ѓорчев се вложува перманентно и јас кога бев претседател на општина Кисела Вода и сегашниот градоначалник, се вложувало перманентно и во одводот и во улиците и во сите делови. Се разбира, проблемот со канализацијата го усложни проблемот на асфалтирањето на улиците, бидејќи одреден на улици повторно се оштетуваат, одреден број на улици не можеа да се асфалтираат, меѓутоа исто така и градот доста вложуваше. Да се потсетиме на улиците “Ратко Митровиќ” и некои други улици, каде што градот инвестираше и во осветлувањето и тоа не само во овој период, туку перманентно се инвестира во Драчево. Она што било од 1963 година до 1992 и 1993 што е многу малку инвестирано, што е исто така факт, се разбира, не може да се надомести со неколку годишно вложување. Значи, од тој дел се посветувало големо внимание.

Точно е и тоа дека Драчево историски одреден период била посебна општина, но тој дел била надвор од Град Скопје, бидејќи апсолутно сите граѓани на Драчево сакаат да бидат дел од Скопје. Не сакаат да бидат вон границите на Генералниот урбанистички

план и тука немаме дилема, освен каде што на сите овие собири многу јасно е изразена волјата на граѓаните на Пинтија. Сепак и покрај релативно големиот труд на оваа група на граѓани, која перманентно се залага, со која јас разговарав, незнам дали Министерството разговарало бидејќи и таму бараа средби, а верувам и другите пратеници, не успеа можеби да ги убеди останатите граѓани да застанат цврсто зад таа иницијатива, бидејѓи тие повеќе поверуваа на оние податоци кои што беа кажани, а кои што беа презентирани со бројки, со конкретни извештаи за реализираните програми на општина Кисела Вода на Градот Скопје за уредување на градежно земјиште, но и овие други финансиски извештаи каде што стриктно беше наведено колку средства беа прибрани по основ на комуналии, бидејќи досега тоа беше главен извор на финансирање на општините. За жал, не се случи тоа изјаснување на граѓани и тие 10.000 потписи ако ги имате, би ве замолил да ни ги поделите, да ни ги презентирате, бидејќи јас навистина не ги видов, а беа најавувани, така што сепак мојот впечаток е дека поголемиот дел на граѓани, можеби не сите, но поголемиот она што го кажа и Благородна, стојат зад тоа да бидат во состав на општина Кисела Вода. Јасно ми е дека целиот овој процес на децентрализација и територијална организација не може да ги реализира, тоа го видовме низ амандманска расправа, сите желби па и наши лично. Лично сметав дека, иако во првата фаза, меѓутоа, ете и во втората фаза, иако Кисела Вода е голема дека би можела по бројот на жители, по површина не е толку голема, за да може да се подели на два дела, па целата таа расправа дека пругата ќе биде границата и да се подели на левиот дел тоа е општина Аеродром и десниот дел Кисела Вода. Инаку, верувам поголем дел од граѓаните, особено десниот дел условно кажано општина Кисела Вода и оној дел што спаѓа во Драчево, повеќе би сакале да биде единствена општина. Аргументите дека сепак тоа би била гломазна во поглед на жители, а не по површина, преовлада, така што очигледно дека дури и нашиве желби можеби не можат секогаш да се реализиаат. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-ѓа Лалчевска.

За реплика се јавува г-динот Коце Трајановски

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Значи со оглед на тоа што директно бев прозван, би сакал да му одговорам на мојот ценет колега г-динот Шапуриќ кој што кој што е дел од општина Кисела Вода, значи ако некој доаѓал на избори таму тоа би требало да бидат тие пратеници кои што се таму кандидирани и од каде што почнува поширокото подрачје на Градот Скопје, иако во Драчево многу често доаѓам.

Што се однесува до 10.000 потписи јас одговарам дека ги има тие потписи бидејќи организаторите се обратија обратија до мене, најверојатно г-динот Шапуриќ, знаејќи го неговиот став не се обратиле, поради немајнето ефект.. Ина, дека потписите не важат многу за парламентарното мнозинство, кажуваат и повеќе од 40 одржани референдуми во Република Македонија, кои што имаат и поголема законска моќ и способност, за разлика од потписите. Сметам дека повеќе од 10.000 потписи, практично и толку излегуваат и граѓани на гласање, ако таму има 28.000 жители, можби има 22 или 23 илјади гласачи, значи сите оние што имаат право да гласаат, практично се изјасниле по ова мое предвидување, ако може така да предвидам. Сметам дека навистина требало да се обрне внимание за оваа нивна иницијатива, па да не речам да биле две или три илјади, независно, бидејќи знаете лучето многу тешко се организираат до колку нема самостојна општина во одредени нивни заеднички барања, а изгледа и многу се измориле веќе сега од 1965 година наваму, тие нон стоп си бараат општина, па веќе преку глава им дошло од тие молби до властите. Ова е можеби нивниот последен обид за да можат да добијат општина. ам дека би требало да најдеме разбирање ако веќе ја формираат општина Бутел, во таа смисла мислам дека е многу, многу пооправдано да се формира посебна општина, општина Драчево. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Зоран Шапуриќ има контра реплика.

ЗОРАН Ш.АПУРИЌ:

Ќе се обидам во една минута да одговорам, до колку не успеам во тоа, ќе се јавам повторно за дискусија, бидејќи тоа е моето деловничко право.

Почитуван колега Трајановски,

Јас разговарав со таа група на граѓани и граѓаните кои се за и кои се против посебно општина кои коминицираа со мене и ми најавија дека ќе ги презентираат своите потписи. Она што го рековте вие, знаејќи го вашиот став, не, јас на двете групи граѓани им кажав сосема јасно. Јас ќе ја почитувам во Парламентот волјата и ќе ја застапувам јас како пратеник. Зашто еден период бев во изборна единица кога постоеше мнозински систем, директен преставник на Драчево. Јас ќе ја почитувам волјата лично како поранешен пратеинк и тогаш пратеник од изборната единица 110 од рачево дека овде, без оглед каков ќе биде ставот на останатите колеги, јасно и доследно ќе ја бранам волјата на мнозинството. Таа волја не ми беше презентирана.

Инаку, јас верувам дека и вие често го посетувате Драчево, меѓутоа јас сум многу често таму и одам речиси на сите и добри и лоши работи, лучето ме знаат и комуницираме не само формално, туку и неформални средби, така што навистина , верувајте, го чувствувам пулсот на Драчево.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-ѓо потпретседателеке,

Јас само накратко би сакала да дополнам својата прва дискусија. Низ расправата по овој мој предложен амандман се потврди една работа. Од сите дискутанти се потврди дека општина Драчево ги исполнува сите услови да биде општина во склоп на Градот Скпје. Никој од говорниците не кажа дека барем еден од критериумите не е исполнет ова општина дан биде посебна општина во рамките на Градот Скопје. Значи се потврди она што јас го ценев и заради тоа го дадов амандманот.

Би сакала сега да расчистам некои работи. Беа спомнати потписите на драчевчани во поддршка на иницијативата да добијат посебна општина. Еве, ќе му потврдам и јас на г-динот Шапуриќ и тој сам ќе се увери дека тие потписи навистина постојат и ќе има прилика да ги види. Вие г-дине Шапуриќ говоревте ако имало референдум во Драчево, па ќе се предомислил. Ние забораваме една работа. Референдумот требаше да се организира, пред да се даде предлогот од Владата. Референдумите што стихијно се случуваа после првата фаза на предлог законот, само ја потсетија Владата дека пропуштила еден

значаен момент односно пропуштила да ја испочитува членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа. Сите општини зошто не организирале и како не оргсанизирале референдуми, тоа е навистина ирелевантно. Релевантно е тоа што по голем дел на општини ја потсетија Владата дека пропушти еден значаен момент а тој момент е дека требаше да ги праша граѓаните какви општини и во какви општини сакаат да живеат. Тоа е многу битен момент, што за жал во фазата на подготовка на Предлог законот, се пропушти. А, зошто Драчево не организирало референдуми, јас навистина не можам да кажам. Меѓутоа, граѓаните јасно дадоа до знаење дека сакаат своја општина, а потврда се токму тие 10.000 потписи кои ги собрале во подршка на таквата идеја. А, вие г-дине Шапуриќ, извинете што ќе ве прозивам , меѓутоа во првата фаза вие навистина ја подржувавте идејата за основање на општина Драчево. Зошто се предомисливте, јас незнам. За жал, ги разочаравте жителите на општина Драчево, затоа што им ветивте дека ќе се борите за нивната општина.

По однос на анкетата која беше споманта во дискусиите, јас навистина би сакала да знам која е таа анкета и што зодржи и кој е креаторот на таквата анкета. Незнам дали г-ѓата Крепиева и г-динот Шапуриќ ја правеле сами, луѓе анкетите ги прават одредени институти што се задолжени за анкетирање. Не се тие брима или галуп. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Шапуриќ има реплика од три минути.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана колешке,

Јас како и многу други пратеници емотивно сум врзан за општина Кисела Вода, бидејќи таму работев и таму живеам и нормално е дека  сите делови на општина Кисела Вода, бидејќи бев и претседател на таа општина и Аеродром, Пинтија, Лисиче, Пржино и Црниче, а и Драчево се разбира добро ги познавам и дека можеби и емотивно реагирам. Најпрво, воопшто не сте во право, бидејќи во првата фаза доследно го зборував ова што го зборувам и сега дека јас ќе ја почитувам волјата на мнозинството на граѓаните во Драчево. Јасно им укажав на сите групи и на тие што се за општина и против, дека треба

да организираат, дали тоа ќе биде референдум, дали некои поширокои собири каде што не само што ќе присуствуваат два или 3%, туку многу, многу повеќе граќани и тогаш јас ќе немав никаква дилема. Без оглед на ова што зборуваме и без оглед на овие рекономски показатели, ете јавно признавам дека емотивно сум врзан за таа општина и за тој дел посебно и воопшто не го сменив своето мислење. Во прват фаза на расправа на овој закон јас ги повикав сите пратеници кои условно кажано се прогласија за експерти за Драчево, да набројат 20 улици во Драчево и тогаш ќе им признам дека ја познаваат состојбата во Драчево. Значи, јас ги повикав јавно тие потписи, ако веќе не е можно преку општина Кисела Вода, да ги достават до Министерството за правда, потоа до Министерството за локална самоуправа, а и да се проверат тие потписи, бидејќи еден дел од потписи, дојдоа јасни сигнали дека се собираат против изградба на кампот во оној дел од кај пругата. Голем дел на граѓани велат да, ние се потпишувавме, меѓутоа за тоа. Сега, имаме дилеми и воопшто не сум го сменил ставот. Значи, да имав јас лично јасна претстава, верувајте ќе се залагав многу, многу повеќе за ова што го зборуватвие. Меѓутоа, не беше спроведен референдум. Точно е тоа дека една група граѓани постојано од 1996 година, можеби неки речиси се изморија или не се изморија во своите настојувања, во своите желби да добијат посебна општина, мојот впечаток е дека големиот дел на граѓани. Инаку, точно е тоа никој не го спореше ни во 1996 година,ни сега нема дилеми меѓу пратениците дека волјата на драчевчани да бидат во границите на генералнит урбанистички план и да бидат делови од Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Шапуриќ, јас само знам дека емотивно е доста широк збор.

Повелете Лалчевска, имате една минута контра реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе.

Токму вие ме потсетивте дека емотивно е широк збор. На г-динот Шапуриќ ги ценам неговите емотивни врзувања за општината Кисела Вода, меѓита г-дине Шапуриќ немојте општина Кисела Вода има преку 100,000 жители, вас емоциите ќе ви експлодираат, а јас за да ве ослободам од таквите емоции, предложив амандман и предложив општината Драчево да биде посебна општина во Градот Скопје. Со тоа ќе

бидете и вие растоварени и жителите задоволни. Токму г-дине Шапуриќ моментот

кој го проипушти предлагачот да ги праша граѓаните, сега не доведе во таква ситуација политичките партии и одредени поединци ги изманилупилираат луѓето, па едни се за, други се против.

Ако Владата коректно ги прашаше жителите во какви општини сакаат да живеат, немаше да дојде до такви работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господин Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас би се надоврзал на овие дискусии со една единствена цел , затоа што и во првата фаза на разработка на овој закон зборував токму за ова прашање односно за формирањето на општината Драчево со нејзино издвојување од општина Кисела Вода и нормално нејзино фунционирање во Градот Скопје. Ова почнува со една иницијатива која што започна од граѓани, и заврши со иницијатива на 10 илјади граѓани за формриање практично на формирање на нова општина. Не сакам да се повторувам кои би биле сегментите кои бија опфаќале оваа општина Драчево, затоа што мислам дека тука на сите ни е јасно за кои елементи се мисли, која би била границата на општината.

Луѓето кои сакаат да имаат општина Драчево, собраа 10 илјади потписи, организираа, во консултација со некои пратеници, претпоставувам и со г. Шапуриќ, средби и во првата фаза и јас , мислам дека и тој бевме на ставот да имаме нова општина односно општина драчево. Во меѓувреме, или во тој период беше направен и елаборат кој требаше да декалрира пред институциите на системот, конкретно пред Министерството за локална самоуправа, пред ЗЕЛС дека постојат сите предуслови по основ на критериумите за кои тогаш расправавме за формриање на нова општина Драчево.

Мене не ми е јасно дали дали во меѓувреме, воопшто дошло до контакт или дали воопшто е виден и елаборатот на она што е подготвеноод страна на тој иницијативен одбор. Иницијативен одбор да , затоа што референдум во правната регулатива на месна

заедница , како што е Драчево во склоп на општина Кисела Вода, не можеше ни да се реализира.

Можам да кажам, покрај она што посебно гоистакна колегата Марјан Ѓорчев кој даде многу сликовит опис на економските можности за функционирање на општина, дека во елаборатот е дефиниран и приходот на општината кој годишно би требало да биде некаде меѓу 45 и 50 милијони денари. Со други зборови мојот став јас не го сменив во однос на тоа прашање. Го подржувам амандманот кој колешката Лалчевска го предложи до Собранието. Мислам дека се исполнети сите параметри за формирање на нова општина Драчево и мојот глас ќе го дадам, со сугестија и на другите пратеници, да гласаат за овој амандман и на тој начин да овозможиме создавање и функционирање на една општина која , лично сум убеден дека ќе биде од исклучителна функционалност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г-динот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам претседателе,

Бидејки по втор пат се јавувам, ќе бидам сосема краток.

Госпоѓо Лалчевска,општина Кисела Вода за која вие кажавте односно се грижевте за моите емеоции, да ви кажам дека сегашната општина Кисела Вода има околу 140 илајди жители, не околу 100. А она што го кажував , сега сосема кусо ќе го напоменам.

Во 1996 година постоеја 6 иљади потписи кои уредно беа заверени со матичен број и доставени до Министерството за правда. Јас истото имго сугерирав, да достават потписи, даи се две, три, јас се согласувам и две, три и 5 илајди се за респект,не мора да се 10 илајди, да бидат доставени уредно до Министерството за правда, до Министерството за локална самоуправа и се разбира сите ние да имаме увид и тогаш овие дилеми ќе беа решении сите ќе бевме убедени во тоа. Но,на крајот, сите експерти за Драчево ги повикувам, не да набројат 20 улици, еве 10 улици нека набројат, па тогаш да можат да влегуваат во полемика за ова подрачје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧНЕЦ:

Дали г-динот Шапуриќ смета дека е тоа конкурс за поштари кои треба да набројат 20 улици во Драчево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Нормално е почитуван колега Оровчанец, ако зборуваем за некој дел на Градот за да докажеме дека не е демагогија, дека го познаваме градот, да наброименеколку улици. Инаку во спротивно јас не верувам на голем дел , не на сите, дискутанти дека добро го познаваат Драчево,како што се претставуваат. Верувам , едноставно добиле некои материјали, ги читаат тие материјали без факти, бидјеки едно се материјали, а друго е реален живот. Се разбира тоа не се однесува на сите пратеници туку за дел од пратениците. Никаков конкурс не е тоа за поштари, ако оној што е избран од таа изборна единица добро си ја познава изборната единица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Потполно се согласувам со вас г-дине Шапуриќ, бидјеки тука се изнаслушавме и за метри водоводни цефки и за сантиметри на пат. Така да сите аргументи се прифатливи.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Повелете, процедурално г-дине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАШУРИЌ:

Јас ги повикувам сите оние кои се бореа овде, условно кажано и залагаа за овојамандман за Драчево, да влезат во сала и да гласаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тоа деловнички. Тоа народот го гледа и сам ќе си донесе заклучок.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Бидејки е заклучен претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници, 11 гласале за, 1 воздржан и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете процедурално г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧНЕЦ:

Се гледа кој гласаше за Драчево г-дине Шапуриќ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само јас би ве замолил друг пат кога утрчавате да внимавате, нога може да искршите, како улетавте сега.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор , министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Предложениот амандман не се прифаќа, бидјеки со еден амандман, се нуди дел на воведување и самостални општини, 5 општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, јас побарав процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец , процедурално.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас би ве замолил во имена некој ферплеј, вашите коментари да ги сметаме за реплики и да ни давате право за контра реплики.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А и вашиот коментар  вов рска со тоа кој гласал , кој не гласал е истиот тип на коментар, а бидејки сум јас исто така пратеник со нешто малку поголемо значење, благодарам ќе го имам тоа на ум.

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседател,јас барав процедурално затоа што имав предлог до вас, единствена расправа да има по овој сега амандман, последниот под број 45 што е во сценариото и под број 51 во сценариото, затоа што сите тие се однесуваат на иста работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можеби се однесуваат на иста работа но не се на ист начин напиШани.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Меѓутоа, вие г-дине претседателе, не видовте дека барам процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, процедурално.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Барам збор.

А по однос на телевизискиот пренос, точно така , сите граѓани гледаат дека од 45 амандмани колку до сега поминавме, за ни еден Владата не најде разбирање.

Добро, како и да е јас предлагам со овој амандман на членот 10 под б) да се додадат нови општини. Тука се наброени. Тоа с еопштина Боговиње, со седиште во село Боговиње, општина Вратница, со седиште во село Вратница, општина Џепчиште во село Џепчиште, општина Шипковица и општина Мала Речица со седиште во Мала Речица.

Би кажала дека соовој амандман што гоимам поднесено, сакам да направам напор овој закон да ја добие својата оснвона функција т.е. да организира општини кои ќе бидат функционални и кои ќе можат да ги прифатат обврските кои ќе дојдат со децентрализацијата.

Можеби на некои колеги им е смешно,меѓутоа не е смешно, ова е жално што ние не се разбираме, изгледа едните зборуваме англиски, другите незнам на кој светски јазик.

Зошто ги предлагам овие општини да се приклучат кон членот 10 односно да се основаат овие општини? Затоа што  со нив ќе се овозможи, пред се релаксирање на градот Тетово. Зошто го викам ова? Градот Тетово веќе го претворивме во еден голем конгломерат, му придадовме други општини и тој ќе нистане еден нефункционален град. Јас ги издвојувам овие општини во посебни општини, Боговиње, Вратница и т.н., за да

можат и тие како општини да го видат благодетот од децентрализацијата и градот Тетово да можеме да гоизбалансираме по сите основи,економски, национални, по однос на доверба и т.н.

Основањето на вакви општини ќе им овозможи на сите нив побрз развој, а сите тие се наоѓаат во еден регион во државата каде нависитна достигнале економски развој , се на ниво на одредена инфроструктура , значи сите задоволуваат барем минимум, викам барем минимум на параметри кои даваат до знаење дека таквите општини можат да опстојуваат како сами и има потенцијали , не сакам да зборувампоединечно бидјеки очигледно колегит ене се заинтересирани да слушаат. Меѓутоа сит еовие општини имаат параметри за развој воиднина, имаат свои капацитети за да се развијат на повисок степен и инфраструктурно и економски и по сите другиоснови. Затоа јас предлагам да се основаат овие 5 општини коиовде ги имам наброеново мојот амандман. Министерот ништо не спомна, можеби технички амандманот вика 5 општини да се основаат. Нека е тој прифати идејата, па ние технички ќе ги средиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Бејта имате три минути реплика.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам.

Предлозите кои ги даде колешката со нејзиниот амандман се утописки. Можеби и самата е утопичар. Незнам дали таа некогаш била меѓу тие граѓани таму, дали контактирала со граѓанит еод тојкрај за таа сега да се секира за општините во Тетовско како што се Боговиње и други. Предлага една така мала општина. Имено, со еден таов амандман таа во прв ред се шегува со самата себе затоа што нема оснвони познавања за таа област и за тој крај. Од тојкрај има многу пратеници, а јас земав збор во името на сите тие пратеници за таа да не се мајтапи со тие граѓани затоа што таа никогаш не контактирала со тие граѓани таму. За да контактира со граѓаните од тој крај, јас би ја замолил колешката да го научи албанскиот јазик, да оди во тој крај и да комуницира со граѓаните од тој дел кои се мнозинство албанци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута контра реплика госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ценет мој колега, овие амандмани не се утопија. Утопија е Прелогот што го дава Владата. Затоа тоа вас сега  ви  личи на утопија. Јас тоа го предлагам затоа што овие општини имаат капацитет да бидат општини,а не да гооптоваруваат градот Тетово. Вие ако сакавте да покажете добра волја за релаксирани меѓуетнички односи, ќе ги прифатевте овие амандмани и немаше да гооптоварувате градот Тетово затоа што градот Тетово и така и вака има доминантно албанско население.

Инаку за да се разбереме не ми треба мене да научам албански. Вие доволно говорите македонски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ѓорчев имате збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам претседателе,

Од аспект на она што веќе го говорев за потребата од дефинирање и усогласување на законот за локална самоуправа сопросторниот план на Република Македонија, со констатација дека Република Македонија во најголем дел на своите подрачја претставува 65% неразвиено би рекла подрачје. Во едвај 35% од таканаречените урбани центри во Република Македонија живеат 65 до 70% од населението односно во огромен дел на неразвиените подрачја во Република Македонија живеат одвај 30% од граѓаните на Република Македонија. Од тие причини, принципиелно и доследно и за општината Злетово и за општината Конопиште и за општината Драчево, ќе кажам дека ние треба да бидеме свесни и со овој закон сепак треба да овозможиме простор на малите општини, каде граѓаните непосредно ќе се грижат и директно ќе учествуваат во власта, во граѓанската власт на локално ниво. Малата општина, особено во руралните подрачја е можност за контрола на власта.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во оваа општина е можно да се задоволат мали потреби. Меѓутоа, мали потреби да се задоволат навреме, а не да имаме големи амбиции и да се надеваме дека големите амбиции за наеднш задоволување на нашите потреби ќе оди преку урбаните градски

центри. Едноставно, а кој патуал на патот Тетово-Гостивар во подножјето на Шар Планина, помеѓу магистралниот пат Тетово-Гостивар ќе види дека сите овие мали општини се дел од она што се спомнати во амандманот за кој што зборуваше госпоѓа Лалчевска, претставуваат малечки развиени гратчиња. Гратчиња кои се за себе доволни, гратчиња кои што градоначалници можеби едни од најдобрите градоначалници со проекти, дали се работи за системи за наводнување, дали се работи за одредени проекти од делот на земјоделството, сточарството или ред друг дел на проекти, тука беа општините Камењане, Неготино Полошко, Брвеница, значи се работи за можност независно дали населението е од албанската етничка заедница, или дали е македонско население, да им дадеме можност на тие луѓе, затоа што преку локалната самоуправа, тие постигнаа големи успеси. Едноставно, луѓето кои што соработувале со тие населени места, јас имав можност, бидејќи животот ме нанесе долги години да соработувам со откупни пунктови на одредени прозводи во Камењане, Боговиње, во Неготино Полошко како градоначалник да ги посетувам тие градоначалници и знам дека таму луѓето се организираат на начин како што тетовската општина тешко може да се организира, затоа што тие точно знаат што им треба ним. Дали им треба Дрита од втората лига, или треба да испадне, дали треба каналите за наводнување да ги решаваат така како што треба да ги решаваат или им е потребна изградба на некој комунален пат до ртовите на Шар Планина, независно во кој потег се протегаат, дали на аловијалната рамнина на реката Вардар, во Долни Полог на југоисточната страна на Шар Планина, или како што е Џепчиште и Шипковица до границата со Косово. Едноставно се работи за способни градоначалници таму кои што беа во овие мандати за луѓе кои што знаеја што му треба на тоа население и кои што успеваа секогаш преку донации, преку проекти, преку ЗЕЛС, преку претставниците на македонскиот ЗЕЛС на европско ниво да дојдат до потребните средства. Настрана што повторно ќе кажам во тие места има популација, има демографија, таму има младо население, таму луѓето се спремни да работат. Еве да почнам со Боговиње. Боговиње е едно место кое што има 13.600 жители. Боговиње е место кое се протега во правец Исток-Запад, исто така во делот на Долни Полог и место кое што имаше 6.000 ха земјиште. Луѓето таму убаво живеат, климата е извонредна и тие немаат потреба каде што има градоначалник во центарот на село Боговиње, односно

населеното место Боговиње, сега да патуваат до Тетово да поднесуваат барања, кога и така и вака градоначалникот и во Боговиње и во Тетово ќе биде градоначалник од албанската етничка заедница. Едноставно луѓето добиваат поголема демократија. Демократијата владее таму каде што нема доминација. Тука е се јасно. Едноставно се бориме да опстојат малите општини. Зошто го велам тоа? Утре ние ќе влеземе во Европската Унија, ќе можеме да користиме средства од Гронал, тоа е едно малечко местенце, каде што се наоѓа центарот на локалната самоуправа. Ќе се формираат евро региони. Овој цел потег за кој што говорам ќе биде евро регион можеби помеѓу Косово, Албанија и Македонија. Тие мали општини ќе можат на база на проекти да влечат европски средства за развој, за подобро живеење, за посебно задоволување на потребите на граѓаните во нивното маало, во нивната улица, а Тетово ќе го направиме Мегалополис од повеќе етнички заедници и тие етнички заедници од други причини и заради конкретни интереси од она што претставува маргинализација на многу слоеви во капитализмот, осиромашување и брзо збогатување, ќе придонесат до тоа да тој конфликт на интереси нема да дозволи квалитетно задоволување на потребите на граѓаните во овие општини кои што сега ќе ги ставиме во една урбана средина, а потоа тешко ќе можеме да ги извадиме. Затоа што еднаш кога ќе се направи тој процес ќе направиме од 35% развиени подрачја во Република Македонија да ги сведеме на 15% а 85% ќе бидат празни зони, ќе бидат после како Мариово, како Витачево и како планината Кожуф и Козјак во конопишкиот дел и ќе имаме празни зони во Република Македонија каде 15% ќе живее народ можеби од милион ипол граѓани во Република Македонија.

Принципиелната заложба е, значи мора да оставиме простор, мораме да оставиме вентил за малите општини, а ако некаде имаме аргументи тоа да го направиме, без етнички конфликти, има тука во овие општини Боговиње, Вратница, Шипковица, Џепчиште, каде што сите се над 7-8 илјади жители, 10 илјади, 13 илјади жители и на таков наин овозможуваме навистина рамномерен регионален развој на Република Македонија.

Почитувани пратеници, најголем проблем на Република Македонија е нерамномерниот регионален развој. Не е исто вие сега да дојдете во Боговиње да живеете во стан. Има еден мој почитуван пријател кој живее во Боговиње, а сега живее во

Тетово во стан и секогаш вели, многу ми е подобро кога ќе се вратам во Боговиње да спијам во родната куќа на татко ми заради воздухот, заради климата, заради амбиентот. Не е исто да се живее во индивидуална станбена градба со двор и да се живее во стан како канаринец во 70 м2. Ние имаме лоши навики од социјализмот, не натераа да живееме во згради 12 катници, во многу мали кнфорни услови, да немаме место да ги паркираме колите, да немаме место како да го решиме лежечкиот полицаец ;и тоа се случува во Скопје, да не дозволиме да се случи тоа во Тетово. Тетово е сеуште едно место, кое што заради дисперзираноста на овие населени места и извонредно плодната аловијална почва во долината на Вардар, со разгранет систем на наводнување наречен Полог, со извонредни можности за три култури, житни култури, индустриски култури, овошни култури. Можеби најдобар регион за производство на јаболка, на вишни, на црна слива, можеби највисоки приноси на индустриски култури во Република Македонија. Сето тоа ние сега го претвораме во градско подрачје Тетово. И ние ја правиме истата грешка што се направи во Скопје. Отворен град 1963 година, населување во Скопје, концентрација од 180 илјади жители стана 600 илјади жители, сега го прошируваме со Сарај, го прошируваме со други општини и тоа истото ќе го направиме со Тетово. Зарем не гледаме дека го лишиме Просторниот план на Република Македонија на ваков начин.

Ние мораме да водиме грижа за руралниот развој. Европа е децентрализирана. Ние се централизираме. Ќе дадам еден едноставен пример со што подобро ќе биде задоволен граѓанинот на Боговиње, бидејќи зборувам за таа општина. Дали со тоа што ќе патува 18 км до центарот на Тетово да поднесе барање за решавање на улицата или расипаната фекална канализација, или што може за 200 метра веднаш со градоначалникот кој што го познава, кој што е во негов состав или од исти сој или со години кој што работел со него да ги решат проблемите  низ непосреден дијалог без градскиот совет на Тетово каде што од Боговиње може ќе има само еден или двајца претставници од Тетово. А во Боговиње сите се од Боговиње, во Камењане сите се од Камењане, во Џепчиште сите се од Џепчиште и знаат што им треба на тие граѓани, а сега вака во градскиот совет на Тетово ќе дојде до голем конфликт на интереси, дали треба да се инвестира во планинските предели на Џепчиште, односно Шипковица, дали треба да

се инвестира во Вратница, која што претставува врата помеѓу Македонија и Косово, затоа што таму е граничниот премин, дали треба да се инвестира во Боговиње кое што претставува еден податлив регион за земјоделски инвестиции, за преработувачка индустрија и сл. Едноставно, имаме ретка можност зошто одбиваме се. Еве и во Драчево и тука немаме концептни интереси. Нема политички интереси на коалиција и ние ќе го поддржиме овој предлог, да има граѓаните на Боговиње кои што се чисто албанско население, или граѓаните на Џепчиште и Шипковица квалитетно да ги решаваат своите проблеми, а државата на централно ниво треба да се грижи. Никој нема право да каже со тоа што сега ќе ги префрлиме во градот, ќе имаат тие повеќе пари и повеќе ќе се грижат за задоволување на потребите. Не е точно. Државата треба да го обезбеди државното подрачје како секаде во светот дотации, ако тие не можат да обезбедат развој, тогаш државата треба да се грижи за тоа, зашто на крајот на краиштата, општината е клетката на која што почива и државната централна власт. Ние бегло преминуваме преку овие проблеми. Дури и таму каде што коалицијата не наидува на конфликтни интереси. Се отфрлаат предусловите на опозицијата и тогаш кога тие се разумни. Кога значат развој, кога значат просперитет на тоа подрачје.

Јас сум сигурен дека тетовската локална самоуправа вака обременета, со толкав баланс на нови проблеми, на нови граѓани во тетовската општина, нема да обезбеди просперитет, нема да обезбеди берикет, нема да обезбеди подобро задоволување на тие потреби.Сосема спротивно децентрализацијата и суштински како акција, како дејство значи токму ова што говорам дисперзија на одговорноста, дисперзија на средства, дисперзија на простор, дисперзија на капацитети и на таков начин Македонија, заедно преку општината Боговиње и Џепчиште, Камењане, Неготино, Брвеница, ќе оди со побрз чекор во Европа, односно ќе бидеме поблиску до Гронал, од Гронал преку Европа на општините и на таков начин ќе дојдеме до нашето вклучување во Европската Унија.

Зошто сме закоравени во ровови и стоиме таму, без причина правиме големи градски центри. Скопје, Тетово, Струга, Кавадарци, Велес и од тоа Македонија ја претвараме во огромни празни зони. Огромни празни зони, верувајте ми после 10 години исто ќе има вакви празнини како што има сега во Мариово, Старавина, Конопиште, кавадаречко, ќе има и во регионите кои што сега на некој начин ги правиме градски.

Демократијата ќе кажам, грижата за задоволување на потребите, борбата за финансиски ресурси постабилна е, овозможува побрз развој на Македонија, доколку одиме на мали општини. Во тој прилог принципиелно и доследно ги замолувам пратениците од позицијата и министерството барем за некои амандмани каде што нема конфликтни интереси да го прифати би рекол овој конструктивен дух и атмосфера на разбирање, да дојдеме до некои поквалитетни решенија за локалната самоуправа. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави министерот за локална самоуправа.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Марјан Ѓорчев, најискрено морам да кажам дека вашите размислувања се за респектирање, за размислување и сигурно и на дел на Владата и на министерството наметнуваат одредени согледувања Но би сакал да ви укажам на конкретниот случај. Боговиње не е во Тетово. Вратница не е во Тетово. Вратница е во една општина со Јегуновце од 10 илјади жители. Боговиње кое брои 15  илјади не е во Тетово. Смислата ви ја разбирам јас. За конкретниот случај на госпоѓата Лалчевска и играат одредени предлози во кои може би се однесуваат за делот што сакала да каже за Шипковица. Но Боговиње не е во Тетово. Вратница не  е во Тетово. Благодарам.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Бонева вие имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас веќе неколку пати зборував за некои од општините кои се предмет на амандманот на госпоѓата Лалчевска и овој нејзин амандман го разбирам само како обид за територијална организација на поширокиот регион на Тетово и токму заради тоа овде се спомнуваат и повеќе општини, кои во моментот се влезени во општина Камењане, во општина Јегуновце, меѓутоа интенцијата нејзина е овие општини кои се предлагаат да се укинат на

територијата на поширокиот тетовски регион да опстојат, како што и досега успешно работеа.

Јас нема да се осврнам на општина Џепчиште, на општина Шипковица, бидејќи само пред неколку часа зборував за нив. Основното е во овој процес кој што толку упорно го нарекуваме децентрализација и за кој што толку упорно колегите од ДУИ и од СДСМ се залагаат за доследно спроведување на Охридскиот рамковен договор, токму негирање на Охридскиот рамковен договор е она што се случува со грубата централизација на сите рурални општини и правење на големи општини и голема градска општина Тетово која што од 65 иљјади жители се прави на 86 иљјади жители, значи се зголемува за 20 иљјади жители. Овде се додаваат и општина Шипковица и општина Џепчиште и токму заради тоа прифаќам она што госпоѓата Лалчевска го бара во амандманот, посебно да бидат одделени општина Шипковица, општина Џепчиште, општина Голема Речица, бидејќи сите овие општини ги исполнуваат сите критериуми кои што Владата си ги постави пред себе во овој процес на деценрализација. Било која од овие општини имаат над 5.000 жители и доста успеаа вонивниот економски развој од 1996 година наваму, со исклучок на општина Вратница која што се споменува во амандманот, која во моментот се припојува кон општина Јегуновце и мислам дека ова е голема грешка, бидејќи општина Вратница претставува и географски една посебна целина и сметам дека до сега многу успешно се развиваше и токму ако Владата тргнува од стратешката позиција која ја има општина Вратница и граничниот премин што е на нејзина територија ќе се залага да опстои општина Вратница и да успее да се врати населението кое повеќе од 2.000 луѓе има иселено од општина Вратница, да се вратат на територијата на општина Вратница и она за што Владата треба да работи, тоа е подобрување на безбедносната состојба за да можат да имаат сигурност инвеститорите, за да вложуваат во општина Вратница, бидејќи тоа е едно прекрасно место, во кое што навистина интересот можат да си го најдат другите граѓани на Република Македонија и странски инвеститори, а камо ли пак луѓе кои што се родени во Вратница и заради тоа сметам дека, а во интерес пред се, на опстојување на мултиетничкиот живот во општина Вратница, оваа општина мора да опстои и да јаземеме како еден позитивен пример за тоа како треба луѓето да живеат во слога и да ја зачуваат меѓусебната комуникација и

почитување, како што тоа успеа да го направи општина Вратница, само заради тоа што беше општина, бидејќи сите луѓе кои што беа во општината советници и нивниот градоначалник успеаа дури за време на кризата, успешно менаџирајќи со состојбата на територијата на општина Вратница да го зачуваат мирот и да овозможат да не се прошири конфликтот и на територијата на општина Вратница. Мислам дека овој амандман што го предлага госпоѓата Лалчевска треба сериозно да се разгледа, можеби како што кажа технички господинот министер не е формата, бидејќи повеќе општини се допираат со овие предлози за општини, меѓутоа, има и поединечни амандмани за екоја општина и мислам дека навистина сериозно треба да се размислиме за опстојувањето на овие општини, бидејќи скоро сите општини од овој регион, интересен на сите граѓани, без оглед дали се мнозинско албанско население, како што е примерот со Џепчиште, или пак како што е општина Вратница една мултиетничка општина, сите јасно ја кажуваат својата волја дека сакаат да си ги зачуваат општините и да продолжат да живеат во сопствени општини. На тој начин успешно ќе се спроведе процесот на децентрализација и можноста, како што пред малку кажа господинот Ѓорчев, користење на средства од проекти кои што преку разни европски институции ќе дојдат до овие општини. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Адеми имате реплика три минути, повелете.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател.

Сакав да реплицирам со таканаречената спасителка на Тетово, затоа што е многу загрижена за Тетово.

Почитувана госпоѓо, децентрализацијата не зависи од тоа колку е голема една општина, или колку жители има таа општина, туку од пренесувањето на надлежностите од централната власт во локалната власт, со цел граѓаните да имаат што подобра услуга од власта. Вие треба да знаете нешто дека некои општини кои се во околината на Тетово имаат блокирани сметки и тие не можат да функционираат. Дури не можат да функционираат и со овие надлежности што сега ги имаат, камо ли со надлежностите што ќе ги добијат со новиот закон за локална власт. Кога зборувате за новата општина што

сакате вие да ја формирате, значи за Голема Речица, јас имам да поставам две прашања до вас. Можеби ќе ме убедите да гласам потоа. Да ми кажете каде ќе биде седиштето, значи објектот на општината и најмалку да ми ги кажете имињата на тројца граѓани во Голема Речица со кои сте контактирале за формирање на оваа општина која би се наречла Голема Речица.

На крајот да ви кажам дека нема потреба вие да се грижите за Тетово и за тетовчаните, има кој да се грижи за нив и кој ги решава нивните проблеми. На крајот да нагласам дека овој амандман е потполно несериозен и ние ќе гласаме против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, јас не изигрувам спасителка на Тетово, само ги застапувам интересите на граѓаните кои се обратиле до мене да ги ставам амандманите што овие два три дена се обидувамеммп да ги одбранам и да ви укажам што е тоа што бараат граѓаните од овој тетовски регион, вклучувајќи ги и граѓаните од Вратница и од градот Тетово и ова ваше тврдење дека децентрализацијата не зависи од бројот на жителите, туку од пренесување на надлежностите од централната на локалната власт.

Вие заборавате дека во Република Македонија немаме двостепена локална самоуправа, туку надлежностите се пренесуваат на локалната власт директно, ако правите мегаломански општини, тогаш не ги пренесувате надлежностите конкретно поблиску до граѓаните во овие општини кои опстојуваат денеска, туку ги пренесувате на една поголема општина и ги оддалечувате услугите на граѓаните од центарот кој сега им е близок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господине Томиќ, имате збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Територијалната организација и Законот кој ни е предложен прво би сакал да потсетам дека е ова втора фаза, дека имавме една широка расправа во која сите наши согледувања, предлози и мислења беа поднесени и дадени, дел од нив морам да констатирам дека Владата на Република Македонија ги прифати и ги образложи по овој Предлог - закон, дел не и оттаму произлегуваат амандманите кои се на денешната седница.

Што е она што би сакал да го наласам?

Прво, би сакал да кажам, ме изненадува фактот што, кога се расправа околу територијалната организација на општина Тетово се дига толкава атмосфера во салата, мислам дека треба да разговараме сосема смирено и аргументирано и бидејќи пред нас е конкретен амандман би требало конкретно да се произнесеме по истиот.

Ова го зборувам од најмалку три причини. Дел од дискусијата на господинот Марјан Ѓорчев и она што појасни министерот дека ја сваќа интенцијата во смисла на поголем развој на самите општини, локалната власт да биде поблиску до граѓаните е основната интенција на Предлог законот на Владата, меѓутоа, какви и да се прават предлози, сигурно никогаш нема да се погодат и нема да бидат по волја.

Меѓутоа, она што конкретно би сакал да кажам, бидејќи мислам дека амандманот, да не речам, конфузен, но се испреплетува и мала интервенција од министерот да направи корекција дека овде во овие пет предлози четири се веќе постоечки општини. Станува збор само за еден нов предлог под број 5 и него не би го коментирал.

Но, она што е интересно и што се случува, општината Боговиње, ако за разлика од другите кои немаат контакт, јас имам директен контакт и замолница од граѓаните на Боговиње, тие се залагаат да остане постојната општина Боговиње. Конечен предлог дава Владата на Република Македонија, меѓутоа, на прес конференцијата градоначалникот и веројатно Советот на општина Боговиње образложија дека оштина Боговиње заедно со Кавадарци и уште една трета општина биле во пилот план каде се предвидувале некои поконкретни активности. Се разбира, ние во оваа насока треба да гледаме дали е можна една таква варијанта или ќе остане, она што го кажа министерот, општина Камењане која сега би броела 28.997 жители.

За општината Вратница, мислам дека предлогот на министерот е сосема коректен иако дел од аргументите, морам да кажам, ние во Тетово ги разгледувавме.

Со добивањето на општина Јегуновце лично сметам дека ќе се зголемат и надлежностите и ингеренциите на самата општина, сега Вратница од друг аспект како пограничен појас, повторувам, ова е расправа која трае повеќе денови, може самата Влада да интервенира амандмански, Вратница која би ги опфатила населените места Вратница, Беловиште, Јажинце, Орашје, Рогачево и Старо Село со сите оние предности кои ги има како досегашната општина.

За општина Џепчиште, по амандманот на колешката Бонева не се произнесов и денеска нема да се произнесувам, го чекам излагањето на колегата Ејуп Рустеми кој има амандман по оваа општина. Само би кажал дека држат елементите општината Џепчиште има развиена инфраструктура, економски потенцијали за самостојно опстојување и навистина не гледам логика во припојувањето на Џепчиште кон општина Тетово. Тетово, со овој предлог навистина станува извонредно голем град. Тоа се 86.580 жители. Дали треба да потсетувам дека Тетово е единствен град на Балканот кој има два универзитети, па во таа насока е моето размислување да се преиспита дали општината Џепчиште ќе треба да се припои кон општина Тетово кога знаеме дека и самата е една од ретките општини во Република Македонија која функционира.

Сето ова ми дава за право едноставно да кажам до министерот и Владата на Република Македонија да се разгледаат ваквите предлози се со цел да се остварат елементарните услови за она што значи локална самоуправа истата да биде поблиска до граѓаните, а имајќи ја во предвид новата децентрализација и функциите кои ќе ги има новата локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска повелете 3 минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам претседателе,

Господине Томиќ, мојот предлог воопшто не е конфузен, можеби технички не е доработен, јас тоа го кажав, меѓутоа интенцијата на моите амандмани, овој сега што

расправаме и следните два што ќе дојдат, беше да предложам поинаква територијална организација на Тетово и сите села кои се наоѓаат во атарот на Тетово. Водена од три причини:

Овде немаме никаков меѓуетнички конфликт, не се работи дали ќе доминира овој или оној етникум, таков конфликт нема во овој регион. Сакав да ги одвојам односно да предложам да се одвојат руралните од градската средина. Зошто? Затоа што во Полог руралната средина е навистина развиена и може да опстојува како општина. Сите капацитети и сите елементи една општна да опстојува овие општини ги имаат, ги исполнуваат сите критериуми да бидат општини и понудив само една поинаква организација на руралната средина за сметка на ослободување на преголемоста со предлогот што ќе го направиме, со предимензионираноста на градот Тетово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Се согласувам дека терминот конфузен не личи за она што го предложивте, меѓутоа, навистина технинчки би требало истите да се дотераат затоа што доаѓа до забуна, па се кажува дека Боговиње се припојува кон Тетово, а не кон општина Камењане. Од тој аспект ми беше интервенцијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, реплика или збор?

Збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би имал неколку прашања до предлагачот по однос на она за што зборувавме до сега, ги прифаќам дискусиите од колегата Томиќ и посебно од господинот Ѓорчев, зборуваме за локална самоуправа, јас во текот на вчерашниот ден укажав на една работа.

Ние добиваме општини, она што го говоревте да ја доближиме локалната самоуправа до граѓаните, за да можат да ги реализираат своите права. Добиваме две општини, едната во првиот Предлог-закон што ни го доставивте во месец декември 2003

година се викаше Боговиње со 28.997 жители, сега истата општина со истите села, истите населби само се вика Камењане, а што е причината да се промени името на оваа општина незнам, бројот на жителите на Боговиње од 14.555, бројот на жителите во Камењане 14.442. Дали во меѓувреме имаше некој прираст, па сега Камењане стана поголемо од Боговиње, па се промени општината или е нешто друго во прашање. Тоа е првото прашање.

Друго, се постигна општина Врапчиште со 25.400 жители, како овие луѓе ќе можат да практицираат локална самоуправа и ако во Република Македонија наброиме десет - дванаесет града се помали од овие рурани општини кои се погранични и на овој начин апсолутно ништо не добиваат. Добиваат само голема бројка за разлика од она што може да функционира како општини и луѓето да ги остваруваат своите права. Мислам дека целиот закон беше носен во таа насока. Ако кажеме дека една Виница, Делчево, Демир Хисар, Кичево кое е приближно по бројот на жителите со Камењане, Крива Палнка, Неготино, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, овие ги сметаме за градски средини кои се припоени доста селски општини кон нив, многу тешко ќе можат да ги остварат своите права, а ние формираме вакви гигантски општини во кои незнам дали има нешто во план да се изгради некоја голема индустрија, дека е средена инфрастуктурата, дека спаѓаат во некои градски средини и добиваат огромна бројка од 30.000 жители. Кажуваме дека 30.000 многу повеќе ќе ги исполнуваат своите права и обврски во една многу поголема територија, погранична територија, незнам која е целта на Владата, кажаа колегите дека етнички проблем нема, но ваквите гигантски општини апсолутно не соодвествуваат на она што ни е понудено и како закон и како ваши карактеристики и услови кои треба да ги задоволи една општина.

Сега го поставувам прашањето кој беше мотивот и кои се целите на Владата за да може да ни понуди вакви општини, а не оние општини кои егзистирале до сега и кои функционирале за овие граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи е заклучен претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника од кои 5 за, 1 воздржан и 50 против.

Ги молам службите да го констатираат бројот на приситните.

(Во салата има 60 пратеника)

Го поништувам гласањето, во салата беа присутни 60 пратеника.

Еве сега имаме 61, 62 пратеника.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника од кои 5 за, 2 воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал да укажам дека овој амандман и некои наредни амандмани, водена е расправа врз основа на член 10, ова е типичен амандман за кој претходно водевме расправа. Овој амандман се однесува на предложените измени од госпоѓа Лалчевска, а во амандманот кој би требало да биде предмет на расправа се објаснува кои населени места треба да влезат во овие села.

Затоа беспредметна е и расправата и барањето од претставникот на Владата да ги прифати, бидејќи прифаќањето на еден амандман од овие не произведува никакво правно дејство, бидејќи немам основ во членот 10.

Едноставно речено се бараше општина Боговиње и во овој амандман се објаснува кои селски населби би требало да влезат во општина Боговиње.

Сакам да им укажам на пратениците, а нивно е да прифатат, најдобро е пратениците да одлучат, го знаат деловникот, но би сакал да укажам на фактичката состојба, останува на пратениците да ги повлечат амандманите, бидејќи не призведуваат правно дејство или да водиме расправа. Ако пратениците оценат дека има потреба повторно да објаснуваат, јас немам што да објаснам, бидејќи водевме расправа и ги кажавме аргументите.

Од тие причини овој амандман и ваквие амандмани кои ќе доаѓаат на член 12, а се однесуваат на претходно водена расправа, некои предизвикаа поголем интерес, некои помал, едноставно укажувам дека врз основа на водената расправа овој амандан не го прифаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре на сите ни е јасно, но деловнички мораше да бидат доставени, а сега зависи од предлагачите.

Амандманот не се прифаќа.

Вчера господинот Блаже Стојановски кажа една таква логичност и рече дека ќе ги повлече.

(Збор побара министерот, но пред тоа и беше даден збор на пратеничката Лалчевска)

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас побарав збор, извинете господине министре ќе почекате еден момент.

Навистина знам дека овој амандман сега што го предлагам ќе имаше смисла ако беше прифатен претходниот амандман, меѓутоа, морам да констатирам, за жал, што не наидов на разбирање ниту кај министерот ниту кај парламентарното мнозинство за она што го предлагав односно за поинаква реорганизација пофункционална во секој поглед, конкретно за Тетово и руралната средина околу Тетово.

Овој амандман ќе го повлечам нема да ги измачам пратениците да гласаат, меѓутоа господине претседателе, токму затоа барав во пакет да расправаме за овие амандмани, вие не го прифативте тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, деловнички не е возможно затоа што се оди по членови и да го ставевте како еден амандман ќе расправавме заеднички.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Токму поради деловникот, затоа што го почитувам како пратеник и стриктно се придржувам до него, го повлеков амандманот, а вие имате друг деловник на добра волја, за жал.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам што го почитувате Деловникот и јас исто така, бидејќи постапив по Деловникот.

Амандманот е повлечен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 3-а по точката 3 поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Од истите причини кои ги наведов за претходниот амандман и овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 6 пратеници гласале за, нема воздржани и 56 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 3-а по точката 3 и на точката 46, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И овој амандман од наведените причини, бидејќи се водеше расправа не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Г-дине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Повторно стигнавме на истото што како критериум Владата го имаше земено за определување на општините. Општината Бач е една од оние каде што рековте дека до новиот центар до кој треба да се стигне ќе треба најмалку 30 минути со возило.

Г-дине министер, неколку пати е кажано во ваквата констелација на работите од селото Бач или да не кажам Брод или Живојно и кои се уште подалеку во оваа општина, граѓаните за да ги остварат своите права во општина Новаци треба да поминат преку општина Бистрица, преку Битола и да стигнат во Новаци некаде 55 км. Сега, ако носиме или цртаме карти, или ова што го предлагате овде е некој закон, мислам дека требаше да најдете начин и да се размисли за сето ова да го ставите, или да се размисли да се изнајде некое решение кое на овие граѓани ґе им обезбеди да ја практицираат власта. На овој начин и она што досег го правеле едноставно станува излишно, знаеме кое население е тука, погранично население, многу малку луѓе има, тоа се стари луѓе кои едноставно со ова ги ограничуваме и максимално им ги скратуваме и овие права што ги имаат со оваа локална самоуправа.

Мислам дека треба да се остави и да се размисли затоа што основни критериуми кои Владата самата ги носеше тука се прекршуваат. Затоа, ушрте еднаш ќе ги замолам пратениците, во контекст на разгледување со некои други општини за кои ќе остане време

да се гледа на крајот, и ова може да дојде во таа конотација да се разгледува малку подоцна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој  не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 7 пратеници гласале за, нема воздржани и 56 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 3-а по точката 3 и на точката 67, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Од истите причини кои ги наведов за претходниот амандман и овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бра збор?

Повелете г-дине Коце Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРЈАНОВСКИ:

Иако не беше прифатен првиот амандман кој што го поднесовме сметам дека овој втор амандман исто така може да се направи уште еден обид за да го убедимем претставникот на Владата министерот за локална самоуправа и Парламентарното мнозинство дека општина Богомила навистина треба да остане и понатаму како самостојна општина во рамките на единиите на локалната самоуправа. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за вашиот втор амандман, а не за општина Богомила. За вториот амандман, а таму се спомнуваат некои села.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, да ви го прочитам амандманот.

Ќе се обидам да го прочитам.

Амандманот гласи: “Во член 12 по точка 3 се додава нова точка 3-а која гласи:”Општина Богомила. . .”. Сега ако сметате дека не треба да гласи општина Богомила, да ставиме нешто друго,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислам дека тие се врзани, како врзани садови, ако сакате и хемија ќе дискутираме ама не е тоа.

Мислам дека навистина е важно, неодвоива е дискусијата. Сега такви се правилата, таков е законот. За жал, можеби ќе се повторуваме во дискусиите, меѓутоа, треба да имаме разбирање дека ова е последен обид што во Парламентот или во највисокиот законодавен дом во Република Македонија, уште еднаш се спомнуваат како општини.

Значи, во општина Богомила би паднале селата или треба да гласи: Бистрица, Богомила, Габровник, Копиново, Мокрени, Нежилово, Ораово, Ореов Дол, Ореше, Папрадиште, Плевење, Согле, Теово, и Црешново.

Со оглед на тоа што во предлогот во втора фаза  од предлогот на законот за територијална поделба на Република Македонија овие населени места целосно како општина Богомила, која е формирана 1996 година согласно тогашниот закон за локална самоуправа т.е. територијална организација тие сега во овј предлог на Закон во втората фаза се во рамките на општина Чашка. Овие исти села, затоа и предлагаме, во точката 67 да се избришат од оваа општина и со тоа сметам дека амандманот ќе биде правно издржан. Со тоа на некој начин ќе ја оформиме и општината Богомила со катастарските општини на населените места кои предлагаме да бидат во рамкит ена општина Богомила. Практично предлогот значи составот на селата кои сега ги прочитав се токму истите населени места кои и сега егзистираат во општина Богомила.

Сметам дека овие села треба да бидат во општина Богомила бидејќи во нејзиното скоро 8 годишно постоење се направени многу погодности, како општински центар Богомила, за овие населени места. Доколку овие населени места согласно ставот 2 од амандманот 2 кој го поднесе г-динот Трендафилов, доколку паднат во една поширока општина Чашка, каде покрај селата кои ги наброив од општина Богомила ќе паднат и селата од самата општина Чашка од општина Извор и дел од општина Велес, сметам дека ќе се направи една многу гломазна општина со многу голем број населени места и скоро сите, со мал исклучок, рурални населени места, што сметам дека ќе биде големо оптоварување за општината и скоро неможност да се посвети доволно внимание на сите овие населени места. Инаку, согласно нашата тенденција за децентрализација на власта и за приближување на локалната самоуправа што поблиску до граѓаните од соодветната единица за локална самоуправа, на овој начин за граѓаните жители на овие населени места кои ги набројав практично нема да има поголемо приближување туку ќе има оддалечување од локалната самоуправа. Значи нивните права малку потешко ќе ги остваруваат, или не малку туку многу потешко и што е најважно, според нас што го предлагаме или поддржуваме овој амандман на г-динот Трендафилов, ќе настане застој во развојот на овие населени места во општина Богомила. Сакам да кажам дека за овие 8 години од постоењето на општина Богомила во овие села се асвалтирани улици, локални патишта, санација на културни домови, водовод во село Папрадиште, санација на водовод во село Бистрица, интервенција и на локалните патишта кои ги поврзуваат овие села, доградба на канализација во село Теово. Сето ова јасно зборува, можеби не доволно но сепак направен е еден напредок во подобрувањетона условите на живеење во овие населени места како дел од општина Богомила, со оглед на тоа што тоа е една помала општина со помал број населени места и поголем е ангажманот на градоначалникот и на локалната самоуправа, за да обрнат што поголемо внимание за да може овие населени места да имаат подобри услови за живеење.

Во Богомила како населено место, кое сега нема да биде општински центар туку ќе биде едно од многуте населени места во општина Чашка, сметаме дека тоа е неправилно, бидејќи Богомила спорд тоа што го поседува како населено мето навистина треба да биде општински центар, бидејќи има здравствена установа со општа лекарска

пракса, стоматологија, пошта со автоматска централа, основни училишта, полициска станица или има многу елементи кои зборуваат дека населеното место Богомила треба да биде еден општински центар како што е сега општина Богомила. Со еден збор, мислам дека треба да најдеме разбирање треба да се надминеме себе си и своите партиски препораки, своите партиски рамки, за да може оваа општина Богомила да ја изгласаме, да можеме да го изгласаме овој амандман и автоматски после тоа не би имало проблем, Владата да направи амандман, како што е амандманот 1, со што ќе ја уфрли во списокот општини во членот 10. И самиот министер кажа дека после оваа амандманска расправа, додека се води расправа по текстот на Предлогот на законот, во тој случај Владата ќе ги разгледа уште еднаш амандманите кои се прифатени, а јас се надевам дека ќе се прифати некој амандман, иако за жал досега ниту еден амандман не ни беше прифатен, иако беа многу содржајно елаборирани сите амандмани, и со тоа ќе може со интервенирање, значи со свој амандман на членот 10 да интервенира, така што амандманот 2 ќе добие своја законска рамка или во рамките на предлогот на законот општина Богомила ќе ја добие својата целина и во членот 10 и во членот 12 од овој закон.

Сметам дека овие села кои ги наброивме во општина Богомила претставуваат и географска целина, бидејќи тие села со векови со центар во општина Богомила пртставуваат дел од еден простор кој се нарекува Азот, така што сметам дека со ова во центарот на Република Македонија ќе остане една општина која навистина заслужува со сето она што го има и како природни богатства и како ресурси да остане како посебна општина, бидејќи има многу богатства од мермерни наслаги, од кварц и варовник. Сметам дека има голем интерес и од бизнисмените од Скопје, кои потекнуваат од таа општина за отворање мермерни наоѓалишта од Кварц и Варовник, кои таму веќе прават, со оглед на тоа што општина Богомила како посебна општина навистина е од интерес да дава поволни услови за бизнисмените кои се иселени од таму или имаат некоја врска, или пак иако немаат се заинтересирани и со тоа да ја подобрат економската издржливост на ова општина. Согледувајќи ги сите овие аргументи, сметам дека општина Богомила треба да остане посебна општина со овие населени места кои се дасдени во амандманот 2, поднесен од колегата Ѓорѓи Трендафилов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, драги колеги,

Во интерес на јавноста сакам да кажам за што се однесува амандманот.

Прво, да ги запознаеме граѓаните на Република Македонија дека амандманите што се поднесени на членот 12, а не е прифатен нивниот пар, амандманот на членот 10, немаат никаква логика и не предизвикуваат никакво правно дејствие. Значи, и да се усвојат и да не се усвојат исто се фаќа. Затоа, сега залудно ќе зборуваме за Богомила бидејќи овој амандман не се однесува на тоа. И стоти пат ќе ве прашам, чии интереси застапувате. Прво, ако ги застапувате интересите на граѓаните за кои сте ги предложиле, гледајте што предлагате. Во точката 67, општина Чашка зборовите Бистрица, Дабровник, Капиново, Мокрени, Нежилово, Ораов Дол, Ореше, Папрадиште, Плевење, Согле, Теово, и Црешиново се бришат. Каде ги носите тие села? Ги бришете од Македонија? Тоа ли ви е целта? Затоа велам кои интереси на граѓаните на Македонија ги застапувате.

И второ, зошто ги трошите парите на граѓаните на Македонија, да мора да се изживувате тука со нивните пари и да седите по 20 сати да објаснувате амандман што нема никакво правно дејство и второ, сакате да ги избришете од картата на Македонија. Па тие се граѓани на Република Македонија, живеат во Македонија и ќе останат во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контра реплика за г-дин Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули изгледа не ме слушавте.

(Уфрлување од место на пратеникот Макрадули со зборовите “го читав вашиот амандман прочитајте го и вие”).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам колеги да се почитуваме и да се ислушаме. Г-дине Макрадули, ве молам, да му дозволиме да одговори. Колеги, ве молам, да се сослушаме.

Г-дине Трајановски, повелете една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Г-ѓо потпретседателке, ако е возбуден г-динот Макрадули, или пратениците од позицијата, да направиме пауза, нема проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, г-дине Трајановски ви тече времето по вторпат.

Ве молам, имате можност да објасните, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули во амандманот 2 се вели: “Во членот 12 по точката 3 се додава нова точка 3-а која гласи: “3-а - општина Богомила со селата Бистрица, Богомила, Габровник, Капиново, Мокрени, Нежилово, Ораов Дол, Ореше, Папрадиште, Плевење, Согле, Теово и Црешово”. Значи ние децидно сме кажале дека тие села треба да бидат во општина Богомила. Ако вие сметате дека треба да ги иселиме од Република Македонија, тоа е ваше право и објаснив дека во членот 10, со оглед на тоа што не го прифати Владата и што кажа министерот вонеговата дискусија може амандмански Владата како предлагач на текстот до крајот на расправата да реагира и да си предложи само една точка, општина Богомила, со седиште во Богомила, и тоа е се. Министерот впрочем и за Облешево кажа ќе размисли на крајот да биде дискусијата и за други општини. Сметам дека Богомила не треба да ги блокира патиштата за да можеме да бараме на крајот да реагира Владата. Мислам дека може и на еден демократски начин вака со дискусија да се разбереме. Инаку, толку возбудувања навистина не требаше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трајановски, помина една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпртседателке, тие се бунат, на пратениците од позицијата треба да им кажете да бидат барем потивки, не можеме да дискутираме, се деконцентрираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Затоа ви овозможив да имате нормално време.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ви благодарам за тоа, но би требало исто така.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред,

Продолжуваме со дискусија.

За збор е јавен господин Ѓорѓи Трендафилов.

(Ве молам, имам реплика)

Реплика имате, повелете.

Господин Јанаќе Витановски, има реплика.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Сметам дека ова што го прави опозицијата нема ама никаква врска со она што го работиме и нема никаков правен основ.

Отворајќи го членот 10 треба да го видиме законот и да видиме што се вели во членот 10. Во членот 10 се вели дека во Република Македонија се основаат и се утврдуваат името и седиштето на следните општини и се наброени кои се тие општини.

За ова што зборува господинот Коце Трајановски општината Богомила не постои, укината е. Тие предлагаат во член 12, кој што вели во општините од член 10 на овој закон се утврдуваат следните населени места. Значи, прво треба да постои општина, па да има населени места. Тој амандман отпадна, не се прифати. Не знам како може да правиме населени места на непостоечка општина.

Овде г. Коце Трајановски ни вели дека Владата ќе поднесе амандман во членот 3, во членот 12 во точка 3 да се предложи 3-а и ги наведува населени места на непостоечка општина.

Мислам дека сите наредни амандмани каде што не постои општина не можеме да расправаме и да утврдуваме населени места. Мислам дека е безпредметно и не е во согласност со законот. Ако постои општина треба да има и населени места, а бидејќи општината не постои како можеме да наведеме населени места според членот 12.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално бара збор г. Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во член 85 за повредата на правото на пратеникот, во член 168 за амандманот се води претрес, барем така почнува морам да укажам дека ние баравме заради логиката на расправата, амандманите И, ИИ или амандманите И, ИИ и ИИИ треба да бидат заедно. Значи ние баравме така да биде водена расправата, а ни беше одговорено дека деловнички така не може. Претседателот така реши и се поделија амандманите, прво расправаме за општините, а потоа за населените места во состав на општините. Ако веќе така е востановено да се води расправа дозволете на секој пратеник за секој амандман што е поднесен, јасно е дека за општината Блатец амадманот И не помина, меѓутоа во амандманот ИИ може да се повтори барањето од аспект на тоа што населените места во општината Блатец заедно со седиштето на општината заслужуваат да имаат или да немаат општина.

Значи, тука се работи за принципиелност при утврдувањето на текот на работењето во амандманската расправа. Така решивме сите заедно, така ги постави работите претседателот на Собранието и сега да продолжиме по тој ред.

Инаку, да повторам, наше барање беше заедно да бидат амандманите. Логички така требаше да биде. Наше барање беше деловнички прво да биде воден претрес по законот, што има логика, а потоа амандманската расправа, меѓутоа праксата било прво да се водат амандманите, а на крај претресот. Решивме така да работиме и ве молам така да работиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму, Блаже Стојановски бара збор процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во контекст на ова што се расправаше досега сакам да истакнам дека пред три дена исто беше со амандманот за општина Житоше односно за општина Долнени за припојување кон општина Прилеп. Тогаш и министерот и претседателот на Собранието кажаа дека јас не сум дискутирал затоа што сум ги спомнувал населените места кои треба да влезат во општина Долнени и заедно во општина Прилеп. Меѓутоа тогаш претседателот на Собранието кажа дека има нова расправа за вториот амандман и за таа расправа ќе се расправа за населените места кои што треба да влезат во општина Долнени како општина. Затоа апелирам и сега да бидеме доследни на оној став кој беше

тогаш заземен, затоа што тогаш некој велеше дека некој се збунил за амандманите, а сега излегува дека не се збунил, туку логично било да се води таква расправа заедно по двата амандмани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално бара збор г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, јас апсолутно апелирам да бидеме доследни и го повикувам г. Блаже Стојановски да си го прочита стенограмот од вторникот каде што кажува дека ќе ги повлече амандманите по член 12 кога не се прифатени амандманите по член 10.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, очигледно како што сме си надробиле така ќе си сркаме и да продолжиме како што сме започнале.

За контра реплика се јави г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Тука беше кажано дека ние немаме врска со ова, или не знаеме што работиме. Јас мислам дека позицијата и не работи. Тие само трчаат кога треба да се гласа. Би требало барем да ги оправдуваат амандманите, или контра амандманите да дискутираат, инаку навистина ја погребавме ние општина Богомила со првиот амандман, меѓутоа ние уште еднаш не даваме така лесно па бараме да ја оживиме ако можеме со вториот амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусии.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас не знам зошто толку се вознемири координаторот на СДСМ, но навистина не сакам да мислам дека тој сака да ми го одземе правото јас уште еднаш да се обидам низ дијалог со г. Гештаковски да најдам ако може со него, како претставник на Владата заеднички јазик, каде што во амандманот кој е сега предложен предлагаме селата Богомила, Бистрица, Габровник, Капиново, Мокрени, Нежилово, Раов Дол, Орешје,

Папрадиште, Плевење, Согле, Теово и Црешнево треба да излезат од предлогот за новоформираната општина Чашка.

Прво, основниот принцип е економската реалност на овие села кои се воглавно планински и на новоформираната општина Чашка каде што месното население во населбата Чашка, каде што се наоѓа и седиштето на новоформираната општина Чашка претежно луѓето се вработени ...

(Во салата нема атмосфера за работа и потпретседателката ги опоменува).

Значи, претежно оние кои воопшто се вработени ако не се вработени во некоја буџетска институција, вработени се во погонот на фабриката за цигли од Велес кој е таму лоциран и како приватни земјоделци, каде што околу 500 жители од населбата Чашка и нејзината околина имаат потпишано договори за производство и откуп на тутун. Тутунот им е главниот извор на приходи преку целата година, додека за селата кои ние предлагаме да се издвојат во оваа ...

(Во салата нема атмосфера за работа и потпретседателката ги опоменува).

Јас сваќам дека воопшто не ви е грижа за Нежилово или за Папрадиште, или за Богомила, но на тие луѓе таму малку повеќе им е грижа за себе и за сопствената иднина.

Значи овие села кои ние бараме да се издвојат од овој амандман претежно се планински села во горниот тек на реката Бабуна и нивната економска логика е заснована на сосема поинакви ресурси.

Беше кажано и во претходниот амандман и г. Трајановски зборуваше за она што е направено како поранешен општински центар. Селото Богомила располага со интернат за ученици од основно образование, со централно училиште, со телефонска централа, со здравствена амбуланта, со полициска станица, со сите оние институции или установи кои можат, а и не мораат да го олеснат или да го отежнат животот на обичниот граѓанин.

Јас жалам што не сум бил повнимателен и кон обидот во овој амандман да се издвојат селата кои припаѓаат кон поранешна општина Богомила, не ги приклучив и селата кои припаѓаа во поранешната општина Извор, затоа што природно регионот на азот претставува една целина по течението на реката Бабуна од нејзиниот извор, па движејќи се на север кон Велес. Тие претставуваат една природна целина, затоа што

како планински села имаат различна динамика, единствено реката ги прави селата, почнувајќи од селата Мартолци и Оморани кои припаѓаа во рамките на општината Извор, а тие се природно врзани со селата од потесното подрачје на азот почнувајќи од првото село, Оморани, се наоѓа по текон на реката Бабуна, Теово, Согле, Богомила и нагоре до Нежилово и Папрадиште.

Бидејќи мојот единствен соговорник излезе јас сега тука ќе ја прекинам дискусијата, со оглед на тоа што кажа господинот Макрадули мене единствена надеж некој да ме слуша е министерот на локална самоуправа.

Господине Гештаковски јас не можам да тврдам дали вие ова сте го имале предвид, или не сте го имале во предвид и во Министерството за локална самоуправа и во рамките на дебатите кои сте ги правеле во Владата на Република Македонија, но навистина овие села кои се наоѓаат долж течението на реката Бабуна и кои се претежно планински села особено селата Богомила, Папрадиште, Нежилово и Орешје, забележително е дека во последните десетина години, без оглед дали тоа се должи декатаму имало општина, се формирало општина 1996 година, или не се формирала општина, забележливо е дека луѓето кои потекнуваат од тој крај воглавно кои се иселиле од тој крај, исселени се поголемиот број во Скопје и нешто помалку во Велес. Забележливо е дека постепено се враќаат и се обидуваат да ги обноват согласно економската реалност во Република Македонија оние работи кои можат да се обноват во смисла на користење на земјоделското земјиште кое се наоѓа во сопственост на нивните семејства. Особено во текот на 2000 година, која беше исклучително исполнета со елементарни непогоди со летните пожари токму населението во овие села Богомила, Папрадиште, Нежилово, Оморане, Мокрени беа првите кои излегуваа по планините и по шумските реони и ги гаснеа пожарите.

Јас знам дека нема да се случи чудо ако ја оставиме општина Богомила дека од следниот ден таму ќе тече мед и млеко, исто како што знам дека ако не ја оставиме ќе ги обвие мрак за 24 секунди, но суштината и смислата на децентрализацијата е да покажеме дека како Собрание и како држава ние чувствуваме обврска на секој човек да го доближиме чувството дека тој е важен за нас, а како тоа би го направиле ако еден од облиците на власта не ги направиме поблиску до него.

Неколку дискутанти пред мене расправајќи во контекст на други амандмани кажаа дека луѓето подобро комуницираат меѓу себе затоа што воглавно се знаат, затоа што се соседи, роднини и тука конфликтот на интереси може да се појави единствено за практични прашања во смисла на водата за наводнување, во смисла на тоа каде да се асвалтира патот или во кое село да почнеме со изградба или со реконструкција на водоводната мрежа, кое да биде прво, кое да биде второ. Тоа се чисто прагматични, понекогаш можеби и помалку прагматични пречки кои се јавуваат во комуникацијата, но тоа се прашања кои ја тангираат сверата на секојдневниот живот. Да не зборувам од економскиот аспект, кој за жал на пример зборувајќи во контекст на новоформираната општина Чашка каков беше третманот кога тие се наоѓаа во рамките на административната територија на општина Велес. Каков беше односнот на градот и кон сега општината Чашка и кон поранешната општина Богомила сите знаеме. Значи сосема е подруго кога луѓе од локалното население се грижат за сопствените потреби, и сопствените и на своите граѓани, а сосема е друга кога тоа го прави некој од дистанца. Инаку, на овој начин ние сега ќе направиме по малку и економски неадекватна целина, затоа што повеќето од жителите на општина Чашка кои не се вработени во јавни институции, не се под Буџет или на министерствата на подрачните единици или не се на сметка на фондовите, тие се вработени претежно во погонот и претежно имаат склучено договори за обработка на тутун, главна дејност со која се издржуваат преку цела година е тутунот. За жал селата како одиме кон изворот на реката Бабуна имаат помалку можност да се занимаваат со таков вид земјоделски производи, затоа што станува збор за планински реон.

Тука јас немам што да додадам освен ако господинот Гештаковски покаже доблест да се согласи амандманот за Облешево односно предлогот и расправата за исчезнување и припојување на Облешево кон Чешиново, да го замолам да направи уште една таков чекор и можеби да размислиме дека затоа што станува збор за целосна географска целина со свои специфики, со свои потреби, со една своја секојдневна реалност да го направиме и ова и да им овозможиме на жителите воопшто на селата во регионот на азот да имаат своја општина без оглед на нејзините граници дали би останале во границата на поранешната Богомила, или би ги припоиле и селата за кои

претходно зборував, а делумно спаѓаат во општината Извор. Инаку претпоставувам дека можеби некој ги посетувале, станува збор за интересен регион, регион во кој некој биле, некои не биле, место кое од година на година е се попосетено, тоа е Планинарскиот дом Чеплес во подножјето на Солунска  Глава. Значи, ние како Собрание ако размислиме малку посериозно ниту ќе наштетиме нешто на вкупниот аспект на територијалната поделба на Република Македонија, туку само ќе покажеме дека можеме да размислуваме и на поинаков начин, да ги надминеме меѓусебните разлики и дека ќе им излеземе во пресрет на граѓаните кои живеат во селата на регионот на азот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Пред да пристапиме на гласање би ги замолила колегите пратеници да влезат во собраниската сала.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 43 пратеници.

Јас ги молам службите да го утврдат бројот на присутни во моментот на гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Мислам дека ќе мора да го повториме гласањето.

Ги замолувам сите колеги пратеници да влезат во собраниската сала.

Причекајте, еве ги доаѓаат колегите.

Ако може уште еднаш да се утврди бројот на присутните во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во собраниската сала за да можеме да гласаме.

Уште еднаш ги молам сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во собраниската сала за да можеме да гласаме.

ЛИЛАНА ПОПОВСКА

Ги молам сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во Собраниската сала за да можеме да гласаме.

Повелете Г-дин Макрадули имате збор процедурално

ЈАНИ МАКРАДУЛИ

Почитувана потпретседателке, бидејки предлагачите на амандманите и загрижените граѓани за Богомила не се тука, во име на парламентарното мнозинство барам пауза од 15 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Благодарам објавувам 15 минути пауза.

(по паузата со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија, г-нот Љупчи Јордановски)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Ги молам пратениците да влезат во салата

Ги молам службите да го утврдат бројот

(службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Ако за 10 минути не се обезбеди кворум ке морам да ја прекинам седницата.

Молам службите да го утврдат сега бројот на присутни пратеници во салата, поминаа точно 10 минути.

(службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, нема за, нема воздржани, а 60 гласале против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 12 за додавање новза точка 3-б по точката 3 и на точката 3 поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Дали некој бара збор ?

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ

Господине претседателе,

Ја ценам вашата принципиелност кога ја почнавте дискусијата денеска, 5 секунди немавте време да причекате, сега чекате 1 час, од 19,10 до паузата, а поминааа повеќе од 12 минути баш кога почнаа да течат 10-те минути ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Повелете г-не Мавровски, по амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ

И ние имаме часовници и можеме да гледаме, гледа и јавноста и затоа малку повеќе ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Откако обзајавив 10 минути, поминаа точно 10 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ

Мислам дека требваше да се работи. Вие рековте дека работите, оваа е веќе пауза од 3 часа денеска заради немање кворум.

Во секој случај би поминал на амандман.

Мислам дека дилемата остана кај г-нот Министер и ке кажам зошто, а сакам да ја запознам и јавноста од изборната единица 5 и посебно од местото од каде што доаѓам, Битола, затоа што вака претставени, овој Закон колку е достапен за граѓаните на Република Македонија, посебно за деловите што ги регулира, после ова излагање мислам дека на многу од граѓаните во Битола ќе им стане јасно за што се работи.

Се работи за следното, Општината Битола со овој Предлог на закон за територијална поделба се приклучуваат уште 64 села. Битола станува град и околија што ке има 65 населени места и тој градоначалник кој треба да работи во Битола ке треба да

води грижа за следните места а тоа се:Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково,Велушина,Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово,Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Драгарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Кареамани, Кишава, Кравари, Крклино,Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци,Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, маловиште,Метимир, Меџитлија, Нижеполе,Ново Змирново, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово Острец, Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свиниште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Српци, Старо Змирново, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец. Ова се населените места што идниот градоначалник на град Битола ќе треба да ги посетува во текот на годината и до ове луѓе да ја доближи локалната самоуправа до нив.

Со овој закон и со оваа поделба, со нашиот амандман што го предложивме, амандманот по членот 12 по точката 3 се кажува дека селата: Барешани, Бистрица, Велушина, Горно Егри, Граешница, Драгош, Жабени, Злокуќани, Канино, Кишава, Кравари, Кременица, Крстоар, Лажец, Меџитлија, Олевени, Оптичари, Острец , Породин и Средно Егри се бриШат од градот Битола. Значи, амандманот е овој овие 20 села што до сегза припаѓале на општина Бистрица треба да се избришат од општина Битола.

Беше елаборирано што значи општина Бистрица во моментот, бројот на жителите, перспективите што ги има ова место и доаѓаме во една ситуација во моментот општината Битола да се протега од граничното подрачје Меџитлија, значи од Грчката граница, со новата општина што ја прифаќа Цапари и општината Кукуречани, на една територија во која што спаѓа целото потпелистерие, значи спаѓаат многу рурални населби што имаат многу мал број на  жители, одреден број од нив, каде што нема ни инфраструктура, а од друга страна Битола, како Битола и граѓаните на Битола од 86.000  во првата варијанта што беше понудена сега станува Битола град со 95.000. Значи, се приклучуваат околу 9.000 жители, но на тие 9.000 жители, површината е многу поголема и сега, гледајки ја локалната самоуправа што во моментот функционира во Битола, мислам дека и која друга локална самоуправа да дојде после нив, ке има големи проблеми.

Зошто? Ние објаснивме што значи општина Бистрица, објаснивме што се направиле тие и не сакаме да елаборирам повторно за што тоа беше претходно во

членот 10 по точката 34 и мислам дека министерот остана со една дилема дека сепак постои простор за општината Бистрица да се размисли да остане општина и понатаму.Ако со ова што сега го направи Владата, општината Бистрица да се приклучи дирекно кон градот Битола, знаејки сите кои живеат во градот Битола што во моментот се случува кои прашања се регулирани и што треба да очекува населението од општина Бистрица да биде регулирано, ќе дојдеме до големи промени.

Проблемите се овие: Мислам дека во Битола не се решени основните промени што го тангираат градското население од онаа што значи локална инфраструктура, останати улици што треба да претставуваат булевари, каде се отвори и новото општинско собрание, а пред нив веќе годинаипол улицата ископана, не се најдоа средства да се заврши сето тоа. Но, затоа многу брзо почна да се копа. Во однос на улиците доволно е да се види, кој дошол во Битола, какви се влезовите во градот, што значи во моментот она што е направено, што значи во моментот осветлението, спортот, стопанството, инвестициите.

Зошто го говорам сето ова? Дали со тоа што општина Бистрица, општина Цапари и општина Кукуречани, ке се припојат кон градот Битола, дали обезбедуваме работни места, дали обезбедуваме побрз транспорт, дали обезбедуваме инфраструктура за овие луѓе, дали обезбедуваме начин за тие да го реализиираат своетго право на владеење,својата локална власт на овој начин? Јас апсолутно не гледам ниту една причина оваа населба, што кажав и за која што говоревме да има перспектива и сработено во овие 4 години многу, која ги има решено многу подобро инфраструктурните проблеми и од Битола, тргнувзајки од водовод, асфалтирани патишта, помош во отворање нови објекти, сега доаѓаме во една ситуација дали Битола со прифаќањето на Бистрица, на Цапари, на Кукуречани, воопшто дали граѓаните на Битола требаше да излезат на референдум и некој да ги праша дали ова треба да го прифатат.

Зошто? Затоа што нивните проблеми се од многу поинаков карактер отколку овие рурални средини и селата што се припојуваат кон Битола, а се строго планински. Нивните проблеми, нивната инфраструктура, нивното опстојување апсолутно не може да биде поврзано со градотг Битола, а некој да ме убеди дека сега ке ја реализираат нивната локална самоуправа, нивното право на владеење многу подобро од колку што го правеле

до сега апсолутно е неиздржливо. Јас мислам дека повторно давам можност. Еве, бидејки Министерот повлече некои од предлозите да се размислат, мислам дека има миожност и дека треба да се размисли општината Бистрица, поради бројот на жителите, поради остварената инфраструктура, поради она што е сработено во оваа општина и перспективата сите планирани проекти што за поголем дел од нив се најдени инвестиции, спонзори, донации, да почнат да работат, ние одиме во ситуација сето тоа да им го одземеме и да направиме општина Битола, тој градоначалник да ги посетувза. Колку што знам, годината има 52 недели а тука има 65 села. Апсолутно, ако сега не можеме градоначалникот во Битола да го видиме и неможе да не прими во наредните 3 месеци на барање од нас, тогаш што ќе се случува со граѓаните од овие села на кои треба да им решат одредени проблеми.

Мислам дека, ако и за Скопје важи таа ситуација каде, градот Битола стои во самиот Закон, градот Битола и селата, мислам дека на некој начин мораме да најдеме ситуација која што градот Битола, проблемите што ги тангираат битолчани треба да ги одделиме од сите рурални средини. А, колку се приносите што доаѓаат во градот и средствата, мислам дека не се доволни и за реализација на она шго значи основно живеење, одржување, крпарење на улиците, осветлување, поправки, така што тука ке се јават големи проблеми. Затоа што кажав, ако оваа подрачје е погранично, ако во моментот имаме некоја меѓународна соработка на тромеѓето Грција- Албанија- Македонија, каде што треба да се реализира Проектот “Нижополе” и “Пелистер” мислам дека тоа е начинот на кој што овие села ке можеме да ги заживееме, да им вдахнеме живот и да ги оставиме затоа што во тие 4 години покажаа дека секој за сопственото повеќе се грижи отколку што ке се грижи некој кој  можеби и во текот на сите 4 години нема да посети некое наслено место. Тоа е многу објективно и многу реално.

Затоа, овој предлог ми изгледа многу нереален и ке го замолам уште еднаш министерот, ако постои простор да го остави да се разгледа уште еднаш затоа што и она што дојде од самите граѓани на овза населено место, мислам дека оди во таа конотација. Луѓето се задоволни, не се работи за тоа чиј е градоначалникот, како што кажавте во денешните дискусии. Апсолутно не е ни битно. Но битно е дека во ове 4 години се направени многу работи и дека тоа треба да се респектира.

Значи, начинот на кој што оваа општина се припојува кон Битола апсолутно мислам дека не се прашани ни битолчани, а мислам и тие не се задоволни од ова решение, за тоа што повеќе би губеле отколку што би добивале, а да не говорам за останатите општини за кој што говоревме вчера како што се Кукуречани, Цапари веќе и така е  рурална средина, тоа се Потпелистериeто, села што се малку отсечени од градот и уште потешко ке ги реализиират своие права.

Благодарам г-не претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам.

Г-не Макрадули, имате реплика?

Повеле, имате 3 минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ

Добро, јас уште еднаш ке ја изразам нелогичноста на овпој момент во кој што се наоѓаме, затоа што амандманот се однесувза на членот 12 . Сакам да качам дека во Законот според кој што работиме и го разгледувзаме, во членот 10 се наведени во Република Македонија се основаат и се утврдуваат  името и седштето на следните општини, а во членот 12 за кој што се однесувза амандманот стои дека, во општините под членот 10 на овој закон се утврдуваат следните населени места. Бидејки не постои општина во член 10, пратеничката група на СДСМ и парламентарното мнозинство неможе ни да замисли како може да се расправа за непостоечки работи, освен да се сака да се злоупотребат граѓаните на Република Македонија и да се потрошат нивните пари што ги даваат во Буџетот на Република Македонија.

Затоа апелирам до издржливиот дел на опозицијата, за што им честитам, да се повлечат овие амандмани бидејки немаат никаква смисла, ниту нивното усвојување, сакам граѓаните на Република Македонија да ги информирам, бидејки ниту нивното усвојување , ниту нивото одбивање има некое правно дејство. Се наоѓаме во една виртуелна ситуација во која што, што и да се одлучи нема никакво правно дејств о. Да не се добие погрешен печаток дека се одбиваат амандманите. Напротив не постои нешто за што можеме да зборуваме сега и да дебатираме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВИ

Повелете, процедурално г-не Караџоски

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Г-не претседателе,

Повеќепати го слушаме г-нот Макрадули како не убедува да ги повлечеме амандманите поради некакви си правни и формални причини. Ве замолувам вас, како претседател да им кажете на пратениците дали има деловничка повреда во смисла на поднесување на амандманите?

Дали овие амандмани не се поднесени согласно Деловникот?

Ако е така дали немаме, согласно на Деловникот право да дискутираме, да ги образложуваме и тн.

Трета работа, Собранието, врз основа на Деловникот има обврска секој амандман поединечно да го стави на дневен ред, како што сте го направиле со ова сценарио. Дали е нешто суштински, формално, правно или вака или така не е наша работа. Пратениците се дојдени овде да се изјаснуваат и да гласаат.

Друго е прашањето што нешто ке се постигне, па така ке ја отвориме целата смисла, па дури и потребата од донесување на овој закон, односно да се стави на дневен ред.

Според тоа јас би ве замолил да завршиме со вакви сугестии од г-нот Макрадули, да му кажете дека деловнички е се исправно, а за формално суштински, правни или незнам какви не е место, по Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Мислам дека на тоа не мислеше г-нот Макрадули. Тој апелираше, вие сте потполно во право, но и јас ке бидам во право и ке прекинам било каква дискусија за Битола, ако овде е спомнато Битола само дека од општина Битола зборовите се бришат, овие, а да се зборува толку на широко и надолго за Битола.

Се разјаснивме околу тоа.

Повелете процедурално г-не Макрадули

ЈАНИ МАКРАДУЛИ

Господине Караџоски, г-не почитуван претседателе ...

(реакција од пратениците)

Почитуван претседателе деловничка интервенција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Деловничка интервенција, повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ

Ќе се обидам да не го направам тоа, ќе ми биде тешко, ќе се обидам.

Не интервенирам почитуван претседателе деловнички, интервенирав нелогички во однос на законот што го разгледуваме и кажувам не можеме да се изјасниме за член 12 кој не постои во однос на член 10.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

И мене ми е сосема јасно, јас реков дека сте вие во право, вие имавте контра реплика и го искажавте ставот во однос на расправата, неговото мислење е дека таа расправа по овој амандман е нелогична и апсурдна.

А, деловнички г-нот Караџоски објасни дека иако постои апсурд, Деловник си е Деловник. Како што кажа некој- теоретски ова се логично поврзани но ние не работиме по теорија, работиме по Деловникот.

Повелете г-не Трендафилов имате збор.

Господине Мавровски барате збор процедурално? (не)

Господине Стојановски барате збор процедурално?

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Претседателе се работи за следново, на дневен ред е амандман кој што е предложен. Тој амандман ако се усвои од мнозинството, Владата е должна да го усогласи Законот согласно усвоениот амандман, што значи дека апсолутно ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие сега немојте да објаснувате што значи усвојување на амандманот. Во процедурата Вие бевте јасни во првиот дел дека тој амандман е ставен и треба да се гласа. И ако се усвои што ќе следи после тоа, тоа можете во дискусија да кажете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Кога зборувавме за првиот амандман Вие не ни дозволувавте да дискутираме за вториот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој не дозволил, кого сум прекинал?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Вие сега баравте процедурално и почнавте да објаснувате што ќе се случи ако се усвои амандманот. Тоа воопшто не е напишано во Деловникот, што ќе се случи ако се усвои амандманот. Процедуралното заврши. Да Ве потсетам, Вие вчера бевте логичар и рековте дека ќе си ги повлечете овие амандмани и дадовте збор.

Контра реплика на господинот Мавровски на господинот Макрадули.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине Претседателе, па еве веќе четири дена слушеме, повлечете ги амандманите, го трошите времето на граѓаните. Граѓаните господине Макрадули Ве чекаа два месеци секој викенд што ќе се договорите во понеделникот и т.н., во некои продолженија два месеци за две точки од овој закон кои што сега ги добивме. И Вие очекувате овие 150 амандмани и овој закон што ни го предложивте, ние како опозиција после два дена да прифатиме се што Вие неможевте да се договорите два месеци за две точки. И кажувате дека ние ги трошиме парите на граѓаните. Денеска имате пауза од три часа, затоа што не можете да се соберете, затоа што немате кворум и сега говорите за опозицијата. Опозицијата си ја работи својата работа. Вие како позиција бевте многу горд што го запревте Законот за електростопанство. Е па и ние сме сега затоа што ќе го браниме македонскиот народ тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Со оглед на тоа што се работи за Општина во која што јас живеам и уште во понеделникот господинот Мавровски и Илија Србиновски го имаа предложено

амандманот и господинот Никола Грујевски кој што синоќа го повикав по однос на ова да се изјасни. Не се изјасни. Сигурно никогаш не ги видел тие места, но би сакал да го изнесам своето мислење дека незнам во чиј интерес на кои граѓани е овој амандман. И би го задржал своето право кога ќе биде општата расправа да кажеме во чиј интерес ќе бидат ваквите амандмани. И сметам, за да не влезам во онаа игра на господата кои што сега дискутираат, дека не е логички да дискутираме за овие амандмани. И не сакам на мојот почитуван колега Мавровски да стекнам за него мислење како што стекнав за некои негови колеги пред ден два, кога незнаеја за што зборуваат. Бидејќи го почитувам господинот Мавовски како свој пријател, мислам дека ова не е во интерес на граѓаните од каде што јас доаѓам. Но, си го задржувам правото да образложам зошто и како кога ќе дојде времето точно за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате една минута контра реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам за почитта од господинот Најдовски. Јас овие места сум ги посетил многу пати, посебно Општината Бистрица, барем во последната година сите тие села повеќе од 3,4 пати и средби со граѓаните. Верувајте ми дека ова што е напишано овде и тоа е фактот дека граѓаните од Општина Бистрица локалната самоуправа сакаат да ја практицираат самите. Во Општина Битола апсулутно проблем е и за Општина Битола и за Општина Бистрица. Наместо да решиме еден проблем, правиме два проблема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Што е заедничко меѓу селата Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Драгарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште,

Метимир, Меѕитлија, Нижеполе, Ново Змирново, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Острец, Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свиниште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Спрци, Старо Змирново, Стрежвово, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец и селата Барешани, Бистрица, Велушина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие читате имиња кои што не се во амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во амандманот се, селата Барешани Бистрица, Велушина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете ми Стрежево каде е во амандманот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Општина Битола, Градот Битола и селата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Стрежево каде  е во амандманот?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине, тоа беше Градот Битола и селата. И јас реков што е заедничко? Ако не ме разбравте добро можам уште еднаш да ги прочитам и овие села, а тоа се Барешани,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Битола е напишано во амандманот, Битола ќе го кажете. Стрежево не е напишано во амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ;

Господине, сега читам јас од тоа. Јас Ви читав што е заедничко? Значи, компаративен е мојот начин на изразување. Значи, зборувам, да, еве го амандманот. Значи сега и јас ги заборавив, ме ставате во искушение сега повторно да ги прочитам. И селата Барешани, Бистрица, Велушина, Горно Егри, Граешница, Драгош, Жабени, Злокуќани, Канино, Кишава, Кравари, Кременица, Крстоар, Лажец, Меѕитлија, Олевени, Оптичари, Острец, Породин..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете зборувајте по амандманот, во ред е.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи според предлогот на Владата се прави еден спој како и други споеви кои се обидувавме да ги образложиме во текот на минатите четири дена, дека и градските средини ќе се исцрпуваат со припојувањето неприродно на селски средини, рурални средини кои веќе некои од нив повеќе, некои од нив помалку за овие години од 1996 година наваму кои што имаат своја сопствена општина. Тој и уште една колешка вчера не ме разбраа, имаат веќе започнато, нека биде колку што е можно најскромна традиција на локална самоуправа. И сега Министерството за локална самоуправа решило тоа да го направи, јас незнам по кој критериум. Се надевам дека нема да бидам прекинат. Тоа нешто може да важи за овие села, да не ги читам повторно, а неможе да важи за Бистрица, Богомила, Габровник, Ореше, Мокрени, Оморани, Ораов Дол, Извор, Мартолци. Не мие јасно и тоа се прави голема градска населба непосредно на граничната линија Република Македонија, Република Грција. Ако нешто имаат жителите на сите овие села што сега ги прочитав, вклучувајќи ги и Орешани, Папрадиштани, Сорленци и Телци, тие немаат навистина друг избор освен масовно, како што досега го прават уште повеќе да одат во подрачните единици на Министерството за правда и да се приклучуваат кон повикот за собирање на 150.000 потписи и референдум. Очигледно нивните заложби писмата, референдумите на локално ниво, изјавите, средбите со претставници на локалните самоуправи и Министерството за локална самоуправа не вроди со плод, нивните референдуми на локални ниво не беа земени во предвид и тие најприродно, така верувам и на господинот Макрадули ќе му биде појасно за што всушнот тие луѓе ќе се борат, бидејќи човекот е греота, пет дена седи овде, не знае за што расправаме и не знае за што се бориме. Тие навистина се ставени во таква ситуација да немаат друг избор освен да соберат 150.000 потписи и да се обидат да се одбранат себеси, својот интегритет како граѓани и својот интегритет како луѓе со свој персоналитет и со свој национален идентитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Јордан Михајловски

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Со оглед на тоа дека беше прозван нашиот координатор, јас ќе се потрудам и во свое име и од негово име да му кажам на господинот Трендафилов. Од мое име.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На што ќе реплицирате кажете ми.

ЈОРДАН МИХАЛОВСКИ:

На неговата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, реплицирајте на неговата дискусија.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Цело време се повикуваме тука дека не сме го разбирале Деловникот. Бевме прозвани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тоа реплика, бидејќи господинот Трендафилов не го спомна Деловникот. Реплицирајте на 64 села што ги спомна овде господинот Трендафилов.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Може да ги реди селата колку сака оваа вечер и не може да не убеди дека со таксативно набројување на селата, дека се овозможува, или оневозможува некое право. Само ќе потсетам дека една најмала општина како што е Македонски Брод има дури 40 села, едно Нагоричани има скоро 40-тина села. Тогаш, кој е капацитетот на тие општини да се справат со проблемите социјални, културни, економски итн. Не верувам дека ова што го кажува дека е во некоја спротивставеност. Мислам дека ова што се кажа е воспоставена само теорија на апсурдот. Може да си зборува колку сака, може да се повикува и Деловникот да се умешува со оваа бројка, меѓутоа на крајот мислам дека ние сме дојдени заради разумот и да го искажуваме сопственото мислење. Веќе теоријата на разумот е нарушена, мислам дека и Деловникот веќе е засрамен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, една минута

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

И покрај Вашиот обид да ја насочите репликата на почитуваниот колега очигледно неговите дилеми околу: мислам, значи, постојам, треба да ги рашири во една поголема смисла во правец на: се сомневам, значи постојам, и да не се прашува за теориите на апсурдот, затоа што оваа карта која е приложена пред нас како да се правела во некој генерал штаб на Андартите. Ова е срамота што ни се нуди денеска. И него не му е јасно за што зборуваме и што зборуваме. Ќе се бркаме по цел ден по ходниците само за пет минути да дојде тука и да гласа. И после ќе ме прашува за чии интереси јас се залагам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кондарко, имате реплика на господинот Трендафилов.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам Претседателе, јас само би замолил за дополнително појаснување од господинот Трендафилов, бидејќи не можев добро да го следам неговиот компаративен приод. Па доколку не му е тешко би го замолил уште еднаш да ги прочита селата за да видиме во што се состои компарацијата и споредбата што ја направи, што е целта на амандманот? Би го замолил ако може уште еднаш да ги прочита.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов ако може една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Кондарко, јас навистина сакам да покажам христијанска собилност кон Вас, но не сум лекар и затоа не можам да Ви помогнам. Морате сепак да побарате лекар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, да бидеме пристојни, да не се навредуваме. Во секој случај имаме време, полека, се ова ќе се помине.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Само да разјасниме некои работи. Јас сега теоријата на апсурдот се обидов да ја објаснам и многу е едноставно. Ако Вие ме убедите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, ќе Ви го земам зборот, бидејќи Вие фактички давате контра реплика. Јас ако сум коректен спрема едните, прифатете ја коректноста спрема другите.

Дали некој бара збор?

СПИРО МАВРОВСИ:

Претседателе, дозволете да се доискажам за што се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Теоријата на апсурдот се спомна во репликите.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Го спомнавме по десети пат апсурдот и апсурдот некој тука да се убедува дека владеењето и локалната самоуправа на 20 населени места кои што сега функционираат со 5.500 жители имаат добри резултати, дека тие ќе бидат и подобро ќе функционираат во еден град со 100.000 жители каде што овие 20 села што не е проблем бројот на селата,  се работи за територија, се работи за градски и за рурални средини. И ние ги мешаме и доаѓаме во ситуација да говориме дека некои општини имале 40, другите имале 50 села. Тука е проблемот. Тоа е апсурдот и постигнувањето на сите успеси што ги постигнала општината, ние сакаме да го поништиме и правиме две зла. Значи зло се нанесува и во општината во која што се припојува, значи Општина Битола и општината која што ја поништуваме, Општина Бистрица. Токму тоа е амандманот. И мислам дека тука нема апсурд, се е реалност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? Никој

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 58 пратеници, нема за, нема воздржани, 58 против.

Ве молам службите да го констатираат бројотна присутните.

Спиро Мавровски се изјасни, јас го поништувам гласањето и ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 лпратеници, еден за, воздржани нема, 55 против.

Во времето додека заврши гласањето имаше 60 пратеници, ве молам, го поништувам гласањето, за 10м минути да се соберат пратениците, потребен е уште еден пратеник. Додека траеше гласањето пратеникот Спировски излезе.

Ве молам пратениците да заземат своите места а службите да го утврдат бројот, заради евиденција и заради стенограмите.

Восалата се присутни 61 пратеник.

Аамандманот го ставам на гласање и повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, нема за, нема воздржани, 60 против.

Во ссалата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот и би ве замолил да не ја напуштате салата.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на точките 6, 25, 28 и 30 поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Даневски, процедурално.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дин претседателе, мислам дека манипулирате со кворумот и работата во Собранието.Го бараме листингот да го дадете, затоа што се работи на ивица на кворум и зборуваме тука кој како ги троши парите. Опозицијата треба да си обезбеди кворум .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски, овде се броеше, ако службите не знаат да бројат.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас знам како се брои во Собранието. Немојте да ми кажувате, се донесуваат закони со 40 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако вие така сте броеле, јас така не бројам. Благодарам.

Г-динот Трендафилов, процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Јордановски, овој начин на функционирање на оваа сесија најмногу ги става на удар вработените од стручната служба на Собранието затоа што вие во два наврати..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Присутни се 62 пратеници, а на екранот гледаме дека се 56.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас уште еднаш ќе изразам жалење што не најдов на разбирање од министерот за предлогот што го имав дадено со претходните два амандмани, а во истиот контекст е и овој амандман кој е поврзан со претходните два амандмани, а посебно жалам што одредени колеги го сватија тоа како утопија и тие најбрзо ќе сватат дека мојот предлог беше многу реален и многу функционален. И, за да ги ослободам пратениците од парламентарното мнозинство да не им се укочи прстот на копчето против, јас ќе го повлечам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Лалчевска.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за бришење на точките 7, 12, 17, 20, 21, 23, 29, 41, 43, 52, 53 и 63 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Оровчанец имате збор.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе како предлагач на амандманот, овој амандман го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Оровчанец.

Аманадманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на точка 9 и на член 12 точка 62 поднесен од пратениците Ганка Самоиловска-Цветаонва и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе,

Овој амандман ќе го разгледаме уште еднаш, сега не се прифаќа бидејќи имаме сознание дека сечени катастарски. До колку постојат одредени можности сигурно како министер и кога ќе ги разгледува Владата ќе го разгледаме.

Во овој момент не се прифаќа,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот во овој момент не е прифатен.

Кој бара збор?

Г-дине Караџоски повелете, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, овој амандман илузорно е да се расправа затоа што предлагачите на амандманот не се присутни. Нема предлагачи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски многу добро го знаете Деловникот бидејќи пред малку реплициравте деловнички на г-динот Макрадули и јас ви реков дека сте во право, а сега не сте во право.

Г-ѓо Бонева барате збор? Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Г-дине претседателе, г-дине министре,

Конечно мислев дека овој амандман навистина ќе биде подржан бидејќи со амандманот не се бара некоја општина да постои или да се формира нова општина, туку се работи таа катастарска парцела која што е во состав на постојната општина Вевчани и тоа од 1971 година. Бидејќи е направена неправда и во 1996 година, селото Горно Белица е влезено во општина Струга, а овој амандман е ставен во процедура и даден од пратенците заради тоа што треба да се пронајде решение барањето од граѓаните од општина Вевчани кои што не наишло на слух кај надлежните институции овие години, тоа да се поправи и општина Вевчани да биде заедно со катастарксите граници на неговата општина, значи заедно со селото Горна Белица. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете г-дине Гештаковски, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАОВСКИ:

Г-ѓо Бонева, јас укажав на одредена можност и морам да ви кажам и ваше право е како пратеник дали ќе верувате или не. Во целокупниот дел на јавната расправа со целиот ризик, еве и службите кои се до мене и оние кои работеле на овој закон, во целиот период кога го работиме овој закон од страна на Вевчани и од страна на одредени граѓани или органи на локалната самоуправа не е покренато ова прашање во делот и на одредени недоречености.

Бидејќи кога го работевме законот една од причините е исправање на одредени грешки од законот од 1996 година. Се обидувавме и во тој список да видиме. Јас затоа викам од страна на Министерството и од Владата ќе направиме напори, но неможам да го

прифатам бидејќи има одредени сознанија дека се сечат одредени катастарски граници. И, затоа побарав да не се прифати амандманот. Ќе се разгледа во текот на идната расправа. И, сигурно има можност Владата да се произнесе. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Нелко баравте реплика? Повелете имате три минути.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Претпоставувам дека и во овој случај се работи само за опструкција бидејќи колешката Бонева, претпоставувам, не знае каде се наоѓа тоа село. Тоа село е практично викенд населба. Кога би сакал колегата Балковски би можел најдобро да објасни, бидејќи се работи за село кое што живее само преку лето. Тоа е викенд населба која што е поврзана исклучиво со пат за Струга. Значи овде не се работи за некоја населба која што има живот преку целата година и која што треба да биде поврзана со општината Вевчани.

Оттаму мислам дека овој предлог е бесмислен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Бонева имате една минута контрла реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, ако мислите дека незнам каде е селото Горно Белица, можам да ви го покажам и на карта, а инаку, ништо не е смешно, не значи ако сум од Струмица дека не сум била во Вевчани.

Дави кажам уште нешто, граѓаните од општина Вевчани и нивната локална самоуправа вели дека според документацијата на Републичката геодетска управа до 1971 година, кон катастарската општина Вевчани е споена катастарската општина Горна Белица. Не се работи за тоа колку има луѓе кои што живеат таму и како е нивниот пат туку се работи за катастарска општина и граници на катастарска општина утврдени од геодетската управа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Балковски имате збор.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ви благодарам г-дине претседателе,

Најпрвин сакам да го изнесам ставот од минатиот пат односно од пред два дена кога кажав дека ваквиот распоред на амандманите ќе донесе едно вакво недоразбирање. Значи амандманите требаше да бидат поредени 10-12.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знам, но Деловникот не дозволува, вие можевте да помогнете двата амандмани да ги ставевте во еден. А вие ги ставивте посебно. Дали сега јас треба да мислам зошто сте го направиле тоа.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Во ред, сега да поминеме на Горна Белица.

Видете, почитувани пратеници, за што се работи. Во 1996 година кога се носеше законот за територијална организација тогаш од 34 општини стана 123 општини и општина Вевчани беше само со едно населено место со селото Вевчани. Тогаш имаше некои недоразбирања во однос на катастарските општини и навистина до 1971 година, катастарски гледано горна Белица припаѓаше во катастарската општина Вевчани. Меѓутоа, тогаш се доведе до тоа општина Вевчани да биде само со едно населено место и Горна Белица припадна кон општина Струга.

Кога зборуваме за Горна Белица сакам да напомнам дека тоа по дефиниција е село, меѓутоа сепак во секојдневниот живот , во секојдневието Горна Белица е туристичка населба затоа што селото при крајот на 60-тите години веќе е целосно иселено и во почетокот на 80-тите години повторно се враќаат мештаните и други луѓе од Струга, од Охрид, од Скопје и дурги населени места и таму градат викенд куќи.

Во 1996 година, значи, кои беа тогаш оправдувањата Горна Белица да припадне кон Струга. Географски гледано Горна Белица се наоѓа на 1500 метри надморска височина и патниот правец води кон Струга, село Вишни и Горна Белица. Меѓутоа, ситуацијата сега е сменета затоа што во 2002 година, се направи пат Вевчани и Горна Белица за потребите на целокупното餐 населние , меѓутоа и на стратешки потреби затоа што добро беше и од Вевчани да се направи еден круг Вевчани - Горна Белица - Вишни - Струга. Значи, стратешки беше потребен тој пат и тој пат се направи.

Горна Белица има можности за развој  на туризмот, на зимскиот туризам и добро е, сепак, да се исправи оваа катастарска грешка, затоа што треба да проверат и стручните служби во Министерството за локална самоуорава. Меѓутоа и катастарски да се провери во општина Струга како се движеле катастарските општини во Горна Белица и во село Вевчани.  За природно географските карактеристики и географски и место положбата треба Горна Белица да припадне под општина Вевчани, гледано географски.

Гледано од стратешки аспект, мислам дека исто така е потребно Горна белица да припадне кон општина Вевчани, затоа што сегашнава поделба , јас ќе зборувам во амандманот кога ќе биде за општина Струга со сите други општини, Велешта, Велагожди, Лабуништа и Вевчани и општина Струга како град и тогаш ќе ја спомнам  Горна Белица од аспект на стратешко значење, затоа што во Горна Белица погранично место има поставено караула на  Армијата на Република Македонија. Така што, добро е , атарот на село односно на општина Вевчани, едноставно да се прошири до границите на Албанија и таа караула што е поставена во Горна Белица да гравитира  и да има друг пат ид Вевчани караула Горна Белица односно да биде оделно од патот Струга-Вишни-Горна Белица. Ова го зборувамод  стратешко значење. Како што реков и инфраструктурното поврзување е направено во 2002 година Вевчани-Горна Белица.

Се надевам дека овој амандман  ќе  беше подолго прифатен и од пратениците и од Владата, да се одложеше  амандманот до 9 или до 10 август, затоа што од името на месната заедница, сега зборувам за Горна Белица, денот е Света Петка 8 август и еве покана до сите пратеници и на Владата да го посетат местото   и да видат од какво значење е и туристички, меѓутоа и стратешки. Така што, ова што го кажа и минситерот Гештаковски  треба да се провери и да се види ако е во границите катастарски, треба да се провери со катастарот во Струга. Едноставно, треба да припадне кон општина Вевчани.

Друго значење, што нависитна ако веќе одиме сега со целокупната соработка помеѓу општини,како што реков, дека сепак сакаме овој закон да има поголемо значење за Република Македонија, па и преку гранична соработка, дури и уште подобра, нели ги правиме општините за општинска соработка, ќе кажам дека во 2001 година е потпишан договорот со Германската влада и  КАФ банката, за прифаќање на сите води во с. Горна

Белица  и едноставно да се прошири односно да се донесе водата од Горна Белица во Струга, затоа што тоа е од огромно значење за општина Струга. Така, ако веќе сега припадне општина Струга да има поголемо значење односно се припојуваат сите овие општини што пред малку ги набројав, а општина Вевчани останува како самостојна, може да доведе  од друга страна и законот предвидува во едне од членовите да има меѓусебно јавно од локално значење , некои јавни претпријатија од општините да се поврзуваат. Да речам, помеѓу  две или три општини,мислам дека сепак од такво значење тој водовод што уште се гради сега, меѓутоа, треба да соработуваат општина Вевчани и општина Струга. Во понатамошниот дел од оваа расправа кога ќе дојде амандманот и за општина Струга кој го имам поднесено, пак ќе разговараме за Горна Белица и се надевам дека ќе се изнајде некое решение.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Балковски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, амандманот го ставамна гласање, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 5 пратеници гласале за амандманот, 3 пратеници биле воздржани, 57 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 11-а по точката 11 и на точка 53 , поднесен од пратениците Блаже Стојаноски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и  Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Господинот Блаже Стојаноски си замина, за да го исполни ветувањето да го повлече амандманот.

Повелете г-дине Караџоски вие имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Блаже Стојаноски не може да го повлече, доколку не се сложиме и ние, затоа што сме група на предлагачи. Зборувам за амандман и незнам што е смешно тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, ништо не е смешно, само би било добро вака симболично да го кажете, а не кога го повлекува. Вие можете да не го повлекувате. (Општа смеа).

Продолжете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Зборувам за повлекување на амандман, незнам што е смешно.

Да нема забуна, по што после овој амандман има уште два други амандмани кои се исто така од странaта на истите предлагачи, станува збор за исто,можеби слично. Дозволете да прочитам за што станува збор.

Во членот 12 по точка 11 се додава  нова точка 12-а која би гласела "општина Витолиште за селата Бечиште, Вепрчани, Витолиште, Врпско, Џуџаково, Дуње, Жилово, Кален, Кокре, Крушевица, Манастир, Пештани, Палчиште и Чаришта. Значи, тоа е предлогот таква општина со тие села. И, следниот став е истите тие да се избришат од општина Прилеп, заради кои што сметавме и зборувавме дека треба овие села да гравитираат во општина Витолиште од причини кои што сите овие села се познати села во Мариовскиот крај. Повеќе  пати е зборувано и нашето мислење е , не смао нашето мислење, туку и сит еовие граѓаникои живеат таму е дека како самостојна општина би опстојувале многу подобро, отколку припојувајки се кон Прилеп. Има многу причини и географски и природни , и економски , со кои што се дава можност оваа општина да опстојува. Исто така , има и една потврда која што после прогласвуањето во општина Витолиште вакви или такви, некакви резултати се покажани. Она што е најбитно спречена е миграцијата село-град, која што во овој Мариовкси крај беше години наназад многу изразена. Иако , сеуште треба да се работи на тоа поле, за да тојкрај не опустоши

сосема. Мислам дека со давањето на можноста токму преку овие села кои што ќе гравитираат во рамките на една општина, сами да си ја креираат судбината и сами да си одлучуваат за сопствениот развој, со се она што е предвидено со овие законски измени. На тој  начин општината Витолиште во Мариовскиот крај, покажувајки го и овој период до сега, можеби не направиле којзнае колку многу, но сепак повеќе од она што се случувало пред таа општина да биде прогласена за општина.

Инаку, кој не бил во Мариовскиот крај , тој не знае што е. Долго време додека таа општина беше во рамките на Прилеп, таа немаше ни пат. Имаше еден недоправен пат, каде што одредени села и општини и оние кои што ги наброив беа отсечени без никаква комуникација. Сега со осамостојувањето тука се правеа сопствени напори, се истампонираа патишта, се направија одреднеи водоводи и одредени развојни компоненти, со кои што оваа општина покажа показатели дека може да опстојува. Е, сега, аргументите дека таму има малку жители меѓутоа, има исто така предлози овде во овој закон , каде што имаи други општини сомалку жители, па останале општини. Јас би ги сметал за толку небитни, што не е само тој фактор, што нема многу жители и треба да ги отпишеме, ние треба да привлечеме да има жители, значи да се направи таму да има повеќе жители односно да се опстане да се мигрира. Е, токму по начинот на кој што ваквата општина би опстојубвала, а не да се припојвуа таму каде што никогаш немало перспектива. Еве, токлку, во рамките на она, зборував и за првиот дел, во основа сум оваа општина да опстои, вака како што прочитав, а понатаму кога ќе дојдат другите амандмани ќе бидам поконкретен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки  никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за не гласал никој, воздржани нема, а 54 пратеници гласале против.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Сега, во салата сме присутни 62 пратеник.

Повторно го ставам амандманот на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, нема за, нема воздржани, 62 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворм претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 11-б по точката 11 и на точките 46 и 53 поднесен од пратениците Блаже Стојаноски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнес.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Повторно станува збор за Витолиште, што е разликата сега од оној претходен амандман, овде влегуваат селата. (Општа смеа). Јас незнам што е смешно, кога јас зборувам сите се смеете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски не им обрнувајте внимание, ве молам зборувајте.

ЖАРКО КАРАЏОСАКИ:

Значи, селата Бешиште, Брник, Будимирци, Вепрчани, Витолиште, Врпско, Градешница, Груништа, Џуџаково, Дуње, Жилово, Зовиќ, Зовиќ два, Кален, Кокрек, Крушевица, Маково, Манастир, Орле, Петалино, Пештани, Колчиште, Рапеж и Чешаниште, од членот 12 по точка 13 се додава 11-б, која гласи со вака дефинираните села.

Потоа , во точка 46 каде што е регулирна општина Новаци зборовите Брник, Будимирци, Градешница, Груништа, Зовиќ- 1, Зовиќ-2, Маково, Орле, Петалиште и Рапеж се бришат, затоа што се додаваат во претходниот. И од општина Прилеп се брише

Бешиште, Вепрчани, Витолиште, Врпско, Џуџаково, Дуње, Жилово, Кален, Кокре, Крушевица, Манастир, Пештани, Колчиште и Чалиште се бришат од она што е предвидено за општина Прилеп и се додаваат во оној дел каде што го прочитав претходно.

Значи, овој предлог, овој амандман, очигледно е дека во предлогот е предвидена една малку поголема општина со повеќе села , а ргументите не би ги повторувал, затоа што истите аргументи важат и за она што претходно го кажав во рамките на опстојување на една ваква самостојна општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 1 пратеник гласал за, нема воздржани, 61 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 11- в по точката 11 и на точките 29, 46 и 53, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И овој амандман, почитуван претседателе, почитувани пратеници, се однесува исто така на општина Витолиште. Што е сега пак овој различен од претходните. Тоа е дел од општината Кавадарци, поточно селата Бојанчиште, Бокула. Бунарче, Горна Бошава, Долна Бошава, Тиново, Крњево, Куманичево, Мајден, Мречичко, Радња, Ржаново, Рожден, Прагово, Чемерско, предлагаме да се избришат од општина Кавадарци, а да се додадат во општина Витолиште, исто така од општина Новаци да се избришат селата Брник, Будимирци, Градешница, Груништа, Зовиќ 1, Зовиќ 2, Ивени, Маково, Орле, Петалино и Рапеш и од општина Прилеп Бешиште, според новиот предлог... Вепрчани, Витолиште, Врпско, Гуѓаково, Дуње, Живово, Кален, Кокре, Крушевица, Манастир, Тештани, Полчиште и Чаниште.

Значи, бришењето во текстот од законот, она што бараме точки 29, 46 и 53 да се избришат и да се додадат во членот 12 по точката 11, би имало нова точка 11-в која би гласела една општина Витолиште со следните села, ќе бидат комплетирани на овој начин. Селата Бешиште, Беланичиште, Бохула, Брник, Будимирци, Бунарче, Вепрчани, Витолиште, Врпско, Горна Бошава, Градешница, Груништа, Ѓуѓаково, Долна Бошава, Дуње, Живово, Зовиќ 1, Зовиќ 2, Ивени, Кален, Клиново, Кокре, Крњево, Крушевица, Куиманичево, Мајден, Маково, Манастир, Мрежичко, Орле, Петалино, Пештани, Полчиште, Радња, Рапеш, Ржаново, Рожден, Страгово, Чаниште, и Чемерско.

На овој начин сметаме и третиот предлог што би дошол се добива една поголема општина во рамките на општина Витолиште со тоа што опфаќа кавадаречки крај, опфаќа од Новаци, прилепскиот дел, според предлогот и стариот кој беше од Витолиште и сметаме дека на тој начин таква општина може да опстојува ако претходните две не беа прифатливи од овие причини што се наведоа во законот или малку жители или немаа можност за опстојување.

Мислам де дека овој предлог е добар во контекст на тоа што на овој начин со една поголема територијална целина во рамките на една позната мариовска област ќе се дојде до поголема самостојност и поголем и економски и секаков развој. Она што е најбитно, ќе повторам, со начинот на организирањето на овие села што овде ги набројав, во рамките на една целина, една општина и во рамките на она што значи осамостојување по пат на

финансиски средства што се предвидени во следните закони се дава голема можност тие краеви да не опустошуваат. Значи, ние мораме да се грижиме особено за мариовскиот крај затоа што таму навистина подолго време тој крај е крај кој може да се нарече ерозивен крај или во некоја реченица крај кој може да се дефинира како пустина од проста причина што на секој можен начин треба да придонесеме тој крај да заживее. Ако сите овие рурални средини ги припојуваме кон една урбана средина како што е предложено за градот Прилеп и кон Кавадарци општина Новаци, тоа води во една друга крајност каде сите овие села што ги набројав ќе го изгубат својот идентитет. Убеден сум дека полека тој крај ќе почне да згаснува, таму нема да се обновува ништо, туку ќе има се поголема емиграција како што во изминатите години имало. Еден убав крај, крај кој располага и со природни богатства и со она што е најбитно тоа е дел на чиста животна средина, тој крај не е загаден со ништо, можеме да го направиме да ја изгуби својата идентификација и може да настане од тоа што градската односно урбаната средина тешко води сметка за таквите краишта, особено ако се земе во предвид дека оваа пракса поточно претходната историја пред осамостојувањето на таа општина веќе била таква и Прилеп како град заедно со овие села кои ги набројав не покажа поголем интензивен развој во тој крај. Можеби многу фактори биле различни од денешните, но убеден сум дека со една ваква општина што ја предложивме со амандманот, поголеми се шансите таму да има живот отколку обратно. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

Овој амандман за општина Витолиште мислиме дека е право пропорционален со намерите и само накратко, доколку се осврнеме во прилог на опстојувањето на општина Витолиште дека социоекономскиот развој на Република Македонија во досегашниот период се карактеризира со изразита динамичност и нерамномерност во развојот. Факт е дека регионот за кој зборуваме е последица на таа нерамномерност во изминатиот период кој низ разни владини документи се констатирало.

Достигнатиот степен на Република Македонија кој е во спротивност со овие запоставени подрачја од аспект на нејзината стопанска структура и просторна организација и разместеноста на стопанството во изминатиот период биле условени од различни, како материјални така и институционални услови.

Регионот на Витолиште и селата, не би сакал да ги повторувам, ги кажа господинот Караџоски, секако дека се резултат на таа, пред се би рекол, институционална неоправданост. Само еден краток пример дека во периодот до 1980 година со трансфер на современа технологија и постојани квалитативни промени на стопанскиот систем бил оформен економски потенцијал кој претставувал реална основа за перспективен развој на вкупниот економски и општествен живот на Република Македонија, во одделни сектори и гранки овој стопански потенцијал имал и сеуште има карактеристики на современо стопанство. За жал, општина Витолиште и селата за кои зборуваше господинот Караџоски од овој вид на современо стопанство ниту во 2004 година ниту во 1994 година, ниту во 1984 година виделе некаков ќар. Значи, тие се, како што на почетокот реков, резултат на нерамноправниот развој на Република Македонија посочен, пред се, како динамичен, но и констатирано дека тој е далеку нерамномерен во поглед на, што е можно поголема застапеност на рамномерно развивање на сите региони во Република Македонија, согласно нивните демографски, економски, социјални, географски, културолошки причини, разлики и карактеристики.

Во процесот на овој развој, за жал, до сега (опомена од страна на претседателот да зборува за амандманот), да, да зборувам за Витолиште и тоа што му се случило во изминатиот период на овој крај. Тоа во одреден момент го кажа и господинот Јордановски повеќе како илузија, јас навистина би се согласил околу рамномерното користење на потенцијалите во смисла на природни ресурси, земјиште особено шумското богатство и шумите, за жал, Република Македонија како земја која не може да се пофали дека има економски потенцијал, станува жртва на тоа, пред се шумските стопанства на тлото на територијата на Република Македонија сепак во голема мера непלански да ги искористуваат шумите и , за жал, таа последица, ќе мора да ја чувствуваме без оглед колку би биле природно против тоа, ние немаме економски потенцијал како што располагаат тругите земји, па да можеме дрвото, без оглед дали е за изградба или било

каква друга намена да се снабдуваме од увоз, а нашето шумско богатство да го чуваме како дел од нашето природно наследство во кое треба да остане.

Оттука, структурата на тоа стопанство, затоа инсистираме на овој амандман и на општината Витолиште, се карактеризира со континуирани промени со зголемување на учеството и значењето особено на индустријата, замјоделието, градежништвото, трговијата и сообраќајот. Значи, еден голем регион во Република Македонија како што е мариовскиот, да речеме во последните 20-25 години ниту има нешто видено од индустријата, од земјоделието, а уште помалку од градежништвото, трговијата, да не зборувам за сообраќајот.

Ако се навратиме само на периодот од крајот на 70-тите, 80-тите години тежиштето на развојот гледаме дека било поместено во рамките на мариовскиот регион и конкретно во контекст на општината Витолиште, дека е побрз развојот на секундарните и терцијалните дејности особено во секторот на услугите, трговијата, угостителството, туризмот, финансиските услуги, маркетинг услугите, информатичката и компјутерската технологија и ПТТ услугите и сл.

Ние не можеме да се пофалиме, како и претходно спомнатите дејности мариовскиот регион, без оглед какви биле обидите во минатото да биде мариовски дел кој припаѓа на Битола, мариовски дел кој гравитира кон Кавадарци и мариовски дел кој гравитира кон Прилеп, не можеме да претпоставиме и покрај тоа што три релативно големи градски центри можеле да инвестираат во рамките на мариовскиот регион од овие работи за кои сега зборував нема ниту трага не само во општина Витолиште, на територијата на општина Витолиште која ние ја предлагаме, туку воопшто во рамките на мариовскиот регион.

Иако со осамостојувањето на Република Македонија отпочнати се системските промени во скоро сите сфери од економијата, би потсетил, така тврдат владините документи, така тврдат официјалните документи на Република Македонија дека до 1995 година стопанскиот развој се карактеризирал со негативни стапки. Први позитивни трендови се ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов за економските стапки до 1995 година на ниво на Република Македонија нема никаква поврзаност со амандманот. Ве молам, вратете се на амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Добро, во секој случај општина Витолиште од аспект на планскиот пристап, теоретските, емпириските и методолошките знаења ги респектира и адекватно ги вреднува сите релевантни компоненти на географската положба на Република Македонија со цел развојот на Република Македонија да достигне степен и динамика, но воедначен развој согласно сите карактеристики на секој регион кој ги заслужува. Отворањето на слепи зони на територијата на Република Македонија, како што го правиме со Мариово, како што го правиме со Поречјето, како што го правиме со поширокиот регион на Азот, пред малку зборувавме за неколку амандмани, не оддалечува од неколку фундаментални заложби за кои сите сме се согласиле не само во овој парламентарен состав, туку од почетокот на плуралното живеење во Република Македонија, значи од формирањето на првиот повеќепартиски Парламент.

Зошто општина Витолиште и нејзината поставеност на картата на Република Македонија е значајна не само за ревитализација на тој регион и не само важна сама по себе од аспект дека општината Витолиште се наоѓа во мариовскиот регион и се наоѓа во близина на поголем градски центар како што е градот Прилеп.

Геостратешки гледано, географската положба на Република Македонија е латентна, бидејќи во мирновременски услови овозможува развој, просперитет, а во воени услови...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов Република Македонија не е една општина, цела ниту е така дефинирано. Ве молам, се прочитаа селата, се прочитаа новите општини кои сакате, ве молам, јас знам ви се материјалите, но барем најдете ги деловите кои се однесуваат на вашиот амандман што е поднесен, кој господинот Блаже Стојановски не е тука да го повлече.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, геостратешки гледано географската положба на општина Витолиште е латентна, бидејќи во мирновременски услови оневозможувала развој, просперитет, а во воени услови судирања на интереси и освојување, што впрочем историјата неколку пати тоа го потврдила.

Овде не станува збор само за граничната линија со соседна Грција, овде станува збор за интереси и судири кои се случувале независно од тоа какви биле интересите и на големите сили и на соседните земји на Балканот и нивните аспирации кон овој регион или регионите во Република Македонија.

Инаку, можеме да кажеме дека и општина Витолиште во еден поширок регион кој овозможува да ги користи ресурсите кои се на располагање од фондовите на Европската Унија ја претставува како еден своевиден и дава предност дека има една централна положба и би можела, во голема мера, да биде она што не успеавме да го кажеме на примерот на општина Конопиште каде тие примери можевме да ги користиме во неколку наврати дека може да биде не само за развој и ревитализација на населението кое живее на територијата на општина Витолиште...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За Конопиште не станува збор, станува збор за општина Витолиште.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

За Витолиште. Значи, може да претставува како можност за соработка и да се претставиме како земја која сериозно инсистира и на рамномерен демографски развој и на стопански развој и на инфраструктурен развој и во секоја друга смисла ... (реакција од страна на пратениците).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам нека се искаже господинот Трендафилов, само за амандманот, а јас ќе го прекинувам ако треба и ќе му одземам збор ако не зборува за амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, во рамките на она што го зборуваме за општина Витолиште каде се предлагаат селата Бешиште, Бојанчиште, Бохула, Брник, Будимирци, Бунарче, Запрчани,

Витолиште, Врпско, Горна Бошава, Градешница, Груниште, Гуѓаково, Долна Бошава, Дуње, Живово, Зовиќ 1, Зовиќ 2, Ивени, Кален, Клиново, Кокре, Крњево, Крушевица, Куманичево, Мајден, Маково, Манастир, Мрежичко, Орле, Петалино, Пештани, Полчиште, Равња, Рапеш, Ржаново, Рожден, Страгово, Чаниште и Чемерско... претставник на предлагачот не е присутен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, ве слушам, не може да слуша додека вие шетате, тој не може да седи, вие земате материјали, малку нека се одмори човекот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас немам против господинот Гештаковски да ја напушта салата, но сепак...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Министерот ве слуша, повелете, а тие кои немаат трпение еве им го Клубот нека се одморат, а јас ќе ги викнам за гласање.

Повелете господине Трендафилов или сте готови.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Целата лепеза ... ќе им дозволам на колегите да излезат, а јас ќе продолжам во една порелаксирана атмосфера.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, не, имаше уште полоши ситуации.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во ред, продолжувам. Цела лепеза од имиња што ги прочитав, некој да не слуша од надвор ќе помисли дека станува збор за исклучително жив регион, исклучително жив крај каде можеби станува збор за врски кои Република Македонија ја прават како една голема соораќајница каде не постои населено место меѓу кои Витолиште, Бешиште, Бојанчиште, Бохула итн. кои се поврзани и имаат адекватен систем на економско живеење, но, за жал, како што пред малку реков тоа не е така.

Меѓу другото и на досегашниот индолентен однос би требало, без оглед на тоа дали станува збор за десетина имиња, со население од стотина луѓе, сепак, да дадеме некаква можност за ревитализација, таа ако е осудена на пропаст и ако не постојат пред се демографски услови да заживее таа без оглед дали ние сакаме или не сакаме со текот на времето самиот принцип на реалностда се спротивстави реалноста, ние ќе мораме да

ја прифатиме. Но би требало барем како луѓе да создадеме услови за поттикнување на таквиот регион меѓу кои и на мариовскиот регион и оттука, јас затоа ова го зборувам, затоа што во целост се согласувам со предлагачот на амандамнот за Витолиште. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, процедурално повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, во повеќе наврати зборувате и за интерес на јавноста, морам да реагирам процедурално. Значи повикувате цело време господинот Блаже Стојановски да го повлече амандманот.

Јас само сакам да укажам дека предлагачи на амандамнот се: Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски. Бидејќи амандманот е групен со 4 пратеници, неможе еден пратеник да го повлече амандамнот, доколку ние четворицата не се договориме.

Во името на пратеничката група барам половина час пауза четворицата предлагачи на амандманот да се договориме како понатаму ќе настапиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза не давам, не значи дека господинот Блаже Стојановски ако го замоли господинот Блаже Стојановски да си го одржи зборот, ќе го повлече. Да каже јас ме молите, го повлекувам, другите прашајте ги. Вие не го повлекувате и затоа го дискутирате амандманот.

Повелете господине Стојановски процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, мислам дека вие прекршивте ноторно правило, кое што се почитуваше во овој Парламент, а тоа е за оној што не е присутен да не се спомнува по име.

Јас во моментот на вашето повикување не бев присутен во оваа сала и затоа сметам дека тоа е првата работа, која што треба да ја укажам.

Втората работа која што сакам да ја укажам, тоа е несериозниот однос на парламентарното мнозинство во поглед на собирањето на кворумот денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е процедурално. Јас ќе ви објаснам зошто ве повикав. Вие се сеќавате на почетокот од мојот мандат еден од вашите лидери спомнуваше имиња кој не беа тука. Јас тогаш реков немојте да спомнувате имиња. Ми беше одеговорено тој е пратеник а што не е тука, тоа е веќе друго прашање. Но тој е пратненик и треба да биде тука. Затоа по таа ваша констатација, јас го користам ова право и нема тука што деловнички. Јас давам 15 минути пауза да се договорите за амандманите.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Господине Караџоски вие имате процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, значи паузата ја искористивме во насока на тоа што кажавте да се искоординираме во смисла на амандманот кој што сега го правиме и оние другите каде што сме ние 4 предлагачи на амандманите.

Јас морам да кажам почитуван претседателе, дека ние тројцата пратеници, односно предлагачи се согласивме иако едниот не е тука, така да ако постои деловничка можност, а јас мислам дека не постои деловничка можност, мора четворицата да се согласиме, така да наша драга волја беше, меѓутоа, ние сме само тртојца четвртиот не е тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас мислам дека и четвртиот би се согласил, бидејќи тој дискутираше. Господине Стојановски Блаже вие не ли сте еден од тие четворица. Ќе го повлечете амандманот или?

Повелете имате процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, со оглед на фактот дека согласно деловникот не спречува тројца од четворицата предлагачи да го повлечеме амандманот и тој мора или да се стави на гласање или да продолжи дискусијата по него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој бара збор?

Повелете господине Стојановски, да ве потсетам само на вашиот збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се согласив и ви кажав и сакам да го искажам мојот став кон овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Јас ве разбирам, ако вие сте се согласиле, зошто барате збор.

Јас сега прашав кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклулучувам претресот по амандманот.

Јас ве прашам дали барате процедурално или збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Збор барав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не го повлекувате амандманот?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе за да се повлече овој амандман, треба согласност од сите предлагачи. Бидејќи нема согласност од сите предлачи а од нас имате, бидејќи неможам да кажам за четвтиот бидејќи не беше тука. Согласно деловникот и да сакаме неможеме да го повлечеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа ни е јасно и јас прашувам кој бара збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сакам да го кажам мојот став по однос на овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука е нелогичноста. Вие го повлекувате, а сакате да зборувате. Тоа е нелогичноста. Значи вие не го повлекувате како Блаже Стојановски.

Повлете имате збор.

БЛАЖ Е СТОЈАНОВСКИ:

Значи се работи за следното. Овој амандман се однесува на тоа во членот 12, после точката 11 да се додаде нова точка 11-в во која што досегашните населени места од општин Витолиште, како и досегашните населени места од општина Конопиште и досегашните населени места од општина Старавина да се спојат во една општина, која што би го опфаќала целиот регион Мариово. Се надевам дека без дофрлање можам да кажам нешто конкретно, меѓутоа не сакам да ги читам тие ги знаат, прочитани им се и мислам дека ќе имаат трпение да ме ислушаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, и без дофрлања.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи главната поента која што ја кажа Владата по однос на овој закон беше окрупнување на постојните општини. Тоа го видовме на многу примери. Го видовме на примерот на Струга  и на примерот со преодното решение на Кичево и така натаму. Интенцијата да се окрупнат рурални со урбани општини, а пред се, меѓу себе селкси општини претставува мотивот за поднесување на овој амандман.

Бидејќи во дискусијата по претходниот амандман за опстојување на општина Мариово со седиште во Витолиште беа елаборирани причините порадинкои што ќе се поднесува овој амандман и се бара формирање на нова општина каде што, во чиј состав ќе бидат досегашните три општини, Конопиште, Витолиште и Старавина, сметам дека нема потреба детално да објаснувам кои се причините за барањето кое што беше елаборирано во однос на овој амандман.

Меѓутоа, имајќи предвид дека со тој амандман ние неможевме да дискутираме за овој амандман, затоа што тој е друг амандман, тргнувајќи од деловничките причини и од начинот на кој што беа формулирани амандманите, јас сметам   дека единствен начин накој што може да се реши ова прашање е овој амандман, бидејќи како што кажавте и вие неможеме да го повлечеме, а од друга страна Владата се изјасни дека не го прифаќа, што значи дека и парламентарното мнозинство не го прифаќа

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже Стојановски  морам да ве прекинам. Јас точно кажав дека неможеме да го повлечеме заради тоа немате согласност од еден поднесувач кој не е присутен. Но бидејќи вие рековте дека се согласувате, тоа јас подразбирам дека и нема дискусија од ваша страна.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ова не е дискусија, ова е објаснување за мотивите за поднесување на овој амандман. Господине претседателе, мислам дека нема да ме прекинувате да можам да се искажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате минута да дообјасните, да бидете коегзистентни со вашето повлекување.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ако ме слушавте внимателно јас кажав дека за претходниот амандман ги кажав мотивите и причините зошто треба да се формираат овие општини. Бидејќи со овој амандман кој што сега го поднесувавме, не се согласи Владата, немаме деловничка можност да го повлечеме, а бидејќи не се соглассува Владата и досега тоа по инерција значи дека не се согласува и парламентарното мнозинство, кое што овде претставува само гласачка машина, сакам да кажам дека опстојувањето на принципот за окрупнување на општините спојувањето меѓусебо на рурални општини, спецификите, кои што ги има регионот Мариово, односно кој што ги имаат сите населени места кои се наведени во овој амандман..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Господине Стојановски вие водите дискусија. Ако водите дискусија, водите по амандманот, а тоа е против вашата изјава дека го повлекувате. И да констатираме пред јавноста дека вие не сте се договориле да го повлечете амандманот. Затоа што господинот Караџоски рече дека сте се договориле сите да се повлече. Со ова заклучувам дека не се повлекува. Сакаме вистината да ја знаеме дека амандманот не е повлечен.

Повелете господине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Со оглед на фактот дека тројца од четворицата предлагачи се согласивме овој амандман да не се гласа, заради фактот дека и да се гласа, резултатот е познат уште од сега, сметам дека понатамошното елаборирање и аргументирање зошто треба да постои општина Мариово, составена од Конопиште, Витолиште и Старавина, навистина е бесмислено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Гешовски.

БЛАГОЈА ГЕШОВСКИ:

Благодарам претседателе, навистина колега Стојановски јас неможам да ги разберам вашите предлози, вашите амандмани кои ги предлагате, се обидувате да ги одбраните овдека пред нас. Некогаш се повикувате на референдумите, кои што ги имале граѓаните во општините кои се спроведоа во минатиот период меѓутоа, навистина претходниот амандман каде што се предлага општина Витолиште да остане во постојните граници, како што е сега, можам да го разберам значи таква беше волјата на граѓаните на нивното изјаснување на референдумот.

Меѓутоа, не можам никако да разберам како сте дошле до сознание дека жителите на општините Конопиште и Старавина сакаат да живеат во една општина, во општина Витолиште, дали е тоа волјата на тие граѓани. Ме интересира да ми објасните каква е комуникацијата со Старавина и Конопиште и дали постои пат по кој што граѓаните можат да дојдат од Конопиште и Старавина во Витолиште. Исто така, би сакал од сите овие аргументи кои ги наведувате да кажете колку е буџетот на секоја од овие општини поединечно и колку тој буџет досега се трошел како личен доход и комунални трошоци во општините кои што досега постоеја и опстојуваа.

А околу вашето ветување дека ќе го повлечете овој амандман, многу ме потсетува на една анегдота од минатото. Вели тој не се согласува со сопственото мислење, меѓутоа, ние сме сведоци дека вие не се согласувате со сопствените ставови, ги менувате од минута во минута. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повлете господине Стојановски, имате една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Аргументот на поврзаноста на Конопиште, Витолиште и Старавина, е истиот оној аргумент кој што го има Владата за поврзаноста на Бач со Новаци, исто така поврзаноста на Зелениково со соседната општина, за Центар Жупа и така натаму, каде што имате цели езера помеѓу двата дела од таа општина, а тие се ставаат во иста општина.

Од друга страна, почитувањето на референдумите значи да ги почитувате вие и Владата. Вие не ги почитувате и затоа не прифативте да опстојат самостојно и општината Конопиште и општината Витолиште и општината Старавина.

Од тие причини е поднесен овој амандман, со кој што бараме село Мариово да биде една општина. Ако ги прифатевте претходните амандмани, ова немаше да се случи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трандарилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Кога се јавив првиот пат и кога ги читав селата кои се предлагаат да бидат дел од или во состав на општина Витолиште, тогаш колега се потсетив како да читаме некоролог, јас и нешто спомнав дека голема борба не следи една дузина од населени места ги читаме кој за овие 20-25 години беа запоставени и заборавени од секаков облик на помош, инвестиции, грижа, ако не некоја посериозна грижа од инвестиции во тој регион, барем една човечка грижа да се интересираме што се случува во тој регион. Тоа е како што кажа и господинот Стојановски еден од основните мотиви, зошто е поднесен овој амандман. Очигледно владиното мнозинство овде во Собранието има проблем да ги разбере тие причини и ќе мораме ние изгледа малку посериозно и малку подолго да се занимаваме со целите кои треба да бидат постигнати со овој амандман, а тие се барем што се однесува за овој амандман и за општината Витолиште и Мариово како регион, усогласување на обемот и начинот на користењето на земјоделското земјиште со природните услови и ограничувања и можна пренамена на дел од земјоделското земјиште во шумско, односно пошумување на дел од рамничарските површини со ниска катастарска класа. Грижата, бидејќи се напомнати и во просторниот план неколку региони каде што постои можност да се одгледува еколоки исправна храна, без оглед дали

нејзиното потекло е од животинско или растително, особено досегашниот незаинтересиран однос на органите на власта во Република Македонија како што е Мариово, ако досега претставувал хендикеп, можеме да се обидеме да го искористиме и овој регион да претставува, барем во некоја догледна линија предност за мариовскиот регион. Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели, особено во градското опкружување. Ние имаме неколку такви примери, каде што се обидуваме барем оние кои досега добро се развивале..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов да бидеме коректни вие зборувате по амандманот 1 за општина Витолиште со седиште во село Витолиште. Сега вие треба да зборувате по амандманот 2 каде што се назначени имињата на сите села. За да бидеме во рамките на амандманот би можеле да ни кажете колку жители има во село Бојанчиште, зошто сега се иселуваат, колку жители има во село Клиново и тогаш сте во рамките на амандманот. Инаку, водите расправа по амандамнот кој што е завршен.

Повелете понатаму.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јорадановски, вие сте навистина во право, јас сум трогнат од вашата грижа и навистина вашата забелешка е на место што можеби јас не сум во состојба да ви ги кажам домашните адреси на овие жители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Таков е амандманот, не е мој проблем.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Едно можам да ви кажам господине Јордановски, дека во понатамошниот тек на амандмани на кои сум јас потсетник, бидете сигурен дека и телефонски броеви ќе ви ги прочитам по улиците таму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За општината Витолиште генерално дискутиравме.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

На пример селата Бешиште, Бојанчиште, Бохула, Брник, Будимирци, Бунарче, Лепрчани, Витолиште, исто така како и Вопско, Горна Бошава, Градешница и Груништа немаат апсолутно никаква причина како населени места од регионот кој секако демографската структура и бројот на жителите апсолутно не им оди во прилог, ниту им одело во последните 15 години, да бидат пречка како што спомнав и тој хендикеп кој досега сме го констатирале дека регионот на цело Мариово е запоставен, да стане предност за општина Витолиште и за селата за кои велиме дека треба да бидат дел од општина Витолиште, затоа што на пример развојот на сточарството, доколку се инвестира со една издржана политика, пред се од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во конктекст на еден друг регион, мислам дека зборував дека не сум  запознат како таа се одрази токму на селата Бешиште, Бујанчиште, Бохула, Брник, Будимирци, Бунарче, Лепрчани и Витолиште.

Да се запрашаме на пример каков е нашиот однос. Акцијата на Министерството за земјоделство во соработка со Министерството за труд и социјална политика, сите бевме сведоци на насловните страници на весниците или ударните прилози на телевизиските дневници, на пример, ги гледавме селата од Овчеполската рамнина, па како двајцата министри му честитаат и му велат на граѓанинот - а сега одете си гордо, но не се сеќавам дека видовме било што да се прави во Бешиште,  Бојаниште, Бокула, Брник, Будимирци, Бунарџи и др. Во право е нашиот колега, исто член на Парламентот кој велил кога ги читаме овие имиња, кога читаме 20, 25 населени места кои егзистираат, за жал,повеќето од нив како населени места, како да се шетаме скраја да е по гробишта и читаме надгробни споменици на луѓе кои живеле пред стотици години. Можете да сфатите што сакате и како сакате, но ние навистина не можеме да покажеме со прст дека овој или тој е виновен, но покажува еден однос како Република Македонија во изминатиов период занемарувало одредени региони и како Република Македонија со оваа територијална поделба занемарува повторно исти региони или поттикнува одредени региони и понатаму да бидсат жртва на иселување или на изумирање, како што зборувавме во реплината со министерот Гештаковски вои поглед на населението во веќе непостоечката општина

Извор, во Богомила и во многу други, особено и во Самоков, ние би требало да се обидеме.

ЉУПЧО ЈРОДАНОВСКИ:

Вратете се на амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас не тврдам дека ова што го кажуваме во поглед на амандманот за Витолиште е апсолутната вистина и единствената исправна вистина, но би требало барем да се почувствува некој поттик дека правиме нешто како држава и се грижиме колку што се нашите реални услови, значи колку сме моќни какодржава да си ги браниме и штитиме подрачјата и да се обидеме нешто да направиме. За жал, ние се однесуваме малку поинаку, половина од работите што ги кажуваме на добар дел од пратениците од Владиното мнозинство им се смешни, некои се прашуваат во чии интереси се расправаме, а навистина веќе после пет дена ќе се запрашаме сите ние зошто воопшто седиме овде, ако се однесуваме вака како што досега се однесуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не сум завршил г-дине Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи веќе не зборувате за амандманот јас мислам дека завршивте.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во ред. Само можам да констатирам дека единствениот начин на граѓаните е да излезат и да го дадат потписот за референдумот, за 150 илјади потписи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

(Реакции од пратеници)

Процедурално, повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине претседателе, ова е најгрубо кршење на Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прашајте го г-динот Рахиќ дали сака збор? Еве,не сака.

Сакате реплика г-дине Рахиќ?

Бидејќи не сака, го заклучувам претресот, а вие не се секирајте за тоа.

Го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да влезете внатре пред да ве повикам на гласање.

Процедурално, повелете г-дине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, бидејќи ниеден од предлагачките нема тука во салата, и од загрижените за ова окрупнување на општините, Ве молам да ја прекинете расправата и да продолжиме понатаму кога вие ќе кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе причекам пет минути да се собере кворум, и ако нема кворум тогаш ќе ја прекинам седницата.

Ние треба да гласаме. Ако нема кворум ќе ја прекинам седницата. Ние можеме да гласаме и без предлагачите. Тие се предлагачи на амандманот, го објаснија и си излегоа.

Аконемаме кворум, ја прекинувам седницата. Дополнително ќе бидете известени за продолжението на оваа седница.

(Седницата прекина во 22,20 часот. )